**УНИВЕРЗИТЕТ„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“- СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА**

# ПЕДАГОГОТ И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

**-докторска дисертација-**

14969
24.11. 15

**Ментор:**

**Проф. д-р Вера Стојановска**

**Кандидат:**

**м-р Габриела Дурчевска-Георгиева**

**Скопје, 2015 година**

ИНСТ[illegible]ГИЈА

## *Твојот вистински учител*

*Оној кој те инспирира*

*е твојот вистински Учител.*

*Оној кој те сака*

*е твојот вистински Учител.*

*Оној кој го забрзува твоето растење*

*е твојот вистински Учител.*

*Оној кој те усовршува*

*е твојот вистински Учител.*

*Оној кој те смета за скапоценост*

*е твојот вистински Учител.*

***Шри Чинмој***

# СОДРЖИНА

# СОДРЖИНА

**Вовед**..........10

**I Теоретска рамка на истражувањето** ..........14

**1.** Системот на предучилишно воспитание и образование во Република Македонија..........15

**2** . Предизвици и стратегии на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија..........19

**3.** Развојниот пат на стручниот работник-педагог во детските градинки во Република Македонија..........28

**3.1.** Законски документи кои се однесуваат на развојот на стручната служба во детските градинки во Република Македонија..........32

**4.** Современи принципи во конципирањето на темелните правци за унапредување на воспитно-образовната работата во градинката ..........40

**5.** Улогата на педагогот во унапредувањето на воспитно-образовната работа во градинката..........42

**6.** Подрачја на работа на педагогот предвидени со основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст..........47

**6.1.** Учество во програмирањето и планирањето на воспитно-образовната работа во предучилишната организација ..........47

**6.2.** Следење на реализацијата на планот и програмата за воспитно-образовната работа со децата во различни облици на опфатот ..........49

**6.3.** Педагошко-инструктивна работа и соработка со воспитувачите и педагошко медицинските сестри со цел да се унапредува воспитно-образовната работа .......... 50

**6.4.** Воведување на современата технологија, иновирање и модернизација на воспитно-образовната работа..........51

**6.5.** Следење на развојот и непосредната работа со децата ..........52

**6.6.** Соработка и советодавна работа со родителите .......... 53

**6.7.** Аналитичко-истражувачка работа ....................54

**6.8.** Учество во работата на стручните органи и стручното усовршување на воспитните кадри ....................54

**6.9.** Соработка со стручните институции и општествената средина....................55

**6.10.** Индивидуално стручно усовршување....................56

**6.11.** Подготовка и водење на документацијата за работа....................56

**6.12.** Задачи на стручниот работник –педагог во градинката....................57

**6.13.** Планирање и програмирање на работата на педагогот во градинката ....................62

**6.14.**Фази на работата на педагогот во градинката: цикличен процес на планирање, следење, анализирање и унапредување ....................63

**7.** Соработката на педагогот во рамките на градинката и пошироко ....................67

**7.1.** Соработката на педагогот во градинката....................69

**7.1.1.**Соработката на педагогот со воспитувачите и негувателите....................69

**7.1.2.**Соработката на педагогот со директорот на градинката....................71

**7.1.3.** Соработката на педагогот со другите стручни работници и соработници во градинката....................71

**7.1.4.**Соработката на педагогот со децата во градинката ....................72

**7.2.** Соработката на педагогот со пошироката општествена средина....................73

**7.2.1.** Соработката на педагогот со родителите на децата....................73

**7.2.2.** Соработка со институции поврзани со организацијата, развојот и евалуацијата на воспитно-образовниот систем на локално и државно ниво ....................75

**7.2.3.** Соработка на педагогот со стручни институции....................77

**7.2.4.** Соработка на педагогот со институции, организации, здруженија, друштва, фирми за реализација на одделни цели и содржини од воспитно-образовниот процес ....................77

**8.**Клучни компетенции за работа на педагогот во градинката....................79

**9.** Програма за професионален развој на педагогот во градинката ....................83

**9.1.** Иницијалното образование, стекнување, развој и професионалното усовршување на педагогот во градинката ....83

**9.2.** Професионално усовршување ....85

**9.3.** Доживотно учење и професионален развој на стручниот работник-педагог во градинката ....86

**10.** Клучни подрачја за интервенции во професионалниот развој на педагогот во градинката....87

**10.1.** Општи и стручни компетенции на педагогот во градинката ....87

**10.2.** Начини на напредување на педагогот ....90

**11**. Воведување на ИКТ во работата на педагогот во рамките на предучилишниот систем во функција на обезбедување квалитет во воспитно-образовната работа ....94

**II Методологија на истражувањето ....96**

**1**. Предмет на истражувањето....97

**2**. Дефинариње на основните поими на предметот на истражување....100

**3.** Цел и карактер на истражувањето ....102

**4.** Задачи на истражувањето....103

**5**. Хипотези на истражување....105

**6.** Варијабли на истражувањето....107

**7.** Методи, техники и инструменти на истражување....108

**8.** Примерок на истражување....110

**9.** Обработка на податоците од истражувањето ....119

**10**. Организација и тек на истражувањето ....120

**III Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето ..............................121**

**1.** Планирање и програмирање на работата на педагогот во детската градинка ...............122

**1.1.** Анализа на документот - Годишна глобална програма и месечни оперативни програми за работата на педагогот во градинката ..............................................................125

**2.** Мислење на педагозите за подрачјата и рамковните содржини на стручната работа на педагогот во градинката ......................................................................................................133

**3.** Анализа на документот Основи на програмата за работата на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст ..................137

**4.** Ставови и мислење на педагозите во врска со условите за работа во градинка ...........143

**5.** Ставови и мислење во врска со примената на ИКТ во работата на педагогот...............150

**6.** Мислење на педагозите во врска со нивната соработка со воспитувачите, негувателите и родителите ..........................................................................................................................158

**6.1.** Инструменти кои се применуваат во функција на кооперативна активност меѓу педагогот и воспитувачите, негувателите и родителите.......................................................158

**7.** Мислење на воспитувачите и негувателите во врска со облиците на соработка реализирани од страна на педагогот за унапредување на воспитно-образовната работа.......................................................................................................................................163

**8.** Реализираните содржини на воспитувачите и негувателите во соработка со педагогот..................................................................................................................................172

**9.** Мислење на воспитувачите и негувателите во однос на потребата од соработка со педагогот во градинката.........................................................................................................180

**10.** Ставови на воспитувачите и негувателите во врска со придонесот на педагагогогот во унапредувањето на воспитно-образовната работа во градинката......................................182

**11.** Мислење на воспитувачите и негувателите во врска со работното искуство на педагогот за успешно остварување на соработката.............................................................185

**12.** Мислење на родителите од Скопје и внатрешноста на Републиката во однос на потребата и содржините на кооперативна активност со педагогот во детската градинка.188

**13.** Ставови на воспитувачите, негувателите и родителите во врска со компетентноста на педагогот во градинката во однос на стручната поддршка што ним им ја пружа.............200

**14.** Мислење на воспитувачите, негувателите и родителите во врска со причините кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат нивната кооперативна активност................................204

**15.** Ставови на педагозите за нивните знаења и практични искуства за извршување на стручната дејност во градинката стекнати во текот на базичното образование................213

**16.** Мислење на педагозите во врска со потребата за нивно перманентно стручно усовршување..........................................................................................................................217

**IV Заклучни согледувања и препораки.......................................................................222**

**1.** Заклучни согледувања.............................................................................................222

**2.** Препораки и сугестии за имплементација на резултатите од истражувањето...............230

**V Користена литература.................................................................................................233**

**VI Прилози....................................................................................................................245**

**Прилог бр.1:**Анкетен лист за стручен работник педагог..................................................246

**Прилог бр.2:**Анкетен лист за воспитувач.........................................................................264

**Прилог бр.3:**Анкетен лист за негувател..........................................................................271

**Прилог бр.4:** Анкетен лист за родители..........................................................................278

**Прилог бр.5:**Предлог модел на Основи на програмата за работа на педагогот во детската градинка ......................................................................................................................285

**Прилог бр.6:** Модел на Евиденциски лист за соработка со родител/старател .................299

**Прилог бр.7:**Модел на Портфолио за професионален развој на стручниот работник-педагог........ 302

**Прилог бр.8:**Модел на евиденциски лист за следење и евалуација на воспитно-образовна активност........315

**Прилог бр.9:**Модел на евиденциски лист за самоевалуација на работата на воспитувачот........321

**Прилог бр.10:**Структура на модел на Годишна глобална програма за работата на педагогот........322

**Прилог бр.11:**Структура на модел на месечна оперативна програма за работата на педагогот........323

## Вовед

Познавањето на современата воспитно-образовна теорија и практика, има посебно значење, кога се однесува на детската градинка. Во тој сегмент не смееме да си дозволиме неуспех во воспитно-образовната работа.

Прашањето на успехот, односно неуспехот во детската градинка има општествено и педагошко значење, кое е тесно поврзано со поставеноста на предучилишното воспитание и образование и неговите карактеристики во рамките на целокупниот систем на воспитание и образование.

Предучилишното воспитание и образование е првиот потситем во рамките на целокупниот систем на воспитание и образование. Поточно, станува збор за период во кој се поставуваат основите за натамошното воспитание и образование на младата генерација, и има големо влијание врз успехот во училишното образование и во извесна мера, на подоцнежниот успех во животот.

Во таа насока најновите научни достигнувања и практични согледувања во педагогијата, потврдуваат дека, „предучилишното воспитание и образование добива подеднаков третман и значење со останатите потсистеми"[1].

На карактерот на предучилишното воспитание и образование, во крајот на XIX и почетокот на XX век, силно влијание имале брзите промени во образовната и информатичката технологија, а особено постојната акумулација на нови научни сознанија, пред сѐ во областа на педагогијата и нејзините сродни дисциплини. Како резултат на сето тоа се зачнале нови идеи и пристапи во педагошката работа со децата од предучилишна возраст, кои нужно предизвикуваат промени во воспитно-образовниот систем, и

[1] *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи*.(2006). Скопје: Министерството за образование и наука на Република Македонија, стр.70.

наметнуваат потреба од осовременување на детската градинка со тенденција кон целосно оживотворување на хуманистичкиот пристап во развојот на личноста на детето.

Современата организација на воспитно-образовниот процес во детската градинка и дејностите што ги остварува, главно, се темели на почитување на принципите и задоволување на потребите, интересите и можностите на секое дете.

Положбата и функцијата на градинката во современите услови, како и бројните задачи што произлегуваат од тоа, го актуелизираат прашањето за улогата и поставеноста на стручниот работник педагог во детската градинка.

Имајќи предвид дека кога се зборува за процесот на предучилишното воспитание и образование, зборуваме за сложен процес, во кој се вклучени бројни учесници, без чија партиципаторска улога овој процес не би можел да се замисли како актуелни стануваат прашањата:

- Како се сфаќа улогата и суштината на соработката меѓу педагогот и воспитувачот, педагогот и негувателот, педагогот и родителот, како активни учесници во воспитно-образовниот процес?
- Колку истата соработка се применува во практиката и кои содржини најчесто се предмет на соработка, меѓу педагогот во детската градинка и другите субјекти во воспитно-образовниот процес?
- Кои се причините кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат соработката на педагогот со субјектите во воспитно-образовниот процес во детската градинка?
- Кои се мислењата и ставовите на воспитувачите и негувателите од аспект на придонесот на педагогот во функција на унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка?

Понатаму, во фокусот на овој труд ќе биде и проучувањето на законските документи со кои се регулира работата на стручниот работник-педагог во детската градинка.

Консултирајќи многу литература по ова прашање, дојдовме до сознание дека работата на стручниот работник-педагог во детската градинка е во непосредна зависност од *„Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст"*. Програмски документ донесен во 1989 година од Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието.

Од друга страна, пак, нашите искуствени и практични сознанија говорат дека со овој документ, не се јасно утврдени програмските подрачја на работата на стручниот работник-педагог во детската градинка, а содржините кои се опфатени во овие подрачја не соодветствуваат со современите барања на педагошката теорија и практика. Сметаме дека нашето истражување на овој проблем ќе ја отслика реалната ситуација во воспитно-образовната практика од аспект на работата на стручниот работник-педагог во детската градинка и ќе даде можни одговори во која насока во иднина треба да се развиваат програмските основи и стратегии за работата на педагогот во функција на унапредување на воспитно-образовната практика.

За успешно да одговориме на овие прашања, во оваа истражување користевме повеќе истражувачки техники.

Техниката на анализа на педагошка документиција ја користевме со цел, да ја проучиме релевантната педагошка литература, законските одредби и основите на програмата за работа на стручниот работник-педагог, како и годишната програма за работа на самата градинка, вклучувајќи ја и програмата за работа на стручниот работник-педагог во детската градинка.

Емпириски, пак, најчесто, со користење на техниката на анкетирање се обидовме да добиеме податоци за соработката на стручниот работник-педагог со субјектите во воспитно-образовниот процес во детската градинка, од аспект на потребата којашто ја имаат за соработка со педагогот во детската градинка и најчесто употребуваните форми на таа соработка.

Целта на ова докторската дисертација „Педагогот и унапредувањето на воспитно-образовната работа во детската градинка" е да го пронајде вистинското место и значење на стручниот работник-педагог во детската градинка, да одговори на прашањето како се планира и реализира работата на педагогот во детската градинка, кои слабости ги има таа, и да даде препораки, какви измени е потребно да се направат за да се подобри нејзиниот квалитет, во функција на унапредување на воспитно-образовниот процес во детската градинка.

# Прв дел

# Теоретска рамка на истражувањето

# 1.СИСТЕМОТ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Историска основа***

Предучилишното воспитание и образование во Република Македонија има своја скромна традиција. Првите организирани форми се појавиле во втората половина на XIX век, но сè до ослободувањето на Македонија (1945година.) тие не биле доволно развиени и работеле во несоодветни услови.

Во периодот помеѓу двете светски војни, забавиштата биле единствена организирана форма на предучилишно воспитание и образование во Република Македонија, во кои биле вклучени децата во годината пред поаѓање на училиште. „Во учебната 1939/40 година во Македонија биле опфатени само 1611 деца, и тоа во 31 забавишни групи, лоцирани главно, во поголемите градови, во состав на основните училишта“.[2]

По ослободувањето на Македонија 1945 година,постепено се прават услови за развој на предучилишното воспитание и образование. Тоа станува составен дел на глобалниот воспитно-образовен систем, со статус на незадолжително воспитание и образование. Главна карактеристика на овој почетен развој е тоа што детските градинки се третирале како социјални установи и биле наменети само за деца чии родители биле вработени. За разлика од нив забавиштата имале статус на установи за предучилишно воспитание на деца, чија основна задача била социјализација на децата и нивна подготовка за на училиште.„Во нив пристапот бил доброволен и слободен за сите деца што имале желба да ги посетуваат“.[3]

Значи, во тој период, бележиме двојство во одредувањето на статусот на предучилишните установи, кој ќе се задржи сè до крајот на шеесетите години, што на своевиден начин ќе се одрази и врз нивниот развиток.

---

[2] Камберски, К. (1994). *Од буквар до универзитет.* Скопје:Просветно Дело, стр.132

[3] Институт за педагогија. (2000). *Предучилишното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи).* Скопје: Филозофски факултет,стр.11

Значаен придонес во ширењето на мрежата и ширењето на интересот за предучилишни установи до педесеттите години имаат и сезонските детски градинки. Меѓутоа, со менувањето на начинот на финансирање (од буџетско финансирање во самофинансирање), значително опаѓа интересот за нив а со тоа и опфатот на децата.

Во април 1950 година, од страна на министерот за народна просвета е донесен првиот позначаен нормативен акт во областа на предучилишното воспитание и образование со наслов „*Правилник за организација и работа на детските градинки,* и истиот останува на сила сè до донесување на првиот Закон за предучилишно воспитание и образование. Детските градинки го задржуваат социјалниот карактер (во нив можат да се примаат само деца на мајки што одат на работа) и истите се дефинираат како„установи за воспитување и одгледување на здрави деца од полни три години до поаѓање во училиште".[4]

Со истиот правилник, „се санкционирани неколку принципи на воспитно-образовна работа:

- Воспитната работа во детските градинки се изведува на мајчин јазик;
- Таа се спроведува преку воспитни групи;
- Секоја воспитна група треба да има по двајца воспитувачи со соодветна стручна подготовка;
- Треба да се води сметка за индивидуалниот развиток на секое дете и според неговите способности да се вклучува во соодветна воспитна група. Реформата во училиштата, во 1958 година, ќе го означат почетокот на квалитативно нова фаза во развојот на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија"[5].

Во 1959 година е донесен првиот *Закон за установите за предучилишно воспитание*. Со неговото донесување се бележи поинтензивен развој на предучилишното воспитание и

[4] Исто,стр.12
[5] Исто,стр.12

образование, при што податоците говорат дека во „1960 година работеле 45 предучилишни установи со 4179 деца".[6]

Во 1968 година, за значењето на предучилишниот период во понатамошниот развој на детската личност, се зборува и во Социјалистичка Република Македонија. Сето тоа отвора нови перспективи во развојот и ширењето на мрежата на предучилишни установи.

Со Законот за воспитание и образование на децата од предучилишна возраст во 1974 година, предучилишното воспитание и образование во Република Македонија доживува суштински промени, всушност станува составен дел од глобалниот воспитно-образовен систем, се менува третманот на јаслените групи (воспитанието на децата до 2-годишна возраст влегува во состав на предучилишните установи).

Со овој Закон за прв пат во Република Македонија се регулира и воспитанието и образованието на децата од предучилишна возраст со пречки во развојот.

Предучилишното воспитание и образование бележи нови процеси и промени во осумдесеттите години. Од почетокот на осумдесеттите години постојат два посебни закона со кои се регулира предучилишното воспитание и образование: *Законот за општествена заштита на децата(1981)*, и *Законот за предучилишно и основно образование (1983).* Посебно значење му се придава на проблемот на ширење на мрежата и зголемување на опфатот на децата, како и на проблемот на оспособување на стручни кадри.

Во почетокот на деведесеттите години под влијание на општествено-политичките и економските промени, доаѓа до промени и на одредени законски документи, што на крајот ќе резултира со промена на статусот на предучилишните установи, и тие повторно се враќаат во надлежност на Министерството за труд и социјална политика.

Во ноември 2000 година, ќе биде донесен нов Закон за заштита на децата. Во рамките на потсистемот на предучилишното воспитание и образование настануваат нови значајни

[6] Институт за педагогија. (2000). *Предучилишното воспитание и образование во Република Македонија(развој, состојби и перспективи.* Скопје: Филозофски факултет, стр.13

промени со покренување на иницијативата од 2006 година, за почеток на воведување на задолжително деветгодишно образование во Република Македонија.

Со оваа иницијатива, според Концепцијата за деветгодишното воспитание и образование и „измените на Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија", бр.63/2004 год.) предвидувајќи задолжителен опфат на децата од шестгодишна возраст"[7], детските градинки ќе ја изгубат популацијата на деца на возраст од 6 до 7 години. Така „во основните училишта се запишуваат деца што ќе наполнат 6 години до крајот на календарската година, кога се запишуваат во училиштето".[8]

Последниот Закон за заштита на децата е донесен во февруари 2013 година. Градинката и понатаму го задржува статусот на незадолжителна воспитно-образовна установа, чија дејност е згрижување и воспитување на деца до 6-годишна возраст.

[7] *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи*.(2006). Скопје: Министерството за образование и наука на Република Македонија, стр.75.

[8] *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование* (2007). Скопје: Биро за развој на образованието, стр.77

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ И СТРАТЕГИИ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Општествените промени, постојните научни достигнувања, акумулираните знаења од областа на педагошко-психолошката служба и теоријата за развојот на мозокот, од една страна, како и тенденцијата на Република Македонија за активно учество во глобалните интеракциски процеси, од друга страна, неминовно ја наметнува потребата од „преземање одговорност за остварување на глобалните политики во сферата на образованието“.[9] Во рамките на глобалниот воспитно-образовен систем, последните години во голем број земји во светот, предучилишното воспитание и образование е издигнато на ниво на национален приоритет.

Во постојаните стремежи на Република Македонија успешно да одговори на современите предизвици Министерството за образование и наука во 2004 година, ја креира „Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи“. Со овој стратешки документ е опфатен развојот на сите образовни потсистеми, но и стратегии кои, главно, се однесуваат на: професионалниот развој на кадарот, Програма за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието, Програма за развој на институционалната поддршка на реформите на образованието, Програма за развој на ИКТ во образованието и Програмата за образованието на возрасните во Република Македонија во контекстот на доживотно учење.

Во понатамошниот дел од овој труд, нашиот предмет на интерес ќе биде насочен кон разгледувањето на позначајните аспекти од Програмата за развој на предучилишното воспитание и образование, како составен дел од Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година, кои имаат тенденција да го

---

[9] *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи* (2006). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр.7

осовременат првиот и најзначаен потсистем во рамките на глобалниот воспитно-образовен сиситем во Република Македонија.

Основна дејност на подсистемот за предучилишно воспитание и образование во Република Македонија е воспитание и образование на децата од 8 месеци до поаѓање во училиште. Мисијата на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија во овој стратешки документ е насочена кон:-„еднаков приод и максимална опфатеност на децата од предучилишна возраст со најразлични форми и програми, дизајнирани според современите трендови и најновите научни сознанија од областа на детскиот развој".[10]

Основните цели на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија кои произлегуваат од Националната програма за развој на образованието во Република Македонија, со тенденција за доближување до земјите од Европската унија, главно, се однесуваат на:

- „Максимално подобрување и приближување на квалитетот на предучилишното воспитание;
- Зголемен опфат на децата од предучилишна возраст со акцент на децата од 3 до 6 години;
- Зголемување на квалитетот на иницијалната обука на воспитувачите и стручните соработници;
- Подобрување на целокупната опременост на градинките (мебел, дидактички средства, технички средства и сл.);
- Отворање на градинките кон семејствата и локалната заедница;
- Вклучување на децата со посебни образовни потреби;
- Воспоставување на систем за постојано професионално усовршување на кадарот, и;

[10] *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи* (2006). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр.69

- Лиценцирање и сертифирање и на воспитно-образовната установа и на воспитно-образовниот кадар".[11]

Како резултат на направените бројни експертски анализи, кои се однесуваат на современите трендови во предучилишното воспитание и образование во земјите во светот, како и врз основа на направените процени за моменталната состојба на предучилишното воспитание и образование во нашата земја, согледана е потребата од зголемување на опфатот на децата во годината пред поаѓање во училиште.

Податоците зборуваат дека „во Македонија во 2004 година, со предучилишното воспитание беа опфатени вкупно 36 177 деца до 7 години, или 20 517 во предучилишните организации и 15 660 деца во забавиштата при основните училишта. Тоа претставува околу 20,43% од вкупниот број на деца, 177 050 на возраст до 6 години.

Опфатот на децата во годината пред поаѓање на училиште во 2004 година изнесуваше 82,23%. Во најголемиот број европски земји опфатот на децата во годината пред поаѓање на училиште изнесувал 99,9-100%"[12].

Табела број: 1.Број на деца и групи опфатени со дејноста на предучилишното воспитание во 2004/2005". [13]

| **Опфат на деца** | **Број на групи** | **Број на деца** |
|---|---|---|
| **Јасли** | 282 | 2707 |
| **Градинки** | 729 | 14 564 |
| **Забавишта при градинки** | 167 | 3 246 |
| **Забавишта при ОУ** | 847 | 15 660 |
| **Вкупно** | 2023 | 36 177 |

[11] *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи* (2006). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр.76

[12] Исто, стр.74

[13] Исто, стр.74

Во согласност со заложбите на Република Македонија за зголемување на опфатот на децата во годината пред поаѓање на училиште, во 2004 година, направени се измени во „Законот за заштита на децата“ и „Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“, бр.63/2004 год.) каде е предвидено, во основните училишта воведување на подготвителна година, со задолжителен опфат на децата од 6_ годишна возраст. Ваквите законски измени, како и тенденциите за зголемување на времетраењето на задолжителното осумгодишно образование, за една година повеќе, ќе донесат нови промени во структурата на основното образование. Така сега ќе се воспостави задолжително деветгодишно основно воспитание и образование, што, секако, директно ќе влијае и врз реорганизирањето на воспитно-образовната работа во градинката, во чии рамки повеќе нема да бидат опфатени децата од подготвителната година. Така дејноста на предучилишното воспитание и образование ќе биде насочена кон згрижување и воспитување на децата од 0 месеци до 6 години.

Во настојувањето на државата, да го продолжи трендот на зголемувањето на опфатот на децата во градинките, во 2013 година го донесува новиот Закон за заштита на децата, каде стои: „Дејноста која се врши во рамките на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст може да се остварува и во центар за ран детски развој. Центарот за ран детски развој спроведува програма за рано учење и развој на деца од предучилишна возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основно училиште“[14]. Оваа законска можност за отворање на центри за ран детски развој, ќе вроди со плод и директно ќе влијае врз зголемувањето на опфатот на децата во рамките на системот за згрижување и воспитување на децата од предучилиша возраст. Потврда за тоа се најновите бројки за опфатени деца со дејноста на предучилишно воспитание во центрите за ран детски развој, кои последнава година имаат значаен придонес кон зголемување на опфатот на децата со посебен акцент на опфатот на децата од 3 до 6 години.

[14] *Закон за заштита на децата*.(2013). Скопје: Службен весник на Република Македонија, бр.23.

Табела број.2: Број на деца запишани во градинките во Република Македонија состојба 30.09.2013 год.

| Ред бр | Општина | Детска градинка | До 2 год. | Од 2 год. до поаѓање во основно училиште | Од 12 месеци до поаѓање во основно училиште | Комбинирани групи | Вкупно 2+3+4+5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Берово | „23 Август“ | 58 | 176 | 88 | 0 | **322** |
| 2 | Пехчево | „7 Септември“ | | 95 | | 0 | **95** |
| 3 | Битола | „Е.О.Мара“ | 66 | 530 | 41 | 0 | **637** |
| | | Мајски цвет | 42 | 560 | 0 | 0 | **602** |
| 4 | М.Брод | „7_ Септември“ | 8 | 82 | 0 | 0 | **90** |
| 5 | Валандово | „Калинка“ | 32 | 158 | 0 | 0 | **190** |
| 6 | Виница | „Гоце Делчев“ | 39 | 229 | 0 | 12 | **280** |
| 7 | Гевгелија | „Детска радост“ | 50 | 463 | 133 | 0 | **646** |
| 8 | Богданци | „Коста П.Р._ Делчев“ | 7 | 116 | 0 | 70 | **193** |
| 9 | Гостивар | „Детска радост“ | 36 | 387 | 0 | 25 | **448** |
| 10 | Дебар | „Брешија“ | 16 | 170 | 0 | 23 | **209** |
| 11 | Делчево | „Весели цветови“ | 24 | 188 | 47 | 0 | **259** |
| 12 | М.Каменица | „Бамби“ | 10 | 119 | 0 | 0 | **129** |
| 13 | Демир Хисар | „2_ Септември“ | 10 | 61 | 0 | 0 | **71** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | Кратово | „Царка Андреева“ | 20 | 108 | 0 | 0 | **128** |
| 18 | К. Паланка | „Детелинка“ | 27 | 108 | 29 | 144 | **308** |
| 19 | Крушево | „Гонца Туфа“ | 6 | 60 | 0 | 0 | **66** |
| 20 | Куманово | „Ангел Шајче“ | 246 | 1078 | | 14 | **1338** |
| 21 | Неготино | „Фемо Кулаков“ | 28 | 311 | 0 | 49 | **388** |
| 22 | Охрид | „Јасна Ристеска“ | 83 | 20 | 679 | 0 | **782** |
| 23 | Прилеп | „Наша иднина“ | 67 | 743 | 0 | 0 | **810** |
| 24 | Пробиштип | „Гоце Делчев“ | 8 | | 317 | 0 | **325** |
| 25 | Радовиш | „Ацо Караманов“ | 21 | 396 | 0 | 0 | **417** |
| 26 | Ресен | „11_ Септември“ | 12 | 98 | 0 | 5 | **115** |
| 27 | Свети Николе | „Рахилка Гонева“ | 30 | 299 | 0 | 14 | **343** |
| 28 | Струга | „8 Март“ | 36 | 247 | 0 | 143 | **426** |
| 29 | Сртумица | „Детска радост“ | 205 | 801 | 0 | 0 | **1006** |
| 30 | Тетово | „Младост“ | 44 | 600 | 0 | 52 | **696** |
| 31 | Велес | „Димче Мирчев“ | 72 | 21 | 881 | 0 | **974** |
| 32 | Штип | „Вера Ц.Трена“ | 81 | 347 | 18 | 44 | **490** |
| | | „Астибо“ | 86 | 675 | 0 | 0 | **761** |
| 33 | Аеродром | „Срничка“ | 365 | 1146 | 0 | 0 | **1511** |
| | | „Буба мара“ | 144 | 916 | 0 | 0 | **1060** |
| 34 | Бутел | „11 Октомври“ | 159 | 683 | 0 | 0 | **842** |
| 35 | Ѓорче Петров | „Росица“ | 168 | 823 | 0 | 0 | **991** |
| 36 | Гази Баба | „Детска | 117 | 560 | 0 | 0 | **677** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | радост“ | | | | | |
| | | „25_Мај“ | 246 | 713 | | 20 | **979** |
| **37** | Карпош | „Пролет“ | 177 | 470 | 0 | 0 | **647** |
| | | „Мајски цвет“ | 84 | 571 | 0 | 0 | **655** |
| | | „Распеана младост“ | 43 | 180 | 0 | 0 | **223** |
| | | Орце Николов“ | 63 | 561 | 0 | 26 | **650** |
| **38** | Кисела Вода | „Весели цветови“ | 95 | 713 | 0 | 0 | **808** |
| | | „8_Март“ | | 272 | 759 | 0 | **1031** |
| **39** | Центар | „13_Ноември“ | 81 | 789 | 0 | 0 | **870** |
| | | „Кочо Рацин“ | 98 | 665 | 0 | 0 | **763** |
| | | „Раде Ј-Корчагин“ | 49 | 352 | 25 | | **426** |
| **40** | Чаир | „Фидани“ | 77 | 511 | 0 | 28 | **616** |
| | | „Снежана“ | 68 | 440 | 0 | 0 | **508** |
| **41** | Илинден | „Гоце Делчев“ | | 218 | 0 | 0 | **218** |
| **42** | Вевчани | „Планински цвет“ | 10 | 31 | 0 | 0 | **41** |
| **43** | Демир Капија | „Борис Трајковски“ | | 11 | 43 | 0 | **54** |
| **44** | Шуто Оризари | „8_ Април“ | | 139 | 0 | 0 | **139** |
| **45** | Чешин-Облешево. | „Звездички“ | 4 | 17 | 0 | 0 | **21** |
| | | **Вкупно** | **3713** | **20902** | **3644** | **679** | **28938** |

Табела број 3: Број на запишани деца во центри за ран детски развој. Извор МТСП– состојба 30.9.2013 год.

| **Ред. Бр.** | **Локација** | **Број на запишани деца** | |
|---|---|---|---|
| | | 1-3 | 3-6 |
| **1** | Кочче | 21 | 20 |
| **2** | Лубница | 14 | 18 |
| **3** | Подареш | 28 | 59 |
| **4** | Јаргулица | 18 | 32 |
| **5** | Злсово | 19 | 53 |
| **6** | Шеин Маале | 32 | 149 |
| **7** | Радански пат | 58 | 165 |
| **8** | Баби | 8 | 39 |
| **9** | Облешево | 28 | 42 |
| **10** | Кочани | 17 | 65 |
| **11** | Поток | 35 | 158 |
| **12** | Теќе | 45 | 135 |
| **13** | Селце | 0 | 80 |
| **14** | Куманово | 0 | 75 |
| **15** | Топаана | 0 | 120 |
| **16** | Ѓорѓи Сугарев | 30 | 165 |
| **17** | Баир | 15 | 65 |
| **18** | Горно Оризари | 0 | 85 |
| **19** | Долно Оризари | 7 | 30 |
| **20** | Тризла | 10 | 65 |
| **21** | Логоварди | 15 | 35 |
| **22** | Веро | 3 | 300 |
| **23** | Мобилен центар (Битола) | 30 | 80 |
| **24** | Десово | 0 | 60 |
| **25** | Новаци | 0 | 30 |
| **26** | Могила | 2 | 25 |
| | Вкупно | 435 | 2150 |

Овој тренд на зголемување на опфатот на децата, во установите за деца, во Република Македонија, продолжува и во 2014 година. Така, според последната официјална статистика на Министерството за труд и социјална политика, опфатот за сите деца од 0 до 6 години изнесува 24,00%, со значително зголемување на опфатот од 34,00 % кога станува збор за деца на возраст од 3 до 6 години на ниво на Република Македонија.

Основните принципи кои во иднина ќе бидат темел на современото предучилишно воспитание и образование во Република Македонија, се однесуваат на: децентрализација и либерализација, квалитет, граѓанска одговорност, еднаквост/рамноправност, трансапрентност и принцип на интегративност. Промовирањето на ефективни предучилишни воспитно-образовни установи, претставува комплексен и сложен процес, во заложбите секоја предучилишна установа да ги достигне и да ги реализира карактеристиките на ефективна детска градинка, неопходно е вклучување на стручен работник-педагог, во организирање на педагошката работа во градинката.

Во понатамошниот дел од овој труд, нашето внимание ќе биде насочено на педагогот и унапредувањето на воспитно-образовната работа во детската градинка.

## 3. РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА СТРУЧНИОТ РАБОТНИК-ПЕДАГОГ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Идејата за воведување на стручни служби во детските градинки, се јавува во првата половина на XIX век, во развиените земји во Европа и светот (Англија, Германија,САД и др.), за потоа да се прошири и во други земји, па и во поранешна Југославија, а оттаму и кај нас. „Педагошко-психолошката служба во детските градинки во Република Македонија е понова служба за разлика од педагошко-психолошката служба во основното училиште".[15] Нејзината појава е условена од постепениот развој - проширувањето на предучилишните организации, вработување на многу стручни кадри и зголемување на бројот на опфатот на децата, како и потребата од примена на најновите стручни сознанија во воспитанието и образованието на децата од рана возраст. Проучувајќи ја релевантната педагошка литература и направените истражувања, во врска со почетоците и развојот на стручната служба во градинките во Република Македонија, евидентно е дека најпрво во 1974 година е донесен законот со кој е регулирана работата на стручните работници во градинките, а потоа се отворани работни места за нив. Во 1980-1981 година во детските градинки во Република Македонија се вработени 15 стручни работници педагози и 2 психолога.

„Едно потемелно и поцелосно согледување на сосотојбите на педагошко – психолошката служба во организациите за образование и воспитание во Република Македонија, е направено во 1986 година од страна на Републичкот завод за унапредување на образованието и воспитувањето".[16] Резултатите се објавени во списанието „Просветно дело" број 3-4, 1986 година, во трудот со наслов „Развој и состојби на педагошко-психолошката служба во организациите за образование и воспитание во СР Македонија". [17]Според добиените податоци од ова истражување, во периодот април 1986 година, во

[15] Пертов,Н. (1986). *Предучилишниот педагог-потреба на современото воспитание и образование.* Скопје: Просветно Дело, бр.3, стр.73

[16] Стојановска,В.(2004). *Дидактички аспекти на соработката меѓу училишниот педагогог и наставниците.* Скопје: Форум, стр.32

[17] Исто,стр.32

вкупно 43 предучилишни установи од 30 општини во Република Македонија биле вработени вкупно 24 педагози, наспроти 6 вработени психолози, како дел од стручната служба во детската градинка.

Притоа, во општините Радовиш, Свети Николе и Пробиштип, немало ниту еден вработен стручен работник, наспроти општините Прилеп, Гостивар, Куманово, Струмица, Штип, Велес, Кочани, Охрид, Струга, Кичево, Кавадарци и Гевгелија, каде во сите детски градинки имало вработено главно, по еден, а некаде и по два стручни работника. Од овие општини посебно ќе ги издвоиме општините Куманово, Струмица и Велес во кои работи комплетна психо-педагошка служба, односно во градинките имало вработено и педагог и психолог.

Најновите податоци од Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, покажуваат дека во 2013 година, бројот на вработени стручни работници во детските градинки во Република Македонија изнесувал 77 од кои: 20 педагози, 17 психолози, 6 социјални работници, 8 дефектолози и 26 логопеди.

Табела број 4: Преглед за бројот на вработени педагози во детските градинки во Република Македонија во 2013 година.

| Р. бр | Општина | Детска градинка | Педагог | Психолог | Социјален работник | Дефектолог | Логопед |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | „23_ Август„ | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 2 | Пехчево | „7_ Септември“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 3 | Битола | „Е.О.Мара“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | | „Мајски цвет“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 4 | М.Брод | „7_ Септември“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Валандово | „Калинка“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Виница | „Гоце Делчев“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | Гевгелија | „Детска радост“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 8 | Богданци | „Коста П.Р._ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Делчев“ | | | | | |
| 9 | Гостивар | „Детска радост“ | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Дебар | „Брешија“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Делчево | „Весели цветови“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 12 | М.Каменица | „Бамби“ | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 13 | Демир Хисар | „2_ Септември“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Кавадарци | „Рада Поцева“ | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| 15 | Кичево | „Олга Мицеска“ | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 16 | Кочани | „Павлина Велјанова“ | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Кратово | „Царка Андреева“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 18 | К. Паланка | „Детелинка“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 19 | Крушево | „Гонца Туфа“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 20 | Куманово | „Ангел Шајче“ | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 21 | Неготино | „Фемо Кулаков“ | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 22 | Охрид | „Јасна Ристеска“ | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 23 | Прилеп | „Наша иднина“ | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| 24 | Пробиштип | „Гоце Делчев“ | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 25 | Радовиш | „Ацо Караманов“ | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 26 | Ресен | „11_ Септември“ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 27 | Свети Николе | „Рахилка Гонева“ | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| 28 | Струга | „8_ Март“ | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 29 | Сртумица | „Детска радост“ | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 30 | Тетово | „Младост“ | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 31 | Велес | „Димче Мирчев“ | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 32 | Штип | „Вера | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ц.Трена" | | | | | |
| | | „Астибо" | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **33** | Аеродром | „Срничка" | 1 | 2 | 0 | 0 | 1 |
| | | „Буба Мара" | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **34** | Бутел | „11_ Октомври" | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **35** | Ѓорче Петров | „Росица" | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **36** | Гази Баба | „Детска радост" | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | | „25_Мај" | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **37** | Карпош | „Пролет" | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | | „Мајски цвет" | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| | | „Распеана младост" | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | | „Орце Николов" | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **38** | Кисела Вода | „Весели цветови" | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| | | „8_Март" | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **39** | Центар | „13_Ноември" | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | | „Кочо Рацин„ | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| | | „Раде Ј._Корчагин " | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **40** | Чаир | „Фидани" | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | | „Снежана" | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| **41** | Илинден | „Гоце Делчев" | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **42** | Вевчани | „Планински цвет" | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **43** | Демир Капија | „Борис Трајковски" | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **44** | Шуто Оризари | „8_ Април" | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| | | **Вкупно** | **20** | **17** | **6** | **8** | **26** |

Од анализата на состојбата од аспект на вклученост на стручниот работник-педагог како професионалец во градинката, може да се констатира дека тој е недоволно застапен и во иднина на ова прашање треба да му се посвети поголемо внимание со оглед на неговата улога и функција во остварување и реализирање на воспитно-образовната и севкупната дејност на градинката.

## 3.1 ЗАКОНСКИ ДОКУМЕНТИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА РАЗВОЈОТ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Конституирањето и развојниот пат на стручниот работник-педагог во детската градинка може да се подели на четири фази.

Во овој дел од трудот ќе посветиме внимание на секоја фаза одделно.




*Првата фаза го опфаќа периодот од 1974 до 1983 година.*

Како резултат на настојувањето на државата за осовременување и рационализација на воспитно-образовниот процес во детските градинки во 1974 година донесен е *Законот за воспитание и образование на деца од предучилишна возраст*, со кој се регулира работата на стручниот кадар во градинката (педагог, психолог, лекар, стручњак за физичка култура,

ликовно и музичко воспитание), што, всушност, претставува своевидно зајакнување за кадровската комисија како битна претпоставка на квалитетот на воспитно-образовната работа во детската градинка.

Во овој период се вработуваат првите стручни работници –педагози во детските градинки во Република Македонија. Нивното вработување е регулирано со „Законот за воспитание и образование на деца од предучилишна возраст", фактички тоа е конкретизирано со членот 11 според кој „Во вршењето на воспитно-образовната и згрижувачката работа, покрај воспитувачите и здравствените работници, учествуваат и други стручни работници: педагози, психолози, социјални работници и др".[18] Со овој законски документ, најнапред е регулирана работата на стручните работници, а потоа се отворани работни места за нив. Во овој период сеуште не било доволно јасно, каква е улогата на педагогот во градинката, што конкретно тој како стручен работник треба да работи, како и на кој начин треба да се организира таа служба во градинката. Со истиот Закон за прв пат во детскита градинка се опфаќаат и прашањата на воспитанието и образованието на деца од предучилишна возраст со пречки во развојот.

*Втората фаза, го опфаќа периодот од 1983 до-1994 година*

Овој период, се карактеризира со афирмација на стручната служба во детската градинка. За разлика од претходниот период, сега, се актуелизира прашањето за улогата на педагогот во детската градинка. На 30 мај 1983 година, од страна на Собранието на Република Македонија, донесен е нов закон за предучилишно и основно образование, во кој за првпат се определуваат и задачите кои треба да ги реализира стручниот работник-педагог во детската градинка. Така, во членот 123, од истиот Закон стои дека „*Педагогот и психологот во организациите за згрижување и воспитание и во основните училишта особено ја следат и унапредуваат воспитно-образовната работа, работат на нови форми и ефикасни методи на воспитно-образовната работа, ги проучуваат педагошко-психолошките проблеми на децата и учениците во воспитно-образовниот процес, ја*

[18] *Закон за воспитување и образование на децата од предучилишна возраст.*(1974), Скопје: Службен весник на Социјалистичка Република Македонија.бр.45

*анализираат оптовареноста на учениците и сфаќањето на функцијата на оценката и оценувањето и се залагаат за подобар квалитет, ја организираат и координираат професионалната ориентација на учениците, помагаат и соработуваат со децата, учениците и нивните родители, воспитувачите, наставниците и особено родителите чии деца се со пречки во психофизичкиот развој".*[19] Со овој Закон,во средиштето на вниманието се става грижата за децата,т.е. индивидуализацијата на воспитно-образовната работа, како и соработката со родителите на децата и воспитувачите. Значи со овој закон, имаме јасно дефинирање и на субјектите со кои треба да соработува педагогот во рамките на неговите работни задачи. Во овој период објавени се повеќе стручни и научни трудови, во врска со развојот, состојбите и иновациите на педагошко-психолошката служба во организациите за образование и воспитание.

Петнаесет години од озаконувањето на вработувањето на стручниот работник-педагог во детската градинка, во 1989 година, Републичкиот завод за унапредување на воспитанието и образованието, како водечка стручна институција во функција на унапредување на воспитно-образовниот процес во предучилишното воспитание и образование, ја донесува првата официјална програма „*Основи на програмата за работа за педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст,*."значаен документ според кој педагогот во градинката ја организира својата работа. По оваа програма се работи и денес, иако сè поочигледна станува потребата од нејзино ревидирање.

Од страна на тогашниот Републички завод за унапредување на воспитанието и образованието, се одржани низа семинари и обуки за подигање на стручните компетенции на педагогот во детската градинка. Имено, на семинарите и советувањата се обработуваат актуелни проблеми што се поврзани со промените во одделните сегменти на воспитно-образовниот процес, како на пример: за психофизичкиот развој на децата од предучилишна возраст, подготовка и планирање на воспитно-образовниот процес, користење на современи дидактички материјали и средства во работата со децата од

[19] *Закон за предучилишно и основно воспитание и образование*.(1983), Скопе: Службен весник на Социјалистичка Република Македонија.бр.19

предучилишна возраст и сл. Се забележува повој во работата и организацијата на стручната служба во детската градинка. Педагозите и психолозите во Република Македонија се организирани во секција на предучилишни педагози и психолози, во рамките на која ги разменуваат своите искуства и идеи, за да можат поцелосно да ги програмираат, планираат и остваруваат своите заеднички, тимски и посебни задачи.

*Третата фаза го опфаќа периодот од 1994 до 2007 година*

Она што значајно ќе го одбележи овој период е прифаќањето на холистичкиот приод во работата со децата на предучилишна возраст, како и воведувањето на тематското планирање во воспитно–образовната работа. Со цел да се обезбеди квалитетно - планирање на воспитно-образовната работа во градинката, советниците за предучилишно - воспитание и образование како дел од активностите на Бирото за развој и унапредување на образованието во Република Македонија ќе одржат низа семинари и работилници на кои ќе земат учество и стручните работници–педагози. Тие активно ќе учествуваат и на обуките за реализација на апликативните проекти: Граѓанско-образование; Инклузија на децата со посебни образовни потреби во градинките; Образование за сите во годината пред поаѓање во училиште; Образование на ромските деца во годината пред поаѓање на училиште; Приоди кон визуелно размислување и сл.

Но, сепак, кога зборуваме за развојниот пат на стручниот работник педагог, генерален впечаток е дека грижата за работата на стручниот работник-педагог во детската градинка во текот на годините постепено се намалувала. Тоа главно, може да биде и резултат на поделеноста на ингеренциите врз детската градинка во Република Македонија на две посебни подрачја: *административно*(основање, управување, финансирање) и *педагошко(*планирање, организирање, реализирање на воспитно-образовниот процес), со кои раководат посебни ресорни органи во МТСП И МОН, што понекогаш резултира со некоординираност и разлики во однос на приоритетите што, секако, негативно се одразува врз квалитетот на воспитно-образовната работа во детската градинка. Законот за предучилишно воспитание и образование кој е донесен во 2000 година има претрпено повеќе измени и надополнувања. Во овој Закон не се дефинирани обврските и должностите на стручните работници. Во членот 84 од овој Закон стои: „Стручни работи

за згрижување и воспитание вршат:-стручни работници(педагог,психолог,социјален работник, дефектолог, логопед, лекар,педијатар и стоматолог)".[20] Во 2005 година. донесена е Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година со придружни програмски документи во кои меѓу другото, се утврдени насоките за подигање и одржување на квалитетно предучилишно воспитание и образование што подразбира:

„Квалитетни програми за воспитно-образовна работа; ефикасна и квалитетна реализација на воспитно-образовните програми во групите со предучилишни деца; обезбедување оптимални услови за реализација на воспитно-образовната работа; подобрување на иницијалната едукација на воспитно-образовниот кадар; постојано и квалитетно стручно усовршување на постојниот воспитно-образовен кадар; изготвување стандарди и индикатори за: предучилишното воспитание и образование за децата од секоја развојна возраст, за ефикасен воспитувач и за ефективна детска градинка"[21].

Притоа, од особено важност е да се истакне дека обезбедувањето и контролата на квалитетот на предучилишното воспитание и образование во современи услови на живеење е незамислива без партиципаторската улога на стручниот работник-педагог во градинката.

*Четвртата фаза-актуелната состојба*

Четвртата фаза, од развојниот пат на стручниот работник- педагог во детската градинка ја претставува актуелната состојба во предучилишното воспитание и образование. Последниот, Закон за заштита на децата е донесен на 14 февруари 2013 година. Во членот 134 од овој Закон стои „Стручни работници можат да бидат дипломиран педагог, дипломиран психолог, дипломиран социјален работник, дипломиран дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, дипломиран логопед, доктор на

[20] *Закон за Заштита на децата.*(2000), Скопје: Службен весник на Република Македонија.бр.98

[21] *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година со придружни програмски документи* (2006). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 84

медицина и доктор на стоматологија - со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и важечка лиценца за стручен работник". Со членот 142 од истиот Закон дополнително се утврдени и следните услови кои треба да ги исполнува стручниот работник–педагог:

„-да е државјанин на Република Македонија,

-да е физички и психички здрав,

-да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо,

-да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност,

-да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осуден за кривично дело за семјно насилство, одземање на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со законот е утврдено дискриминациско однесување, и

-да исполнува и други услови утврдени со актот на внатрешна организација и систематизација на работните места"[22].

Значајна промена која се однесува на работата на стручниот работник-педагог во детската градинка, а е регулирана со овој Закон е и оценувањето на јавните службеници. Имено, оценувањето на стручниот работник-педагог во јавната установа за деца, како јавен службеник се врши од страна на непосредно претпоставени јавни службеници во јавната установа за деца. Истото има за цел да се добие реална слика за стручноста, квалитетот, ефикасноста и ефективноста на педагогот во извршувањето на работи од јавен интерес утврдени со закон. Оценувањето на стручниот работник –педагог се врши врз основа на податоците од работата и личните квалитети имајќи ги предвид податоците за обуките, наградите, дисциплинските мерки и отсуствата од работа во претходната година.

[22] *Закон за заштита на децата*.(2013). Скопје: Службен весник на Република Македонија.бр.23

Лиценцата за стручен работник е уште една значајна новина која е регулирана со Законот за заштита на децата од 2013 година, за која се смета дека значително ќе влијае врз подигање на квалитетот и компетенциите на педагогот во детската градинка.

„Со лиценца за стручен работник можат да се стекнат лица кои имаат диплома за завршено соодветно образование и ако успешно ја поминале проверката на примената на стручното знаење од Комисијата за лиценцирање на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негуватели во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. Лиценцата се издава за период од пет години. На стручниот работник може да му се продолжи (обнови) лиценцата за работа ако во периодот на важноста на лиценцата посетил најмалку 20 часа едукација за стручен работник, спроведена во согласност со Програмата за работа на Комисијата за лиценцирање и ако по извршената проверка Комисијата за лиценцирање констаира дека лицето успешно го применува стручното знаење. Стручното лице најмалку три месеци пред истекот на важноста на лиценцата за работа поднесува барање пред Комисијата за лиценцирање за обновување, односно продолжување на лиценцата за работа. Истата може да му биде и одземена на стручниот работник-педагог доколку:

-Комисијата за лиценцирање по извршената проверка констатира дека лицето не го применува стручното знаење,

-му е одземена или ограничена деловната способност,

-му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност и

-му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоупотреба на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое е утврдено дискриминациско однесување“.[23]

[23] *Закон за заштита на децата*.(2013). Скопје: Службен весник на Република Македонија. бр.23

За вработување на стручен работник–педагог, во детската градинка, покрај законските одредби, потребно е исполнување и на одредени нормативни барања, како што се: развиеноста на воспитно-образовната организација-градинката, според кој еден стручен работник (педагог или психолог), треба да работи во градинка со 20-24 воспитни групи, а секое натамошно зголемување на бројот на групите се следи со вклучување на друг стручен работник, како и просторни услови,материјални средства, опременост и др.

Во наредниот период треба да очекуваме реафирмација на развојот на стручната служба во детската градинка во Република Македонија, бидејќи со резултатите од досегашното работење на стручниот работник- педагог, тој се наметнува како императив на современата градинка.

Имено, нашите досегашни практични искуства од работата на стручниот работник-педагог во детската градинка се позитивни за децата, воспитувачите, негувателите, родителите и, генерално, за успешна реализација на целиот воспитно-образовен процес. Истите искуства говорат дека детските градинки во кои е вработен стручен работник-педагог, постигнуваат далеку подобри резултати во својата работа отколку градинките во кои нема стручни работници-педагози.

# 4. СОВРЕМЕНИ ПРИНЦИПИ ВО КОНЦИПИРАЊЕТО НА ТЕМЕЛНИТЕ ПРАВЦИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО ГРАДИНКАТА

За да бидат успешни и одржливи, иницијативите за образование и воспитување во раното детство, тие мора да претставуваат составен дел од целокупните политики на секоја земја. Притоа, секоја држава е одговорна за поставување и одржување на стандардите за образование на децата како и за универзалноста на програмите за образование и воспитување во раното детство. Генерално, Европската комисија за образование се залага за остварување на следниве пет принципи кои можат де се третираат како вовед кон она што значи подобрување на квалитетот на образованието во периодот на раниот детски развој.

Тие се :

- „Децата да се третираат како компетентни партнери во воспитно-образовниот процес, преку почитување на нивните специфични потреби и искуства;
- Постигнување на добрата состојба на децата да се сфати како процес, а не како излезен резултат на некоја програма;
- Обрзованието на детето да овозможи зајакнување на индивидуалниот капацитет на секое дете без исклучок;
- Здравјето на детето сфатено во најширока смисла, - промоција на холистички пристап;
- Промена на релацијата возрасен - дете, која треба да се заснова на заемна доверба, почитување и соработка".[24]

Верувањето дека сите деца можат да научат, ако имаат соодветни услови за тоа, претставува база на која се развиваат добрите градинки. Инвестициите во раниот детски развој, продуцираат ефективност во:

[24] http://www.learningforwellbeing.org/?q=charter/childrens-charter.pdf

- Социјална адаптација на децата;
- Основата за понатамошно учење и развој;
- Гарантирање помали шанси за напуштање на школувањето;
- Нивелирање на разликите меѓу децата.

Денес, секоја квалитетна градинка треба и може да придонесе за остварување на еднаквост и социјална правда. Општеството, пак, ќе добие образовани граѓани кои ќе можат одговорно да дадат свој придонес во неговиот развој. Во тој контекст улогата на педагогот е од исклучително значење бидејќи тој ја има одговорноста за темпото и насоката на развојот како за секое дете поединечно така и за целокупниот развој и унапредувањето на воспитно-образовниот процес во градинката.

Веќе е сосема јасно дека за подобрувањето на квалитетот на образованието во раното детство неопходо ќе биде да се обезбеди, корекции на слабостите во иницијалното образование на педагогот и воспитувачите, инвестиции во системот (специфични промени во програмата за рано учење и развој, стратегиите и техниките на воспитно-образовната работа со децата од раната возраст), односно образовната технологија и подобрување на условите во градинката, кои ќе ја поддржат работата на педагогот и на другите субјекти и во воспитно-образовниот процес, со цел унапредување на воспитно-образовната работа на градинката.

# 5. УЛОГАТА НА ПЕДАГОГОТ ВО УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО ГРАДИНКАТА

## Градинка по мерка на детето

Трансформацијата на општеството, неговата демократизација и пазарно стопанисување, нужно предизвикуваат промени во воспитно-образовниот систем и наметнуваат потреба современата градинка да биде установа на децата, а не за децата. Во таа насока научниците и практичарите сè повеќе говорат за градинка по мерка на детето, која ќе биде насочена кон почитување и задоволување на потребите, интересите и можностите на секое дете. Во прилог на ова се многубројните современи истражувања кои обезбедуваат нови теоретски рамки и водачи за практиката. Сепак, денес не можеме да говориме за тоа дека постои универзална дефиниција којашто целосно ќе го дефинира терминот ефективна градинка, ниту, пак, постои готов рецепт како може да се постигне тоа. Анализата на релевантната педагошка литература покажува дека овој поим, за првпат кај нас го сретнуваме во деведесеттите години на минатиот век, неговото суштинско значење е дека станува збор за градинка која континуирано ја подобрува својата работа и како резултат на тоа остварува подобри резултати во воспитно-образовната работа. Во светот постои општо изграден став дека тоа е детска градинка со исклучително добра организација и реализација на воспитно-образовната работа, градинка со здрава клима во која секое дете со задоволство ќе доаѓа и ќе може да учи и да се развива според сопствените можности, потреби и интереси во современа безбедна и стимулативна средина за учење и развој.

Притоа, ефективноста на градинката, не треба да се сфати како нејзино крајно достигнување, туку како процес на постојан развој кој води кон усовршување и подобрување на работата на градинката. Иновациите во предучилишното воспитание и образование се клучни за унапредувањето и развојот на воспитно-образовниот процес во детската градинка, но, од друга страна „без постоење на квалификувана стручна служба,

способна успешно да се носи на прво место и, пред сè со проблемите на усовршување на воспитно-образовната работа, нема развој, нема прогрес".[25]

Предмет на интерес на овој докторски труд е педагогот и унапредувањето на воспитно-образовната работа во детската градинка, токму затоа не занемарувајќи ја важноста и значењето на останатите стручни работници во детската градинка, нашето внимание ќе го насочиме кон работата на педагогот како стручен работник во градинката. „Смислата на службата на предучилишниот педагог лежи во тоа во предучилишните установи да внесе нови трендови во воспитно-образовната дејност, во раниот и предучилишниот период".[26] Познато е дека повеќето иновации коишто се воведуваат во детската градинка, потекнуваат од надвор, улогата на стручниот работник-педагог во детската градинка, е да врши еден вид рецензија, односно верификација и валоризација на иновациите што треба да се воведуваат и применуваат во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст.

Посебната улога на стручниот работник-педагог се огледа на планот на педагошко-психолошкото осмислување, со што педагогот ќе даде свој личен придонес во изградувањето на такви педагошки кадри, кои нема некритички да се однесуваат кон секоја иновација, ниту, пак, без причина да бегаат од сè што е ново и непознато. На овој начин стручната служба во градинката ќе прерасне во развојна служба, која ќе ги врши работите и работните задачи од развоен карактер, затоа што секоја детска градинка меѓу другото треба да работи и врз сопствениот развој. Многу земји во светот денес имаат поставено високи цели насочени кон подобрување на квалитетот и квантитетот на раниот детски развој и пристапот до предучилишното образование за сите деца. Сето ова се базира на резулаттите добиени од бројните светски истражувања на полето на образованието и развојот на мозокот како, на пример: Студијата за ефективно предучилишно образование (Effective Provision on Pre-School Education-EPPE) направена

---

[25] Пертов.Н.(1973.). *Предучилишниот педагог-потреба на современото воспитание и образование*. Скопје: Просветно дело.бр.3.стр.73

[26] Ангеловски.К.(1989). *Педагошко-психолошката служба во воспитно-образовните организации и иновациите*. Скопје: Просветно Дело. бр.5-6, стр.58

во Велика Британија, студијата „Високи можности"(High Scope Study) направена во САД, Извештаите „Добар почеток" 1 и 2 на Организацијата економска соработка и развој (Organization for Eckonomic Coopertion and Development-OECD). Најновите истражувања за развојот на мозокот докажуваат дека искуствата стекнати во раното детство се признати како клучни фактори при создавање на цврста основа за учење и успешно вклучување во заедницата во текот на целиот живот.

Познатиот нобеловец и универзитетски професор од Чикаго Џејмс Хекман, рекол дека со инвестирањето во раниот детски развој од раѓањето на детето па сè до неговата петта година, лежи решението за подобро образование, подобро здравство и поголем економски просперитет.




Шематски приказ број 1: Равенката на Џејмс Хекман[27]

[27] *Компететни учители за XXI век*, (2009). Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи- Чекор по чекор, Македонија, стр.11

Според анализата на педагошката литература и стекнатите сознанија, клучни подрачја за обезбедување квалитет во детската градинка се:

- Јасно дефинирана мисија и воспоставена визија за развој на градинката;
- Холистички пристап во организација и реализација на воспитно-образовната работа со децата;
- Организирање на воспитно-образовната работа базирана на стандардите за рано учење и развој;
- Професионално водство;
- Здрава и безбедна средина во која детето расте, се развива и учи;
- Стимулативна средина за учење и развој на детето;
- Индивидуализиран пристап;
- Позитивна клима за големи очекувања за секое дете;
- Инклузија почитување на разликите и на вредностите на демократијата;
- Користење на современа образовна технологија;
- Организирано и перманентно стручно усовршување на кадарот во градинката;
- Организиран систем за следење и евалуација на воспитно-образовниот процес;
- Вклучување на семејството и заедницата.

Врз основа на горенаведеното може да заклучиме дека квалитетот на воспитно-образовната работа во секоја детска градинка се гради и се базира на динамична размена на сознанијата, искуствата и меѓусебната соработка на сите вклучени актери. Во основа ефективните детски градинки се динамични институции, што би значело иновативни и флексибилни. Ваквите градинки имаат јасно дефинирана мисија и воспоставена визија за развој на градинката. Во нив има позитивна клима и погодна средина за тимска работа на сите субјекти во воспитно-образовниот процес како основа за унапредување на воспитно

образовната работа во градинката. Според тоа, клучот во создавањето на ефективната градинка лежи во ефективната и ефикасната работа на сите субјекти во воспитно-образовниот процес, а „улогата на педагогот е да ја планира, програмира, следи, вреднува и контролира воспитно-образовната работа во градинката; да проучува, истражува, иновира и унапредува; и врз основа на тоа да реализира инструктивно- советодавна работа со децата, воспитувачите, негувателите и родителите, да ја координира нивната работа кога е тоа неопходно и за сето ова да води педагошка документација“[28].




Шематски приказ број 2: Улогата на педагогот во градинката

[28] Трнавац, Н. (1996). *Педагог у школи.* Београд: Учитељски факултет –Центар за усавршавање руководиоца у образовању, стр.54

# 6. ПОДРАЧЈА НА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ ПРЕДВИДЕНИ СО ОСНОВИ НА ПРОГРАМАТАТА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ ВО РО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗАРСТ

Подрачјата и содржините на стручната работа на педагогот во градинката се пропишани во документот „Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст", кој е донесен од страна на тогашниот Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, во 1989 година. Тој денес преставува официјален документ според кој педагогот сè уште ја планира својата стручна работа во градинката.

Во него се поставени содржини кои се однесуваат на следните подрачја на работа на педагогот во градинката:

| **6.1. Учество во програмирањето и планирањето на воспитно-образовната работа во предучилишната организација** |
|---|
| ➢ Изготвување на годишен и оперативен план и програма за сопствената работа; |
| ➢ Учество во конкретизација на развојната програма и годишната програма за воспитно-образовната работа на организацијата во која работи, со посебно ангажирање во изготвувањето на: програмата за нега, здравствена заштита, исхрана и воспитно-образовна работа, планот и програмата за стручно усовршување на воспитувачите, педагошко - медицинските сестри и стручните работници, програмата за иновирање и модернизација на работата, планот за работа на стручните органи во предучилишната организација; |
| ➢ Стручна помош во организирањето на воспитно-образовната работа надвор од предучилишната организација (летување,излети и сл.) |
| ➢ Учество во изготвувањето на Програмата за вонинституционални форми на работа на ниво на РО и програмата за примена на одделни форми од Програмата за минимум општествено организирано предучилишно воспитание и образование во годината пред поаѓање на училиште; |

- Учество во изготвувањето на Програмата за соработка со родителите на ниво на РО, во соработките со другите стручни работници и давање стручна помош на воспитувачите во планирањето на соработката со родителите;
- Соработување со основните училишта, општествените и општествено-политичките организации и ОЗТ од здружениот труд поради заедничко програмирање и реализирање на одделни задачи;
- Давање помош на воспитувачите и педагошко медицинските сестри во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа со децата од 2 до 7 години, односно на воспитната работа со децата до 2 години;
- Давање помош во изборот на методите, облиците и средствата за работа со децата, организацијата, одделните видови активности и сл;
- Проучување на педагошките аспекти на играта, како и основните форми на детската активност и запознавање на воспитувачите со тие сознанија со цел да ги вградат при планирањето и при реализирање воспитно-образовната работа во својата група;
- Учество во општата организација на воспитно-образовната работа на предучилишната организација и работата на стручните органи за изнаоѓање на флексибилни решенија за организација и разновидно користење на просторот и времето;
- Учество во правилното поставување и распоред на животот и работата во предучилишната организација според развојните потреби и можности на децата од одредена возраст, во соработка со воспитувачите и другите стручни соработници;
- Давање стручна помош на воспитувачите, педагошко-медицинските сестри и другите вработени за создавање на поволна педагошка клима за интеракција и комуникација помеѓу децата и децата и возрасните;
- Учество при формирањето и структурирањето на воспитните групи според возраста и индивидуалните особини на децата, изборот и распоредот на воспитувачите и педагошко-медицинските сестри во одделна воспитна група;
- Давање на предлози за набака и опрема на градинката со дидактички материјал;

- Учество во изборот и диференцирањето на средствата за опремување на предучилишната организација и воспитните групи со потребен инвентар, играчки и аудиовизуелни средства за воспитно-образовната работа со децата.

**6.2. Следење на реализацијата на планот и програмата за воспитно-образовната работа со децата во различни облици на опфатот**

- Следење на квалитетот и квантитетот на остварувањето на воспитните задачи на одделни возрасти;
- Следење на себеодмереноста и приспособеноста на програмските барања со можностите на децата од конкретна возраст;
- Изработување на инструменти за следње на проблемите од доменот на својата работа;
- Следење на воспитно-образовната работа со децата, дневното, месечното планирање, примената на современата организација на насочените и слободните активности;
- Следење на динамиката на остварувањето на програмските барања во воспитно-образовната работа со деца до 2 години;
- Следење на реализацијата на вонинституционалните форми на работа и на Програмата за  минимум општествено организирано предучилишно воспитание и образование во годината, пред поаѓање на училиште;
- Следење на правилната употреба на облиците, методите и средствата на воспитно-образовната работа, динамиката на користење на различни објекти, средства и дидактички материјали;
- Подготвување на анализи и известување на стручните органи за динамиката и начинот на работа со децата;
- Присуствување на насочените активности поради следење и проучување на формите, методите, средствата за работа и давање помош за воведување и користење на иновациите во воспитно-образовната работа.

| 6.3. Педагошко-инструктивна работа и соработка со воспитувачите и педагошко-медицинските сестри со цел да се унапредува воспитно-образовната работа |
|---|
| ➢ Запознавање на воспитувачите со теоретските основи и начинот на користење на утврдените принципи, методи, облици и средства на воспитно-образовната работа со децата; |
| ➢ Соработување со воспитувачите во идентификацијата, конкретизацијата и операционализацијата на целите и задачите кои треба да се реализираат во воспитно-образовната работа; |
| ➢ Соработување со воспитувачите во одбирањето и примената на ефикасни системи, облици, методи и средства за работа за остварување на програмските цели и задачи, а особено при индивидуализацијата на воспитно-образовната работа според способностите, мотивацијата, интересите, предзнаењата и темпото на работа на одделни деца; |
| ➢ Информирање на воспитувачите и педагошко-медицинските сестри за резултатите од своите испитувања кои можат да ги користат за унапредување на целокупната воспитно-образовна работа, а особено оние што ќе придонесат за создавање на подобри услови за педагошко унапредување на децата; |
| ➢ Соработување на воспитувачите во однос на применување на позитивни сознанија и внесување на иновации од современата педагошка теорија и практика; |
| ➢ Давање иницијатива и учество во воведување на современи модели на воспитно-образовната работа; |
| ➢ Проучување на одделни воспитно-образовни пробелми во организацијата и воспитните групи и преземање на соодветни педагошки и дидактичко-методски мерки; |
| ➢ Водење на инструктивно-консултативни разговори со група на воспитувачи и педагошко - медицински сестри, односно со одделни реализатори на програмата; |
| ➢ Инструирање на воспитувачите во подготвување на нагледнитите насочени |

активности;

- Давање стручна помош на воспитувачите во изградување на здрави детски колективи и формирање на позитивни особини кај децата;
- Демонстрирање на успешни педагошки решенија;
- Инструирање на воспитувачите и педагшко - медицинските сестри за однесувањето и работата со децата кои имаат одделни пречки во развојот;
- Укажување помош и насочување на воспитувачите во врска со организацијата на прошетките, посетите, излетите, следењето на театарските и филмските претстави, подготовката на прославите и приредбите со децата;
- Учество во координирањето на соработката на предучилишната организација и другите фактори во општествената средина;
- Соработување со воспитувачите и педагошко-медицинските сестри при изработката на дидактички и други материјали и (работни листови, апликации, жетони, макети, играчки и други) и нивната примена во непосредната работа со децата.

**6.4. Воведување на современата технологија, иновирање и модернизација на воспитно-образовната работа**

- Избирање на иновативни облици, методи, постапки и средства и нивно предлагање пред стручните органи за нивно прифаќање во работата, педагошко и методско разработување со воспитувачите и воведување во непосредната работа со децата;
- Учество во организацијата на оптималните услови за животот и работата на децата во предучилишната организација, посебно внатрешното уредување на објектите и работниот простор, естетскиот изглед и подобрување на дидактичките можности за примена на иновативните облици на работа;
- Следење и внатрешно информирање на воспитувачите за новите стручни публикации, давање помош за побрзиот проток и усвојување на стручните

информации;

- Соработување со воспитувачите поради креативна примена на постојните средства во секојдневната воспитно-образовна работа;
- Стручно толкување на новините и можностите на нивната примена и давање помош на воспитувачите во примената на новата технологија;
- Евидентирање на иновациите и собирање на материјал за нив.

**6.5. Следење на развојот и непосредната работа со децата**

- Постојано следење и проучување на развојот на децата;
- Испитување и следење на интерперсоналните односи меѓу децата и децата и воспитувачите и предлагање мерки за отстранување на евентуални нарушувања;
- Разработување на системот на мерки за што подабар прием на децата во предучилишната организација;
- Распоредување на новозапишаните деца во воспитните групи;
- Следење на адаптацијата на децата во предучилишната организација;
- Испитување на склоностите и интересите на децата;
- Давање стручна помош на воспитувачите и педагошко - медицинските сестри во правилното и целосното следење на развојот на децата во групата;
- Давање стручна помош на воспитувачите во работата со децата кај кои се забележуваат специфичности во развојот и по потреба учество во работата со тие деца, со цел да се поттикне и насочи нивниот развој;
- Следење на индивидуалните резултати во воспитно-образовната работа;
- Учество во соработката со педагогот и психологот од основното училиште, во испитувањето на подготовката на децата за поаѓање во училиште;
- Учество во водење на досието на детето;
- Организирање на посебна педагошка работа со децата кои имаат извесни потешкотии во процесот на воспитно-образовната работа и животот во предучилишната организација.

| 6.6. | Соработка и советодавна работа со родителите |
|---|---|
| | ➢ Разработување на различните облици и видови на соработката со родителите и запознавање на воспитувачите и педагошко - медицинските сестри со најновите сознанија од тоа подрачје; |
| | ➢ Предлагање на теми за подигање на педагошката култура на родителите; |
| | ➢ Одржување на стручни предавање пред родителите; |
| | ➢ Водење на советувалиште за родителите, во соработка со психологот и другите стручни работници; |
| | ➢ Учество во подготвувањето и збогатувањето на катчето за родители(особено со најнова стручна литература, сликовници, филмови, популарна литература) и сл.; |
| | ➢ Прибирање информации и податоци (анемнестички)од родителите, значајни за унапредување и следење на развојот на децата; |
| | ➢ Давање стручна помош и соработка со воспитувачите и родителите околу подготовката на културната и јавната дејност на предучилишната организација; |
| | ➢ Испитување на интересите на родителите за конкретни прашања и давање совети за поуспешно и поефективно семејно воспитание; |
| | ➢ Испитување на интересите, желбите и склоностите на родителите со цел да се вклучат во некои воспитни активности; |
| | ➢ Вклучување во соработка со воспитувачите, во организирањето на Советот на родителите и вклучување во реализацијата на одделни негови задачи; |
| | ➢ Индивидуална работа со родителите на децата кои имаат одредени проблеми во приспособувањето, контактите и сл.; |
| | ➢ Индивидуална работа со родителите на талентираните деца; |
| | ➢ Работење со група родители чии деца покажуваат слични потешкотии во приспособувањето на средината (повлечени деца, агресивни, несамостојни и др.). |

| 6.7. Аналитичко-истражувачка работа |
|---|
| ➢ Проучување на организацијата и распоредот на животот на децата во различните облици на опфатот и престојот (целодневен, полудневен, скратен, минимален); |
| ➢ Сумирање и воопштување на најдобрите искуства од педагошката практика чии резултати се изнесуваат на стручни собири,а по потреба и се публикуваат; |
| ➢ Изготвување на прегледи, информации и анализи за остварувањето на Годишната програма за воспитно-образовната работа на предучилишната организација за примената, внесувањето и текот на одредени иновации, за стручното усовршување на воспитниот кадар; |
| ➢ Планирање и реализирање на мини акциони истражувања, како што се: структурата на воспитните групи, развојот на различни комуникации помеѓу воспитувачот и децата, воспитувачот и родителите, децата со децата и сл.; |
| ➢ Вклучување во истражувања кои ги организираат стручните и научните органи, различни стручни организации и институции. |

| 6.8. Учество во работата на стручните органи и стручното усовршување на воспитните кадри |
|---|
| ➢ Учество во работата на стручните тела; |
| ➢ Учество во подготвувањето и организирањето на разговорите за стручни и организациски прашања, во рамките на стручните активи; |
| ➢ Обработка на стручни теми кои се разгледуваат на состаноците и седниците на стручните органи; |
| ➢ Учество во педагошкото раководење со РО во рамките на стручните тела |
| ➢ Подготвување на анализи и информации врзани за планирањето и организацијата на воспитно-образовниот процес; |
| ➢ Информирање на стручните органи за резултатите од истражувањата и давање |

| |
|---|
| мислење- предлози за решавање на проблемите кои се резултат или треба да се разгледуваат на стручните органи; |
| ➢ Соработување со директорот на РО и раководителите на РЕ поради усогласување на ставовите за организациските и стручни прашања; |
| ➢ Соработка со другите стручни работници: психологот, дефектологот,педагогот за физичко воспитание, музичка и ликовна култура, лекарот и социјалниот работник, со цел да се придонесе за унапредување и осовременување на воспитно-образовната работа и задоволување на развојните потреби на децата; |
| ➢ Учество во планирањето, организирањето и реализацијата на различните форми за стручно усовршување на воспитувачите; |
| ➢ Следење на работата на децата и давање помош на воспитувачите почетници (ментор); |
| ➢ Водење евиденција за стручното усовршување на воспитните работници во РО. |

| 6.9. | Соработка со стручните институции и општествената средина |
|---|---|
| | ➢ Учество во реализација на програмата за општествената, кутурната и јавната дејност на предучилишната организација; |
| | ➢ Соработка со педагозите и психолозите од основните училишта со цел да се врши размена на искуства, обезбедување на континуитет во следењето на развојот на децата, организирање на заеднички истражувања и други програмирани задачи и сл.; |
| | ➢ Соработка со просветно-педагошката служба по прашања од својата програма за работа, аналитичко истражувачките работи и стручното усовршување (сопствено и реализација на програмата на предучилишната организација); |
| | ➢ Соработка со Заводот за ментално здравје; |
| | ➢ Соработка со образовните , здравствените, социјалните, општествено-политичките и други органи и институции за решавање на проблеми од заеднички интерес, изедначување на воспитното влијание; |

- Соработка со стручните работници од други предучилишни организации:
- Активна работа во стручните друштва и здруженија (друштво на педагози, секција на предучилишни педагози и сл.).

### 6.10. Индивидуално стручно усовршување

- Активно учество во реализирањето на програмата за сопственото стручно усовршување: групно (семинари, советувања, собири и др.),и индивидуално (стручна литература, списанија и др.).
- Учество во организираните форми на размена на искуства и договори за заедничка работа со други педагози (активи, секции и сл.).

### 6.11. Подготовка и водење на документација за работа

- Проучување на планот и програмата за работа (годишна-глобална и месечна-оперативна);
- Водење на документација за извршената аналитичко-истражувачка работа (проект, инструменти, обработка, извештај, анализа со формирани предлози или заклучоци од истражувањата);
- Изготвување документација за следењето на воспитно-образовниот процес;
- Изготвување на материјал и документација за децат кои посебно се третираат;
- Изготвување анализи, извештаи, прегледи, информации, предавања, библиографии и сл.).
- Водење картотека за стручно усовршување или дидактичко досие за секој воспитувач, педагошко медицинска сестра, стручен работник;
- Работење врз усовршувањето и унапредувањето на педагошката документација(летописи, и фотодокументација),организација и начин на користење на стручната библиотека и медијатека, документација на приправниците, студентите и учениците (кои се на хоспитирање), а кои посебно

| |
|---|
| се следат во предучилишната организација и сл.; |
| ➢ Изготвување на извештај за реализација на сопствената годишна програма за работа. |

Важно е да се истакне дека дадените рамковни содржини, пропишани во документот„Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст", не треба да се сфатат како незаменливи и единствено соодветни, кои педагогот секогаш ќе ги користи при планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа во градинката.

Други значајни фактори кои влијаат врз планирањето и реализацијата на стручната работа на педагогот произлегуваат од:природата на самата градинка како институција, од условите за работа во истата, од структурата на воспитно-образовните активности во неа и развојот на педагошката наука.

Целите и задачите педагогот може да ги реализира со посредство на различни активности и на различни начини. Богатството на методите и активностите, коишто педагогот ги користи во решавање на одредени педагошки проблеми, треба да бидат основна карактеристика на работата на педагогот во градинката.

### *6.12 Задачи на стручниот работник- педагог во детската градинка*

Во релевантната педагошка литература, главно, се сретнуваат следните задачи кои се однесуваат на остварување на стручната работа на педагогот во градинката:

- .. Да учествува во изработката на Годишната програма за работа на градинката;
- Да им дава стручна поддршка на воспитувачите и негувателите во програмирањето и планирањето на воспитно-образовната работа, следењето на детскиот развој, планирањето на соработката со семејството, училиштето и пошироката околина;
- Да учествува во евалуацијата на реализацијата на програмата за воспитно-образовна работа;

- Да помага во набавување, проектирање, изработка и структурирање на дидактички материјал, играчки, сликовници, справи и реквизити;
- Да учествува во планирање и набавка на стручна литература;
- Да учествува во формирање на воспитни групи, избор и распоред на воспитувачи и негуватели во воспитните групи;
- Да учествува во организацијата на прием на нови деца во градинката и да предлага соодветни мерки со кои ќе им се олесни процесот на адаптација на децата во градинката;
- Да учествува во работата на тимот за идентификување на деца со специфичности во развојот, предлагање на мерки кои треба да се преземат, нивна примена и следење на ефектите од реализацијата на истите;
- Да учествува во креирањето на дневниот распоред на активностите во градинката во согласност со потребите на децата;
- Да дава, разработува и пренесува идеи за организирање на воспитно-образовната работа и да внесува иновации во воспитно-образовниот процес;
- Да учествува во реализацијата на разни облици на соработка со родителите, а особено во советодавната работа со родителите;
- Да учествува во индивидуална работа со децата и родителите во врска со решавање на проблеми кои се јавуваат во воспитно-образовната работа, меѓусебна соработка, адаптација и др:.
- Да учествува во разни облици на соработка со училиштата, а особено од аспект на подготовка на децата за поаѓање во училиште;
- Да учествува во планирањето и реализацијата на културната и јавна дејност на установата, излети, рекреативни активности, зимување и летување на децата;

- Да им помага на воспитувачите, негувателите и другите стручни работници и соработници во градинката, во подготовката на стручни теми, нагледни активности, прослави на празници и други манифестации наменети за јавноста, стручни активи, стручни совети, работни групи, родители и др;.
- Да учествува во стручното усовршување на воспитувачите и негувателите во согласност со својата стручност и нивните потреби;
- Да учествува во истражувачки проекти во рамките на стручната служба, истражувања организирани од стручни и научни институции, како и релевантни министерства;
- Да учествува во изготвување на инструменти за следење на развојот на детето и евалуација на воспитно-образовната работа;
- Да ги споделува најдобрите искуства од практиката, да учествува во изработка на стручни материјали, истите да ги објавува и да учествува на стручни собири;
- Да ја следи реализацијата на воспитно-образовната работа во градинката и водењето на педагошката евиденција и документација, како и да учествува во изработка на Годишниот извештај на градинката;
- Да дава свој придонес во создавање на позитивна клима во установата и добри меѓучовечки односи;
- Континуирано стручно да се усовршува и да води соодветна евиденција за истото"[29].

Во рамките на воспитно-образовниот систем во Република Македонија, работните задачи на стручниот работник-педагог во детската градинка, во согласност со Законот за работни односи и Законот за заштита на децата се уредени со Правилник за систематизација и организација на работните места во детската градинка. Врз основа на

[29] Каменов, Е.(2007). *Опште основе предшколског програма-Модел Б.* Нови Сад: АБМ Економик, стр.52

овој правилник следува презентација на работните задачи кои ги реализира педагогот во градинката.

- Ја планира педагошката и згрижувачко-воспитната работа во градинката и учествува во подготвување на Годишната програма на градинката;
- Учествува во изготвување на програмата за стручно усовршување на воспитниот и згрижувачкиот кадар во градинката;
- Учествува во изготвувањето на програмата за работа на градинката и Извештајот за работата на градинката;
- Заедно со директорот работи во унапредувањето на згрижувачко-воспитната работа.
- Заедно со директорот ја следи, насочува и ја контролира реализацијата за згрижувачко-воспитната работа во градинката;
- Учествува во планирањето на воспитно-образовната работа во сите воспитни групи при глобалното годишно планирање, месечното и дневното планирање;
- Активно соработува со воспитувачите и негувателите и им дава стручни совети во реализацијата на згрижувачката и воспитно-образовната работа;
- Следи, анализира и истражува карактеристични педагошки појави кои произлегуваат од воспитно-образовниот и згрижувачкиот процес и нуди мерки за нивно надминување;
- Дава стручна помош на воспитувачите и негувателите во изборот на форми, содржини, нагледни средства, литература за работа со деца и сл.;
- Работи со деца со посебни потреби и го следи нивниот развој;
- Уредно ја води Главната книга за упис на деца и во договор со директорот и одговорниот воспитувач учествува во распоредот на деца по воспитни групи;

- Дава стручна помош на воспитниот и негувателскиот кадар во водењето на педагошката евиденција и педагошката документација за воспитно-образовните активности во воспитната група;
- Дава инструктивна педагошка помош на децата, родителите, воспитувачите и негувателите и води соодветна евиденција, изготвува прегледи, извештаи, препораки;
- Учествува во планирањето, организирањето и реализирањето на стручното усовршување на воспитниот и негувателскиот кадар на ниво на градинката;
- Учествува во изготвување на програма за јавната и културната дејност на градинката и реализација на истата;
- Соработува со родителите на децата;
- Учествува во работата на Стручниот совет, Советотот на воспитувачи и Советот на негуватели;
- Учествува во работата на Комисијата за прием на деца со посебни потреби;
- Своите работни задачи ги реализира преку тимска работа со воспитно-згрижувачкиот кадар, со стручните работници и соработници и директорот на градинката;
- Ја планира и евидентира реализацијата на сопствената работа;
- Перманентно работи на сопственото професионално и стручно усовршување;
- Поднесува извештај за својата работа до директорот;
- Соработува со соодветни јавни установи и стручни институции;
- Врши и други работи и работни задачи во согласност со стручната подготовка и потребите на градинката;
- За својата работа одговара пред директорот;

Презентираните задачи, и подрачјата на работата, треба да бидат составен дел од Годишна програма за работа на педагогот и истите треба да ги имплементира низ воспитно-образовната практика во градинката во која работи.

### *6.13 Планирање и програмирање на работата на педагогот во градинката*

Како што може да се забележи, една од основните задачи на педагогот е да учествува во програмирањето и планирањето на целокупната воспитно-образовна работа во градинката. Подготовката и планирањето на воспитно-образовната работа на педагогот во градинката се реализира пред почетокот на секоја воспитно-образовна година во градинката и за време на нејзиниот тек. Од аспект на временското траење на планираните активности, како и од аспект на степенот на разработка на планирањето, во работата на педагогот најчесто се разликуваат следните видови планирања:

- Глобално, годишно планирање – подготовка пред почетокот на годината и;
- Среднорочно, месечно планирање – за време на годината;

**Глобално, годишно планирање – подготовка пред почетокот на годината**

Годишно планирање за работа на педагогот во градинката, треба да биде изготвено пред почетокот на годината, а најдоцна до 30 септември во тековната за наредната година. Тоа претставува глобален приказ на воспитно-образовните и останати активности кои педагогот планира да ги реализира во текот на годината и истото во педагошката литература уште се нарекува и годишен план или макропланирање. Изработката на годишниот план се темели на предходно проучување на Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст, Законот за заштита на децата, Програмата за рано учење и развој, добиените резултати и сознанија од процесот на самоевалуација на работата на градинката во минатата година, соодветна стручна литература, прирачници и списанија, педагошката документација, се прави анализа на состојбата на постојните дидактички средства, материјали и помагала и евентуално се потенцира потребата од нови средства и материјали. Во годишниот план, педагогот ги определува глобалните цели, задачи и содржини кои ќе ги реализира во текот на годината. Педагогот има извесна слобода во

изборот на задачите и содржините кои ќе ги реализира. Врз основа на пропишаната рамковна програма „Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст", тој сам ја изготвува годишната програма за работа на педагогот, според своето лично видување на одделни содржини од рамковната програма. При тоа значајно е педагогот да има предвид дека годишниот план е ориентациска основа од која тој потоа во текот на годината ќе ги операционализира содржините, целите и задачите.

**Среднорочно, месечно планирање – за време на годината**

Среднорочното планирање, содржи поконкретно планирање на подрачјата на работа, содржините на работа, формите на работа, инструментите за работа, соработници на педагогот и времето на реализација. Педагогот среднорочното планирање, најчесто, го изработува за период од еден месец и ако има потреба, во рамките на истото, издвојува посебно значајни моменти како што се на пример подготовката и планирањето на одделни активности на градинката во рамките на остварување на јавна и културна дејност во градинкта, учество на децата од градинкта на разни прослави и манифестации, соработка со родителите на децата, соработка на градинката со локалната самоуправа и сл.

## ***6.14 Фази на работата на педагогот во градинката:цикличен процес на планирање,следење, анализирање и унапредување***

Генерално постојат четири основни фази во работата на педагогот во градинката: 1.Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа; 2.Следење и анализирање на реализацијата на воспитно-образовната работа (набљудување, собирање на докази, преглед и анализа); 3.Вреднување на резултатите од воспитно-образовната работа преку идентификување на добри страни и подрачја за унапредување; 4.Избор на клучни области за унапредување и изработка на акциски план кој ја опфаќа неопходната поддршка и торшоците за унапредување и иновирање на воспитно-образовната работа. Во согласност со развојно-хуманистичката концепција, посебно холистичкото сфаќање за развојот на детето и конструктивистичкиот период во учењето и поучувањето кај децата од рана возраст, наведените фази во работата на педагогот претставуваат темел за квалитетна

работа на педагогот во градинката и негово континуирано унапредување на воспитно-образовната практика. Притоа, не можеме да говориме за временски или тематски фиксиран циклус. Циклусот на планирање, следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната практика е континуиран, што би значело дека крајот на еден циклус во исто време претставува почеток на нов кој овозможува перманентно унапредување на воспитно-образовната работа во градинката. Воедно, одредена фаза понекогаш се однесува само на следење на една активност и може да трае пократко време (на пример, следење на реализацијата на воспитно-образовните активности во градинката во текот на годината), додека, пак, следењето на одделни значајни проблеми (богатење на речникот на детето со нови зборови, следење на детето во однос на постигањата на одредени стандарди во развојот и сл.), може да биде и повеќегодишен циклус.




Шематски приказ број 3: Основните фази на работата на педагогот во градинката

Врз основа на горенаведеното можеме да заклучиме дека, од една страна, широкиот приод кон воспитно-образовната дејност на педагогот му овозможува големо поле на дејствување, но, од друга страна, пак, му поставува и голема одговорност кон остварувањето на неговата основна задача, унапредување и осовременување на воспитно - образовната дејност во детската градинка.

Во остварувањето на оваа комплексна улога, неминовно се наметнува и потребата од негова солидна стручна подготовка. Како солидна подлога за стручно оспособување и успешно извршување на задачите во унапредувањето и осовременувањето на воспитно-образовната дејност во детските градинки, евидентна е потребата од изучување на современи научни дисциплини кои ја третираат проблематиката на работата на педагогот во детската градинка уште во иницијалното образование на педагозите.




Шематски приказ број 4:Подрачја на работа на педагогот во градинката

Од графичкиот приказ може да се забележи дека во центарот на вниманието на стручната работа на педагогот во градинката се децата, воспитувачите, негувателите и родителите. Кон нив како субјекти во воспитно-образовниот процес, насочени се две основни активности на педагогот: советодавно-педагошко инструктивна работа и аналитичко истражувачка работа, како основа за унапредување на воспитно-образовната работа во градинката. Истите, педагогот ги реализира со голема одговорност, низ многубројни разновидни активности. Тоа не значи дека останатите подрачја на работата на педагогот (планирње, иновирање, стучно усовршување, документирање) се помалку важни, бидејќи нивната успешна реализација е во функција на позитивно влијание и дејствување на педагогот врз унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес во градинката.

# 7. СОРАБОТКАТА НА ПЕДАГОГОТ ВО РАМКИТЕ НА ГРАДИНКАТА И ПОШИРОКО

Наспроти традиционалното сваќање за градинката како институција за воспитание и образование на децата, современата градинка сè повеќе се определува како место за квалитетно живеење, рамноправно дејствување и заедничко учење на децата и возрасните. Оттука, најновите реформи кои се спроведуваат кај нас и во светот во рамките на предучилишното воспитание и образование, неминовно ја нагласуваат потребата од менување на улогата на стручниот работник-педагог во градинката. Со тоа улогата на педагогот во современата градинка станува мошне значајна и комплексна. Тој е иноватор, но и еден од главните носители на промените и нивното операционализирање во практиката, чија цел е -унапредување на воспитно-образовната работа во градинката. За да може успешно да одговори на новите барања кои современото општество ги наметнува пред него, а тргнувајќи од фактот што како учесници на целокупниот воспитно-образовен процес во градинката се јавуваат воспитувачите, негувателите, децата, стручните работници и соработници, директорот, родителите и дуги лица и институции кои на различни начини даваат свој придонес во реализацијата на воспитно-образовната работа во градинката, неминовно се наметнува и прашањето за соработката на педагогот со субјектите во воспитно-образовниот процес во градинката.

Еден од основните прицнпи на современата градинка е <u>принципот на демократичност</u>, што значи дека моќта и одговорноста во градинката подеднакво се распределени на сите субјекти, од чија меѓусебна соработка и конкретно дејствување во практиката зависи квалитетот на воспитно-образовниот процес во градинката.

Во услови на вакви глобални промени во рамките на потсистемот на предучилишното воспитание и образование, со цел унапредување на воспитно-образовната работа во градинката, прашањето за соработката на педагогот со субјектите во воспитно-образовниот процес во градинката добива сè поголемо значење. Оваа соработка на педагогот во воспитно-образовниот процес во градинката треба да биде во согласност со современите трендови во рамките на раното учење и развој кај децата, особено ако се земе предвид фактот дека програмите за рано учење и развој на децата и образовната

технологија во светот секојдневно се менуваат. Во понатамошниот дел од трудот ќе дадеме објаснување за соработката на педагогот со секој од субјектите во рамките на воспитно-образовниот процес во градинката и пошироко.




Шематски приказ број 5: Соработката на педагогот.

## 7.1. СОРАБОТКАТА НА ПЕДАГОГОТ ВО ГРАДИНКАТА

Иако педагогот има свои подрачја на дејствување во градинката и својата стручна работа ја извршува релативно самостојно, сепак, во насока на стекнување на повисок квалитет на воспитно-образовната работа во градинката, тој остварува соработка со сите субјекти вклучени во реализацијата на воспитно-образовниот процес на ниво на градинка и пошироко. Оваа соработка се остварува врз основа на однапред определени и разработени програмски ориентации и содржини базирани на годишната глобална програма за работа на педагогот и глобалното планирање во Годишната програма за работа на градинката.

Во рамките на градинката како составен дел на комуникациските односи е остварувањето на меѓусебна соработка на педагогот со:

- Воспитувачите и негувателите во градинката;
- Децата во градинката;
- Директорот на градинката;
- Другите стручни работници и соработници во градинката;
- Родителите на децата.

Без намера да ја занемариме интегралноста на сите видови односи, ќе направиме рагледување на соработката на педагогот со сите субјекти вклучени во реализација на воспитно-образовниот процес на ниво на градинка и пошироко, во функција на утврдување на специфичносите во секој однос и нагласување на нивните особености.

### 7.1.1 Соработка на педагогот со воспитувачите и негувателите.

Брзиот развој на науката и техниката влијае врз развојот на сите сфери од општественото живеење и неминовно ја наметнува потребата од менување на организацијата на животот и работата на децата, воспитувачите, негувателите и градинката во целина. Имено, во современата градинка покрај воспитно-образовната функција која ја остварува, се повеќе се говори и за нејзината социјализациска и културна

функција. Предучилишното воспитание и образование пружа основа за понатамошно школување и развој на детската личност и е незаменливо како фактор кој овозможува холистички развој на детето. Градинката е должна преку реализација на Програмата за рано учење и развој да влијае врз развојот на општествено прифатливи и традиционални вредности, да овозможи индивидуален развој на секое дете во согласност со неговите можности, способности и интереси, да ја поттикнува меѓусебната соработка и солидарноста меѓу децата, да овозможи оспособување на децата за самостојно стекнување на знаењата, развој на логичко мислење и функционално знаење, идентификување на надарени деца и деца со пречки во развојот, како и организирање на адекватна воспитно-образовна работа со нив.

За таа цел педагогот преку различни форми остварува континуирана соработка со воспитувачите и негувателите во градинката, која пред сè е насочена кон давање на:

- Поддршка и помош на воспитувачите во подготовката и планирањето на воспитно-образовниот процес во градинката;
- Поддршка и помош на негувателите во примена на современи методи и техники во реализација на воспитно-образовните активности со деца до двегодишна возраст;
- Насочување на воспитувачите и негувателите на патот кон нивниот професионален раст и развој;
- Поддршка и помош на воспитувачите и негувателите во непосредната работа со децата, а особено во работата со надарените деца и децата со пречки во развојот.
- Воведување и усовршување на воспитувачите и негувателите во водење на досието на детето, преку нивно оспособување во врска со тоа, што треба да се набљудува; како треба да се забележат податоците во досието на детето; на какво однесување од страна на детето треба да се обрне посебно внимание и сл.

- Давање поддршка на воспитувачите и негувателите, а особено на почетниците во врска со водењето на педагошката евиденција и документација во градинката;
- Планирање и реализирање на соработката со родителите на ниво на воспитна група и сл.

### 7.1.2 Соработката на педагогот со директорот на градинката

Овој вид на соработка најчесто се реализира во врска со:

- Изработка на развоен план на градинката;
- Изработка на Годишната програма за работа на градинката;
- Анализирање на Годишниот план и среднорочните (тематски) планирања на воспитувачите - во рамките на аналитичко-студиската работа;
- Посета на воспитно-образовните групи, со цел следење на реализација на воспитно-образовните активности со децата во градинката, во рамките на педагошко-инструктивната и советодавна работа;
- Организирање и спроведување на стручно усовршување на воспитувачите, негувателите, стручните работници и соработници во градинката;
- Утврдување на потребите и определување на приоритетите за промени;
- Определување на задачите, активностите, носителите и временската рамка;
- Вреднување и анализирање на резултатите од воспитно-образовната работа, со цел да се предвидат идните потреби и чекори за развој на градинката;
- Градење на здрава клима во градинката - преку развивање на односи во колективот засновани на меѓусебна доверба, толеранција, разбирање и почитување.

## 7.1.3 Соработката на педагогот со другите стручни работници и соработници во градинката

Соработката на педагогот со другите стручни работници и соработници во градинката најчесто се огледа низ:

- Договор во врска со начините на планирање и реализација на одделни стандарди и цели предложени со програмата за рано учење и развој;
- Континуирано следење на работата на воспитувачот и негувателот при реализација на воспитно-образовната работа со децата, со цел вреднување и унапредување на истата;
- Педагошко-инструктивна работа во разрешување и надминување на тековни проблеми во реализација на поедини сегменти од воспитно-образовната работа во градинката;
- Консултативно-советодавна работа со воспитувачите и негувателите во врска со постигнувањата на одделни деца во однос на стандардите за рано учење и развој во врска со пристаопот кон учењето, моторички развој, социоемоционален развој, развој на јазик и комуникација, развој на писменост и когнитивен развој и стекнување на општи знаења;
- Заедничко вреднување на однесувањето и постапките на одделни деца во определени ситуации и процеси;
- Превентивно, дијагностичко и советодавно дејствување кај родителите на децата, со цел навремено откривање и разрешување на одреден проблем со кој се соочува детето во градинката;
- Меѓусебна кооперативна активност на сите членови на стручната служба со цел поуспешно реализирање на планираните активности на градинката за соработка со пошироката општествена средина.

### 7.1.4 Соработката на педагогот со децата во градинката

Во современата градинка сè повеќе се промовира идејата за активно учество на децата во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на нивното учење и развој. Улогата на педагогот во реализирањето на овој вид на соработка се огледа преку неговото учество во поттикнувањето на децата да дадат предлог, иницијатива и сугестија, која подоцна тој ќе ја вгради при обликувањето на целокупниот воспитно-образовен процес во градинката. Ваквиот третман на педагогот кон детето, овозможува тоа да ги развие своите социјални компетенции, односно детето се оспособува за демократски дијалог со останатите учесници во воспитно-образовниот процес и за активно дејствување во животот и работата, најнапред во рамките на градинката, а подоцна и во рамките на општествената заедница во целина.

## 7.2. СОРАБОТКАТА НА ПЕДАГОГОТ СО ПОШИРОКАТА ОПШТЕСТВЕНА СРЕДИНА

### 7.2.1. Соработка на педагогот со родителите на децата

Во современите услови на живеење се повеќе говориме за промените кои настануваат и во рамките на семејството, кое од традиционално се повеќе прераснува во модерно семејство. Улогата на педагогот во соработката на родителите со градинката е мошне значајна и голема, и истата е условена од промената на сфаќањето за улогата на семејството, брзото темпо на живеење, како и преголемото влијание на електронските медиуми врз развојот на децата. Во услови на брзи општествени промени кои влијаат врз промените во семејството, улогата на педагогот е врз основа на своите компетенции да настојува да реализра што поквалитетна соработка со родителите на децата и со тоа да му помогне на семејството во целина. Притоа, значајно е да се напомене дека квалитетната соработка подразбира заедничка двонасочна комуникација (педагог-родител), која тежнее кон целосно задоволување на интересите на двете страни, со цел остварување на заедничката визија. Во современата педагошка литература, кога се зборува за соработката меѓу педагогот и родителите, се повеќе се истакнува важноста на рамноправната

комуникација, меѓусебното почитување и договарање, со што поимот соработка се повеќе се менува со терминот партнерство. Денес, соработката на педагогот со родителите се повеќе се нагласува како општествена и педагошка потреба, особено ако се има предвид фактот дека детето е личност која расте и се развива под влијание на многу фактори во рамките на семејството и во рамките на градинката и затоа соработката помеѓу педагогот (градинката) и родителите мора да биде двонасочна. Работата на педагогот со родителите претставува динамичен процес, кој од педагогот бара да има разбирање кон родителите, да биде дискретен во однос на информациите кои ги добива од нив, да им биде достапен за контакт во секое време, да умее да ги сослуша, стручно и одговорно да ја извршува својата работа во градинката. Имено, комуникацијата педагог-родител треба да се заснова на искреност, заемна доверба и почитување. Мислењето дека родителите како први и најважни воспитувачи на детето треба активно да учествуваат во креирањето на курикулумот кој е усмерен на детето како и тоа дека треба да бидат рамноправни партнери во воспитанието и образованието на детето во рамките на градинката, се почитува во рамките на целокупната педагошко-психолошка литература, но во практиката не е лесно да се оствари квалитетна и континуирана соработка со родитлеите. Како причина за тоа се наведуваат: презафатеноста на родителите, недоволната информираност за работата на педагогот во градинката, индиферентниот однос на педагогот за соработката со родителите и сл. Затоа, со сигурност може да потврдиме дека соработката на педагогот со родителите претставува сложен и креативен процес кој континуирано се развива, збогатува и менува во полза на детето и неговиот правилен раст и развој.

Врз основа на горенаведеното може да се констатира дека работата на педагогот со родителите е мошне комплексна и истата од педагогот бара, стручно и научно да пристапи кон реализирање на поставените здачи, добро да ги познава своите работни задачи во рамките на градинката, образовната структура на родителите, досегашните начини на традиционална соработка на градинката со родителите, нивните можности, способности, интереси, како и андрагошката компетентност на родителите, односно нивната возраст и животно искуство. Градинката, преку разни организирани облици на соработка, мора да влијае врз подигање на педагошката култура на родителите, односно да ги оспособи истите што е можно подобро да ја извршуваат својата родителска улога.

Во градинките се применуваат разни облици на соработка со родителите кои, главно, може да се поделат на две групи: индивидуални и групни облици на соработка во рамките на кои можеме да разликуваме традиционални и модерни облици на соработка со родителите.

Традиционални облици на соработка на педагогот со родителите

- Родителски состаноци (групни или заеднички);
- Разговори (индивидуални и групни);
- Советување.

Современи облици на соработка на педагогот со родителите

- Педагошка работилница
- Советувалиште за родители
- Писмено обраќање до родителите
- Тематско пано
- Прашалници за родителите
- Online соработка со родителите

Сите облици на соработка се педагошко, психолошки и социјално значајни во развојот на партнерски однос кон родителите. Кој облик на соработка ќе биде применет во дадена ситуација тоа, пред сè, зависи од можностите на установата, задачите, поврзаноста со родителите, традицијата, интересите и потребите на децата и можностите на родителите.

**7.2.2 Соработка на педагогот со институции поврзани со организацијата, развојот и евалуацијата на воспитно-образовниот систем на локално и државно ниво**

Составен дел од работата на педагогот претставува и промоцијата на заедничките цели на установата за деца, локалната заедница и институциите од државно ниво како и

афирмирање на работата на градинката во пошироката средина. За таа цел педагогот соработува со:

- Локалната самоуправа. Составен дел од работата на педагогот, претставува и соработката со локалната самоуправа, со цел обезбедување на посоодветни услови за работа на установата за деца, промовирање на резултатите од воспитно-образовната работа и вклучување на други субјекти (институции и лица од пошироката околина) во реализација на воспитно-образовниот процес во градинката.

- Министерството за труд и социјална политика. Оваа соработка се заснова на информирање на педагогот со законската регулатива и прописите со кои се регулира работата на установата за деца.

- Бирото за развој на образованието. Суштината на овој вид на соработка се согледува низ призмата на следната констелација на активности, при што педагогот е вклучен:

- во изработка на програмата за рано учење и развој;
- во истражувачки проекти од значење за развој на предучилишното воспитание и образование;
- во создавање и рецензирање на прирачници за деца и воспитувачи.

- Државен просветен инспекторат. Оваа соработка можеме да ја дефинираме низ контактите, средбите и активностите во врска со:

- надзор над исполнетоста на воспитно-образовните стандарди;
- обезбедување на квалитет на воспитно-образовниот процес;
- евалуација на работата на градинката;
- примена на законите, други прописи и општи акти од областа на предучилишното воспитание и образование

### 7.2.3 Соработка на педагогот со стручни институции

- **Институтот за педагогогија при Филозофскиот факултет**. Оваа соработка има за цел негување и стимулирање на континуирано професионално усовршување на педагогот.
- **Институтот за дефектологија и Заводот за ментално здравје на деца и младинци и други институции за воспитание и образование на деца со пречки во развојот.** Овој вид на соработка денес станува особено актуелен и сè повеќе добива на значење поради сè поголемото актуелизирање на инклузијата на децата со пречки во развојот во рамките на редовните групи во градинката.
- **Активот на педагози.** Оваа соработка подразбира контакти и средби, размена на искуства и идеи во насока на подобрување на воспитно-образовната работа во градинката.

### 7.2.4 Соработка на педагогот со институции, организации, здруженија, друштва, фирми за реализација на одделни цели и содржини од воспитно-образовниот процес

Овој вид на соработка придонесува кон холистички развој на детето и негово активно вклучување во општествениот живот. Истата се остварува низ многубројни набљудувања, демонстрации, разговори, прашања и одговори преку однапред планирана и организирана посета на:

- Културните институции,(како на пример: театар за деца и младинци, кино, музеј, библиотека и сл.);
- Стопанските и нестопанските дејности, (посета на училиште, фабрики, посета на општината, пошта, автобуска станица, железничка станица, полициска станица и сл.);
- Спортските клубови и друштва;
- Невладините организации и сл.

Оваа соработка е мошне значајна за детето, бидејќи истата влијае врз развојот на перцепцијата, фантазијата, вниманието, мислењето, помнењето и говорот кај детето.

За квалитетно остварување на соработката на педагогот со сите горенаведени субјекти во градинката и пошироката околина, значајно е, пред сè, тој да ја сака својата работа, да биде креативен, континуирано и стручно да се усовршува, да ги следи најновите научни и технички откритија, новите сознанија да ги применува во практиката, да користи самовреднување на сопствената работа, но и останатите субјекти да ги приспособи за оваа активност. Но, од друга страна, потребно е, и општеството да преземе соодветни мерки за подобрување на положбата на педагогот во детската градинка.




Шематски приказ број 6: Заемна поврзаност на градинката и пошироката средина преку педагогот.

# 8. КЛУЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ ВО ГРАДИНКАТА

Поимот компетенции во Педагошкиот лексикон се дефинира како:„Компетентност/компетенција - за постоење на диспозиција за успешно извршување на некоја дејност. Настанува како резултат на заемно дејствување на наследството, факторот на средината и сопствената активност. Се употребува и во позитивна конотација и тогаш означува изразена, натпросечна способност за некоја дејност"[30]. Бидејќи предмет на анлиза на оваа докторска дисертација е педагогот и неговата улога во градинката во насока на унапредување на воспитно-образовната работа во градинката, во продолжение следува прегледот на компетенции кои би требало да ги поседува педагогот во градинката. Со теоретска анлализа на стручна литература дојдовме до заклучок дека педагогот е најшироко профилиран стручен работник со најбогати подрачја на работа во рамките на стручната служба во градинката со цел унапредување на воспитно-образовната работа. За да ја извршува успешно својата работа во градинката, педагогот покрај стручните знаења треба да поседува и други одлики-компетенции. Интересен преглед на компетенциите што треба да ги поседува секој педагог има познатиот универзитетски професор д-р Станичиќ Стјепан.




Шематски приказ број 7: Хипотетички модел на компетенцискиот профил на идеалниот педагог[31]

[30] *Педагошки лексикон*, (1996). Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, стр.242

[31] Stanicic, S. (2001). *Koncepcija razvojne pedagoske djelatnosti strucnih suradnika.* Zagreb: Skolske novine.br.22,(prilog9),str.16.

Основна компетенција која мора да ја поседува секој педагог е да има **<u>карактер што го красат добри особини.</u>** Тоа од педагогот бара:

- Да има професионален однос кон работата (да биде одговорна личност, лојална на организацијата во којашто работи);
- Да остварува комуникација со сите субјекти во воспитно-образовниот процес заинтересирани за развој и унапредување на воспитно-образовната работа во градинката;
- Да покаже доверба кон другите стручни работници, соработници во гардинката, воспитувачите, негувателите и директорот, и
- Да го почитува туѓото мислење и идеја.

Всушност, карактерот е тој што му овозможува на педагогот да го прави тоа што е правилно дури и тогаш кога тое е тешко. Сè почнува со карактерот, бидејќи педагогот како иницијатор и координатор на воспитно-образовната работа во градинката го отвора патот кон ефективна градинка која се заснова на доверба меѓу сите субјекти во воспитно-образовниот процес.

Втората компетенција е **<u>стручната</u>**. Тоа значи дека педагогот мора да поседува поголеми стручни знаења и умеења во однос на другите вработени, потребни за успешно реализирање на поставената мисија и визија на градинката. Тоа подразбира:

- Добро познавање на Програмата за рано учење и развој;
- Познавање на основните дидактички принципи во воспитно-образовната работа;
- Познавање на процесот на планирање и програмирање на Годишната програма за работа на градинката;
- Разбирање од страна на организацијата за педагошката работа во градинката;
- Знаења кои ќе овозможат следење и вреднување на напредокот на децата во воспитно-образовниот процес.

- Добро познавање на законската регулатива.

Сите овие знаења му се нужно потребни на педагогот во градинката, за да може да се наметне во својата средина пред вработените. Неговата афирмираност како стручњак во практиката ќе доведе до негов респект од страна на вработените и ќе ја зајакне довербата кон него, што е особено значајно од аспект на воведување на иновации во насока на унапредување на воспитно-образовната работа во градинката.

**Развојна компетенција,** или со други зборови тоа значи дека педагогот мора да поседува знаења поврзани со унапредување на воспитно-образовната работа во градинката. Тоа подразбира:

- Воведување иновации во педагошката работа;
- Познавење на информатичката технологија;
- Рационално организирање на работата во градинката;
- Информирање на вработените за најновите достигнувања на педагошко-психолошката наука;
- Јасно поставена визија за работата на градинката.

**Акциска компетенција**, која го вклучува дејствувањето на педагогот во практиката. Тоа подразбира:

- Отвореност на педагогот во работата со воспитувачите;
- Активно слушање и пружање советодавна работа при планирање реализација на воспитно-образовната работа во градинката;
- Создавање услови за отстранување на потешкотиите, со цел унапредување на воспитно-образовната работа во градинката;
- Истакнување на позначајните резултати и успеси на вработените во градинката;
- Учество во решавање на проблемски ситуации.

Оваа компетенција подразбира дека педагогот секокаш има разбирање за улогата на секој член на колективот, како дел од тимот во градинката. Има отворена комуникациска врска со сите вработени, што покажува дека тој ги познава, почитува и го цени тоа што тие го работат, а со тоа вработените го доживуваат како темелен, голем и силен водич на патот кон создавање на ефективна градинка.

**Социјална компетенција** која подразбира:

- Познавање на законитостите во меѓучовечките односи;
- Способност да ги мотивира вработените;
- Учествува во решавање на конфликти;
- Вештини и знање за демократско водење; и
- Препознавање на индивидуалните квалитети.

Врз основа на оваа компетнеција педагогот ги придобива воспитвачите за поттикнување на современи идеи и воведување на иновации во воспитно-образовната работа, за креативен пристап во работата и сл.

Според резултатите до кои дошол проф.д-р Станичиќ Стјепан во неговото истражување за компетенциите на педагог може да се заклучи дека, идеалниот педагог би можел да се опише како „стручњак чија темелна програмска ориентација е воведување на иновации во воспитно-образовната работа, кој добро ја познава програмата која се реализира во градинката и принципите на нејзината реализација, отворен е, искрен и доследен во работата, а своите колеги умее да ги сослуша и да им даде квалитетен професионален совет“.[32]

Stanicic, S. (2001). *Kompetencisjki profil skolskog pedagoga.* Rjeka: Ministerstvo prosvjete i sporta-Zavod za unapredjedivana skolstva, str.293

# 9. ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ПЕДАГОГОТ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ

Настојувањето на Република Македонија да фати чекор со најновите трендови во развојот на предучилишното воспитание и образование во светот, го актуелизира прашањето за подигање на квалитетот на работата, особено квалитетот на воспитно-обарзовниот процес и вкупната ефективност на детската градинка и императивно ги поставува новите насоки во кои треба да се движи креирањето на новата политика во предучилишното воспитание и образование во нашата земја. Притоа, во преден план се истакнува квалификуваноста на стручните кадри во градинката, т.е „оспособеноста за почитување, познавање и аплицирање на современите сознанија од сферата на воспитно-образовната теорија и практика“[33]. Во анализата што следува, главно, ќе се задржиме на состојбата и трендовите кои се однесуваат на стручниот работник-педагог во градинката, прашањата и проблемите со неговото континуирано образование како и на потребата од воспоставување на систем на кариерен развој, како битна претпоставка за успешно остварување на улогата и функцијата на педагог во градинката.

## 9.1 ИНИЦИЈАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, СТЕКНУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНОТО УСОВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ РАБОТНИК ПЕДАГОГ ВО ГРАДИНКАТА

Иницијалното образование на стручниот работник-педагог кој може да биде вработен во предучилишните установи во Република Македонија се изведува на факултетско ниво во траење од 4 години. Во Република Македонија, педагозите стекнуваат образование на два факултета и тоа: Институтот за педагогија при Филозофскиот факулетет во Скопје и Институтот за педагогија при Државниот универзитет во Тетово. Студиските програми на овие два факултета ги сочинуваат општообразовни предмети и методички предмети, општи и стручни педагошки предмети, психолошки предмети и методички предмети кои го покриваат подрачјето на раното учење и развој кај детето.

[33] *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи* (2006). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 321

Компететноста на стручниот работник - педагог во градинката се темели врз две основни компоненти и тоа: стручно-научна и педагошка, што значи дека за успешно извршување на работните задачи на стручен работник - педагог во градинката, потребни се стручни знаења од одредена област и педагошки знаења, способности, вештини и умеења.

Сериозно внимание заслужува и третманот на наставниот предмет „Методика на работа на училишниот педагог", кој што тој го имал во наставните планови и програми на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Имено, нашата анализа на наставните планови и програми на Инстиутот за педагогија , покажува дека во текот на годините се менувал како називот на наставниот предмет така и неговиот третман, од изборен предмет, преку изборно задолжителен, па се до негово воведување како задолжителен предмет. Така тој нанјапред бил воведен како „Методика на работа на училишниот педагог", потоа содржини од овој предмет се изучувале во рамките на предметите Училишна педагогија и Советување и ориентација, во студиската 2001/2002 година, се воведува како наставен предмет кој се изучува во V и VI семестар, под името „Методологија на работа на педагогот" и истот добива статус на задолжителен предмет. Во наставната програма од 2004-2005 година, тој повторно се преименува во „Методика на работа на училишниот педагогот" и се изучува воVII семестар, но сега го губи статусот на задолжителен предмет и истиот се воведува како изборен. Согледувајќи ја потребата на студентите од изучување на содржините во рамките на предметот „Методика на работа на училишниот педагог", со најновите измени на наставните планови и програми на Институтот за педагогија, при Филозофскиот факултет во Скопје, овој наставен предмет повторно го добива статусот на задолжителен предмет и денес тој се изучува во VIII семестар.

Меѓу актуелните проблеми кои заслужуваат внимание во рамките на иницијаланото образование на стручниот работник - педагог во градинката е и педагошката практика. Последните години во светот и кај нас е присутна општата тенденција за нејзино постојано зголемување и проширување. До неодамна таа практика кај нас се реализираше, главно, преку наставата на соодветните методики, што е сосоема недозволено. Сепак, со

последните реформи кои го зафатија високото образование во Република Македонија, направен е значаен чекор кон подобрување на ваквата состојба како од аспект на нејзиното времетраење, така и од аспект на содржината, задачите и начинот на нејзината реализација.

Најновите предизвици со кои се соочува предучилишното воспитание и образование во светот и кај нас, претпочитаат педагог - професионално оспособен за творечко дејствување, кој ќе поттикнува, ќе мотивира, ќе поддржува користење на современа ИК технологија, ќе овозможува користење на разновдни пристапи кон учење базирани на холистичкиот пристап во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст. Токму затоа посебно внимание заслужува потребата од концепциско и програмско дидактичко осмислување не само на иницијалното туку и на перманентното професионално усовршување на педагог во градинката.

## 9.2 ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

Професионалното усовршување на стручниот работник - педагог во градинката се остварува:

- На државно или регионално ниво-преку подрачните единици на Бирото за развој на образованието, во зависност од целта на усовршувањето (нова програма за воспитно-образовна работа со децата од предучилишна возраст, воведување на нови проекти, дидактички и програмски иновации и сл.);
- Во градинки/воспитно - образовни институции како стручен совет на воспитувачи, негуватели, актив на педагози од градинките ;
- Земајќи учество на научни конференции, симпозиуми, дебати, тркалезни маси, најчесто за актуелни прашања од воспитно-образовниот процес во предучилишното воспитание и образование, каде има можност да се афирмира поединечно, но и да даде свој придонес во афирмација на градинката, и;
- Учествувајќи со сопствени трудови во педагошки и стручни списанија, весници, методички прилози и изнесувајќи лични согледувања.

## 9.3 ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА СТРУЧНИОТ РАБОТНИК ПЕДАГОГ- ВО ГРАДИНКАТА

Континуираниот развој на градинката и доживотното учење на стручниот работник - педагог, треба да се набљудуваат во нивното единство и да се промовираат во природно поврзани и меѓузависни процеси.

Континуираното образование на стручниот работник-педагог во градинката има свое посебно значење и претставува предуслов за успешно унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа во градинката. Во таа смисла создавањето на „стимулативни општествени и професионални услови за кариерен развој" на стручниот работник - педагог, ќе има значителен придонес кон промени на ставот на педагогот во градинката кон сопствениот професионален развој"[34].

[34] *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи* (2006). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 333

# 10. КЛУЧНИ ПОДРАЧЈА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА ПЕДАГОГОТ ВО ГРАДИНКАТА

Во услови на глобални промени на воспитно-образовниот систем, а со оглед на улогата која ја има стручниот работник-педагог во подигањето на квалитетот на воспитно-образовната работа во градинката, прашањата за неговото образование и професионалниот развој добиваат се повеќе на значање. При тоа перманентното, стручно, и професионално усовршување на педагогот во градинката, треба да биде во согласност со реалното случување и антиципираните потреби. Така актуелна станува потребата за редефинирање на улогата на педагогот како и неговите професионални компетенции.

## 10.1 ОПШТИ И СТРУЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ НА ПЕДАГОГОТ ВО ГРАДИНКАТА

Педагогот како стручен работник во градинката, треба да е дел од менаџерскиот тим, што подразбира негова вклученост во изработка на развојните планови на градинката, програмите и плановите за реализација на воспитно-образовните активности, како и континуирано следење на новините во педагошко-психолошката наука и давање на сопствен придонес во унапредување на воспитно-образовната работа. За таа цел тој мора да поседува и соодветни општи и стручни компетенции, неопходни за успешна реализација на неговата работа, а со тоа и создавање услови за унапредување на воспитно-образовната работа во градинката.

**<u>Општи компетенции</u>** [35]

| | |
|---|---|
| **Компјутерски вештини** | Основи на компјутерски вештини<br>Работа во: Microsoft Word, Power Point, Ehcel, Internet |
| **Странски јазици** | На базично ниво:<br>Основна комуникација<br>Следење литература<br>Користење на Интернет |

[35] *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи* (2006). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 349

| | |
|---|---|
| **Образование** | Соодветно високо образование |
| **Работно искуство** | Стручен тим во предучилишни установи |
| **Деловна етика** | Чесност<br>Тактичност<br>Добри манири<br>Пристоен изглед<br>Стабилна личност со изграден сопствен стил<br>Грижа за другите |
| **Комуникациски вештини** | |
| **-Вербални** | Објаснување<br>Презентирање<br>Водење состаноци<br>Дебатиерење<br>Интервју |
| **-Писмени** | Извештаи<br>Аналитички согледувања<br>Презентации<br>Писма<br>Материјали за одередена област<br>ЦВ |
| **Социјални вештини** | Рабирање за другите<br>Соработка со другите<br>Учество восоцијалните активности<br>Соработка со социјалната средина |
| **Лидерски вештини** | Волја-свесност и насоченост кон целта<br>Влијателност<br>Доверливост<br>Приспособливост<br>Разумност |
| **Процена на ситуацијата** | Согледување на сите можности<br>Донесување суд |
| **Донесување на одлуки** | Користење на сите извори<br>Консултирање<br>Разгледување на факти<br>Преземање одговорност за донесување одлуки |
| **Решавање на проблеми** | Снаоѓање во непознати ситуации<br>Користење на сопственото искуство |
| **Справување со конфликти** | Лични, социјлани, професионални, меѓустнички, културни, историски, политички и др. конфликти |
| **Преговарање** | За разрешување на ситуации<br>За разрешување на конфликти<br>За изнаоѓање најсоодветни решенија |
| **Способности за** | Приспособување на работата на тимот |

| | |
|---|---|
| **тимска работа** | Почитување на туѓите мислења<br>Сослушување на другите<br>Исполентост за задачите поставени од тимот<br>Способност за водство на тимот<br>(по потреба) |
| **Стручни вештини од различни сфери** | Образовение<br>Обарзовен систем<br>Образовна политика<br>Образовни стандарди<br>Курикулум<br>Проектен менаџмент |
| **Аналитичко-синтетички вештини** | Формирање на база на податоци<br>Анализирање на база на податоци<br>Анализа на сосотојби<br>Анализа на постигнатиот успех во текот на годината<br>Испитување на причините за отсуство од наставата<br>Проучување на причините за слабите резултати и пронаоѓање начини за надминување<br>Изработка на инструменти за следење на одредени проблеми<br>Собирање на различни податоци презентирање на резултатите<br>Испитување на педагошките фактори што се важни за напредувањето<br>Изработка на анализи, табеларни прегледи и статистика |
| **Евалваторски способности** | Способности за проценување<br>Способности за оценување<br>Способноси за самооценување<br>Учество во изработка за инструменти за евалвација<br>Развивање на стандарди за оценување и самооценување |
| **Стручно усовршување** | Иницирање на иновација во воспитно-образовната работа<br>Создавање услови за воведување новини во наставата<br>Учество во стручно усовршување на воспитувачите<br>Соработка со други градинки и размена на искустава<br>Грижа за постојана обука на кадарот<br>Сопствено усовршување |
| **Учество во реализација на процесот** | Работа со стручни орагани<br>Учествои во работата на стручните органи<br>Соработка со стручни институции и поширокота општестевена средина<br>Подготовка, водење и преглед на документацијата<br>Подготовка за започнување на учебната година<br>Учество во изработка на годишната програма<br>Подготовка, планирање и следење на воспитно-образовната работа<br>Следење на реализацијата на планот и подготовката на |

| | |
|---|---|
| | предучилишната установа<br>Следење на воспитно-образовната работа<br>Помагање и упатување во работата на помладите колеги |

**Специфични компетенции за профилот ПЕДАГОГ -на три нивоа[36]**

| | |
|---|---|
| **Работа насочена кон воспитувачите** | Следење на глобалните тематски планирања на воспитувачите<br>Консултации со стручните активи<br>Усогласување во реализацијата на воспитно-образовната програма<br>Следење на реализацијата на воспитно-образовната програма<br>Испитување на причините за нереализирање на воспитно – образовната програма<br>Посета на активности и укажување за подобрување на воспитно-образовната работа |
| **Работа насочена кон децата** | Периодична анализа на постигнатите резултати.<br>Давање советодавна помош на децата |
| **Советодавно – консултативни компетенции** | Планирање и подготовка на современи приоди и концепти<br>Соработка при избор на нови форми, методи и постапки за реализација на воспитно-образовниот процес<br>Учество и демонстрирање на практични модели на воспитно-браозвна работа<br>Учество во изработка на инструменти<br>Органзиација на педагошко образование на родителите<br>Советодавна работа со родителите во однос на педагошки прашања |

## 10.2 НАЧИНИ НА НАПРЕДУВАЊЕ НА ПЕДАГОГОТ

Во професионалниот развој на педагогот во градинката спаѓа и неговото напредување во звања. Во членот 147 од Законот за заштита на децата стои дека стручните работници во детските градинки напредуваат во звање и тоа:

[36] *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи* (2006). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 351

Стручен работник –ментор и

Стручен работник-советник

Начинот на стручното усовршување на вработените во установите за деца го пропишува министерот преку правилник.

Првиот правилник за начинот на стручно усовршување на вработените во установите за деца е донесен во април 2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр.61 од 25.4.2013). Во членот 2 од истиот стои дека„Вработените во установите за деца стручно се усовршуваат преку генерички (општи) и специјализирани обуки". [37] Истите имаат за цел да обезбедат континуирано стручно усовршување на педагогот, развивање на неговите компетенции поради подобро извршување на работата и работните задачи со цел унапредување на воспитно-образовната работа во градинката.

Генеричките обуки се спроведуваат во следниве области и истите се однесуваат на потребите на сите вработените во установата:

- „административно работење;
- комуникација;
- управување со човечки ресурси;
- управување со проектен циклус;
- управување со финансии;
- информатички вештини и
- странски јазици".[38]

[37] *Правилник за начинот на стручно усовршување на вработените во установите за деца*, (2013). Скопје: Службен весник на Република Македонија, бр.61,стр. 15

[38] Исто, стр.15

Специјализираните обуки служат за унапредвање на специфичните знаења и вештини во извршување на работите и работните задачи на педагогот во градинката. Истите се спроведуваат во следниве области:

- „Теоретски основи на детскиот развој;
- Стандарди за рано учење и развој;
- Процена и документација на развојните постигања кај децата;
- Стратегии за учење и подучување на малите деца;
- Креирање на стимулативна средина за рано учење;
- Соработка и партнерство со родителите;
- Спречување на насилство, злоупотреба и запоставување;
- Развивање и поттикнување на креативни вештини кај децата;
- Почитување на различностите и инклузија на деца со пречки во развојот и социјално маргинализираните групи;
- Комуникациски вештини;
- Развивање и мотивација за учење;
- Иновативни методи за учење и подучување на малите деца, како и управување со воспитните групи“.[39]

---

[39] *Правилник за начинот на стручно усовршување на вработените во установите за деца*, (2013).Скопје: Службен весник на Република Македонија, бр.61, стр.15

Секој стручен работник – педагог е должен да изработи годишен план за индивидуален развој во кој ги наведува обуките и стручното усовршување кои смета дека му се потребни за извршување на работата и работните задачи и истиот го доставува до стручниот совет на установата. Врз основа на планот за индивидуалниот развој, потребите и приоритетите на градинката, резултатите од извршената самоевалуација од работењето на установата, врз основа на постигнатите стандарди во воспитно-образовната работа со децата и резултатите од Годишниот извештај за работењето на градинката. Стручниот совет ги идентификува потребите за стручно усовршување на вработените и има задача истото да го испланира и реализира.

Генеричките и специјализираните обуки за стручниот работник - педагог според Правилникот за начинот на стручно усовршување на вработените во установите за деца, главно се реализираат преку:

- „Семинар;
- Работилница;
- Студиска посета;
- Обуки на работното место;
- Курс;
- Учење од далечина;
- Конференција;
- Специјализација“.[40]

---

[40] *Правилник за начинот на стручно усовршување на вработените во установите за деца*, (2013).Скопје: Службен весник на Република Македонија, бр.61, стр.15

## 11. ВОВЕДУВАЊЕ НА ИКТ ВО РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ ВО РАМКИТЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНИОТ СИСТЕМ ВО ФУНКЦИЈА НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

***Состојби и перспективи***

Во врска со имплементирањето на ИКТ во работата на педагогот во детската градинка, во стратешкиот документ *„Националната програма за развој на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија 2005-2015 година“*,во делот кој се однесува на *„Воведување на ИКТ во рамките на предучилишниот систем“*, јасно се укажува на можноста и потребата од воведување на средствата на ИКТ во рамките на предучилишниот систем, поради можностите кои истите ги нудат за одржување на чекор со светските трендови во современата педагогија, од аспект на осовременување на работата на педагогот и унапредување на воспитно-образовниот процес во детската градинка. „При тоа клучни придобивки од користењето на ИКТ се:подобро функционирање внатре во градинката, подобрена евалвација на воспитно-образовниот процес, подобра искористеност на ресурсите во градинката и подобра информираност за планирањето на воспитно-образовната работа“. [41]

Од друга страна, пак, нашите искуствени и практични сознанија, говорат дека во Република Македонија, најголем дел од стручните работници - педагози, вработени во детските градинки, ја немаат можноста за примена на ИКТ во својата работа, најнапред поради минималното ниво на опременост на предучилишните установи со средствата на ИКТ, но истовремено не смее да се занемари и фактот од недостаток на методско оспособување на веќе вработените педагози во детските градинки, во поглед на функционирањето и можностите за користење на средствата на ИКТ во работата на педагогот.

[41] Петковски,К.(2009). *Предизвици на современото лидерство во образованието.* Битола: Херакли Комерц, стр.51

За надминување на ваквата состојба во наредниот период ќе биде неопходно:

- Соработка на градинката со сите институции и невладиниот сектор, кои можат да помогнат во опремувањето на предучилишните установи со средствата на ИКТ;
- Подигање на свеста кај стручните работници за значењето и можностите кои ИКТ ги нуди во поглед на воведување на квалитативни и суштествени промени во детската градинка, како одговор на современите потреби и барања, наметнати од светските трендови во предучилишното воспитание;
- Развој на систем на перманентно стручно усовршување на стручните работници-педагози, во чија обука ќе влезе и континуирано информатичко описменување;
- Интервенции на програмите во рамките на иницијалното образование на педагозите, со донесување на стандарди на компетенции, во кои би биле вклучени и компетенциите за правилно користење на сраствата на ИКТ во работата на педагогот;
- Подготовка на компјутерски софтвер, кој ќе се користи за потребите на педагозите од аспект на планирањето, програмирањето и документирањето на сопствената работа;

# Втор дел

# Методологија на истражувањето

## 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За да го откриеме вистинскиот предмет на нашето истражување, најнапред ќе одговориме на прашањата што следат.

- ***Што сакаме да истражуваме, која е областа во која може да се движиме, односно кое е опкружувањето на нашиот предмет на истражување?***

Нашиот научен интерес е насочен кон истражување и разгледување на работата на педагогот како стручен работник гледано низ призмата на актуелната педагошка практика во детските градинки во Република Македонија.

Станува збор за едно широко научно подрачје во кое педагогот во градинката ја реализира својата стручна дејност. Имајќи предвид дека специфичноста на функцијата на предучилишниот педагог во детската градинка потекнува од фактот дека тој пред сè е стручен работник, (но не е инспектор, советник, раководител и сл.),што подразбира активна и конструктивна соработка со сите учесници во воспитно – образовниот процес, со ова истражување се настојува да се проучат неколку значајни прашања и тоа: како се сфаќа улогата и суштината на соработката меѓу педагогот и воспитувачите; педагогот и негувателите и педагогот и родителите, како активни учесници во воспитно-образовниот процес во работата со деца од предучилишна возраст. Колку истата соработка се применува во практиката и кои содржини најчесто се предмет на соработка меѓу педагогот и другите активни учесници (воспитувачи, негуватели, родители), во воспитно-образовниот процес. Кои се причините кои ја оневозможуваат или отежнуваат соработката на педагогот со воспитувачите, негувателите и родителите на децата од предучилишна возраст, дали педагозите во детската градинка се стручно оспособени за да можат успешно да ја реализираат својата работа и кои се мислењата и ставовите на педагозите, воспитувачите, негувателите и родителите од аспект на воведување на иновации со цел да се подобри работата на педагогот во функција на унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.

❖ ***Кој ни е мотивот и зошто сакаме или сметаме дека тоа треба да се истражува, зошто истражувањето што се нуди е научно и општествено потребно, пожелно и можно?***

Основниот мотив од кој појдовме во ова истражување е во рамките на бројните иновативни реформски зафати кои се спроведуваат во предучилишното воспитание и образование, да се потенцира улогата и значењето на педагогот како стручен работник во детската градинка, со цел унапредување на воспитно-образовната практика.

Сметаме дека истражувањето на овој проблем е од несомнено значење за воспоставување квалитет во работата на педагогот во детската градинка, соодветен на потребите на воспитанието и образованието во земјата и транспарентен и конкурентен во меѓународни рамки.

Консултирајќи многу научна литература за ова прашање, преку нашите искуствени сознанија од практиката и неформалните разговори со многу колеги практиканти, дојдовме до сознанија дека работата на педагогот во детската градинка е во непосредна зависност од *„Основите на програмата за работа на педагогот во детската градинка“.*

Оттука цениме дека нашето истражување на овој проблем ќе ја отслика реалната ситуација во воспитно - образовната практика од аспект на работата на педагогот во детската градинка, во функција на унапредување на воспитно-образовната практика.

❖ ***Што знаеме за она што треба да го истражуваме?***

Поаѓајќи од научните и искуствените сознанија, знаеме дека работата на педагогот во детската градинка не е доволно истражуван проблем во нашата практика. Не се јасно утврдени и дефинирани програмските подрачја на работата на педагогот во детската градинка. Одговорите на поставените прашања ни помогнаа да го определиме предметот на нашето истражување.

### ❖ *Предмет на истражување*

***Предметот на ова истражување е работата на педагогот во детската градинка, од аспект на планирањето, реализацијата, слабостите што таа ги има и измените што е потребно да се направат за да се подобри нејзиниот квалитет, во функција на унапредување на воспитно - образовната работа во детската градинка.***

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во предметот на нашето истражување се сретнуваат неколку основни поими:

- педагог во детска градинка;
- стручен работник;
- воспитно-образовна работа;
- детска градинка.

### *Педагог во детска градинка*

За подобро да го определиме поимот педагог во детската градинка се користиме со значењето што е дадено во Педагошката енциклопедија. Имено, педагог во детска градинка е лице кое дипломирало на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет, каде што постои соодветена насока-предучилишен педагог.

Во рамките на подрачјето на дејствувањето на педагогот во детската градинка спаѓаат: стручно-аналитичка работа, учество во планирањето, следење и вреднување на резултатите од реализирањето на воспитно-образовниот процес во детската градинка, учество во стручното усовршување на вработените, како и непосредно учество во процесот на организирањето на воспитно-образовната работа во детската градинка.

### *Стручен работник*

За потребите на ова истражување, поимот стручен работник го дефинираме како работник кој во воспитно - образовната установа учествува во реализација или организација на воспитно-образовната работа. За стручен работник може да биде избрано лице кое завршило соодветен факултет.

❖ ***Воспитно-образовна работа***

Под поимот воспитно-образовна работа во детската градинка се подразбира заедничката работа на воспитувачот со децата за реализирање на поставените цели и задачи. Воспитно-образовната работа во детската градинка, главно, се остварува преку изборните и групните активности.

❖ ***Детска градинка***

Детска градинка е установа за прифаќање, воспитание, образование и згрижување на деца од предучилишна возраст. Овие установи се составен и примарен дел на единствениот воспитно-образовен систем. Во нив се одвива континуиран воспитно-образовен процес, зависно од програмските основи, од возраста на децата, нивните потреби и природата на нивниот психофизички развој. Дејноста на овие установи е од посебен општествен интерес.

## *3. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*

### ❖ Цел на истражувањето

Основа цел на истражувањето е да се опише и прикаже фактичката состојба на планирање и реализирање на работата на педагогот во детската градинка, да се согледаат слабостите кои ги има таа, како и да се испита какви измени е потребно да се направат за да се подобри квалитетот на работата на педагогот во детската градинка.

### ❖ Карактер на истражувањето

Според својот карактер ова истражување е:

- современо, бидејќи се занимава со актуелен и комплексен проблем за педагошката практика, но и за целокупниот општествен прогрес;
- емпириско, бидејќи проблемот се проучува со непосредно испитување на моменталната состојба на работата на педагогот во детската градинка;
- дескриптивно,квалитативно и квантитативно.

Примената на квалитативниот и квантитативниот пристап и соодветните техники на истражување, ќе ни овозможи да добиеме податоци, адекватни за предметот на нашето истражување со цел негово подетално проучување.

## 4. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето е конкретизирана низ следниве ***задачи:***

1. Да се согледа дали педагозите редовно изработуваат планови и програми за реализација на својата работа во детската градинка.

2. Да се испита какво мислење имаат педагозите во врска со дадените подрачја и рамковни содржини на стручната работа на педагогот во детската градинка, предвидени со документот, „*Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст*".

3. Да се анализираат програмските основи за работа на педагогот од аспект на застапеноста на поставените цели и содржини на работните задачи на педагогот во детската градинка.

4. Да се испита колку педагозите се задоволни од постојните материјално-технички ресурси во детската градинка (простор, опрема и дидактички средства), во функција на обезбедување на квалитетна воспитно - образовна работа.

5. Да се утврди дали педагозите користат ИКТ во реализирањето на работните задачи.

6. Да се согледа кои инструменти педагозите ги користат во својата работа.

7. Да се согледа кој облик на соработка реализиран од страна на педагогот со воспитувачите и негувателите има најголем придонес за унапредување на воспитно-образовната работа во градинката.

8. Да се дојде до сознанија кои содржини и активности најчесто се предмет на соработка на воспитувачите и негувателите со педагогот во детската градинка.

9. Да се испита дали постојат разлики во ставовите и мислењата меѓу воспитувачите и негувателите во детските градинки во Скопје и внатрешноста на Република Македонија во врска со потребата за соработка со педагогот во детската градинка.

10. Да се испита како воспитувачите и негувателите го оценуваат придонесот на педагогот во функција на унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.

11. Да се согледа дали постои разлика во прифатеноста на педагозите со и без работно искуство како воспитувачи, во детската градинка.

12. Да се испита, какво мислење имаат родителите од Скопје и родителите од внатрешноста на Републиката во однос на потребата и содржините за кооперативна активност со педагогот во детската градинка.

13. Да се испита мислењето на воспитувачите, негувателите и на родителите во однос на компетенциите на педагогот во врска со стручната помош што ним им ја пружа.

14. Да се утврди, дали има причини кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат кооперативната активност на педагогот со воспитувачите, негувателите и родителите.

15. Да се испитаат мислењата на педагозите во врска со компетенциите што ги стекнуваат во иницијалното образование.

16. Да се согледаат образовните потреби за стручно усовршување на педагозите од детските градинки.

## 5. *ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО*

❖ **Генерална хипотеза**

Планирањето и реализацијата на работата на педагогот е во функција на унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка, и се остварува согласно со документот Основи на програмата за работата на педагогот и конкретните услови и потреби на градинката.

❖ **Посебни хипотези:**

1. Педагозите редовно изготвуваат планови и програми за реализација на својата работа во детската градинка.
2. Педагозите сметаат дека дадените подрачја и рамковни содржини за работа во „*Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст*" не се прецизно и јасно определени.
3. Постои потреба од ревидирање на содржините во програмските основи за работа на педагогот во функција на подобрување на стручната работа на педагогот и унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.

4. Педагозите од градот Скопје и оние од внатрешноста на Републиката, се задоволни од постојните услови за работа во детската градинка.

5. Педагозите ретко користат ИКТ во функција на реализирање на работните задачи.

6. Педагозите во нивната секојдневна практика, имаат потреба од готови модели на инструменти за истражување кои ќе послужат како квалитетна основа во прибирање на податоци од воспитувачите, негувателите и родителите во функција на унапредување на воспитно-образовната практика во детската градинка.

7. Постои разлика во мислењето на воспитувачите и негувателите во врска со тоа кој облик на соработка реализиран од страна на педагогот е најефикасен за подобрување на воспитно-образовната работа во градинката.

8. Воспитувачите и негувателите во нивната меѓусебна соработка со педагогот најчесто реализираат содржини од програмското подрачје *Учество во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа.*

9. Воспитувачите и негувателите од подрачјето на градот Скопје и оние од внатрешноста на Републиката се разликуваат во нивното мислење во однос на потребата од соработка со педагогот во детската градинка.

10. Постои разлика во ставовите на воспитувачите и негувателите во врска со придонесот на педагогот за унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.

11. Педагозите со претходно работно искуство како воспитувачи, повеќе се прифатени за соработка од страна на воспитувачите и негувателите отколку оние педагози кои се без такво работно искуство.

12. Родителите од подрачјето на градот Скопје, како и оние од внатрешноста на Републиката, се разликуваат во нивното мислење во однос на потребата и содржините на кооперативна активност со педагогот во детската градинка.

13. Постои разлика во ставовите на воспитувачите, негувателите и родителите за компетентоста на педагогот во однос на стручната помош што ним им ја пружа.

14. Постои разлика во мислењето на воспитувачите, негувателите и родителите за причините кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат нивната соработка со педагогот во детската градинка.

15. Педагозите имаат позитивен став во врска со знаењата и практичните искуства што ги стекнуваат во иницијалното образование за извршување на стручната дејност во градинката.

16. Педагозите сметаат дека има потреба од нивно стручно усовршување во функција на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во детската градинка.

## 6. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

❖ Во ова истражување како независни варијабли се јавуваат:

1 Посебните категории на испитувани субјекти:- педагози во детските градинки, воспитувачи, негуватели и родители.

2. Индивидуалните карактеристики на воспитувачите и негувателите, со следниве категории:

- Според местото на нивното вработување (од подрачјето на градот Скопје и од внатрешноста на Републиката);
- Вид и степен на завршено образование;
- Работно искуство.

3. Определени карактеристики на примерокот на испитувани –педагози во детските градинки и тоа:

- Според местото на нивното вработување(педагози од подрачјето на градот Скопје и од внатрешноста на Републиката);
- Според работното искуство – педагози со и без работно искуство како воспитувачи;
- Според големината на вкупниот работен стаж (педагози со вкупен работен стаж до 10 години, од 10 до 20 години, од 20 до 30 години и над 30 години).

❖ Зависни варијабли во ова истражување се:

- Ставовите и мислењето на педагозите, воспитувачите, негувателите и родителите, во врска со потребата од остварување на меѓусебната кооперативна активност и во однос на формите, содржините, начините и квалитетот кои се предмет на кооперативната активност со педагогот во детската градинка, како и во однос на инструментите кои ги користи педагогот во функција на унапредување на воспитно - образовната работа во детската градинка.

# 7. МЕТОДИ ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 7.1 Методи на истражување

Со цел да се обезбедат квалитетни научни сознанија во ова истражување се применува методот на теоретска анализа, компаративен и дескриптивен метод.

Тргнувајќи од предметот на истражувањето, поставената цел, задачи и хипотези, а со цел да се добијат релевантни податоци се користат следниве техники и инструменти:

## 7.2 Истражувачки техники

- Анализа на документација
- Анкетирање
- Интервју

### *Анализа на документација*

Во текот на истражувањето, анализата беше користена при проучувањето и анализирањето на повеќе педагошки документи од формален и неформален карактер, поконкретно анализирани се содржините од следниве документи:

- Анализа на законодавните и стратешки образовни документи кои ја третираат проблематиката на работата на педагогот во градинката;
- Анализа на содржините во програмските подрачја за работата на педагогот во *„Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст“;*
- Анализа на Годишни глобални и месечни оперативни програми за работа на педагогот во детската градинка.

### *Анкетирање*

Во истражувањето беше користена техниката на анкетирање, со цел да ги дознаеме ставовите и мислењата на педагозите, воспитувачите, негувателите и родителите во врска

со работата на педагогот и неговиот придонес во унапредувањето на воспитно-образовниот процес.

При анкетирањето, како инструменти за прибирање на податоците, користевме четири видови на анкетни листови, и тоа:

- Анкетен лист за стручен работник - педагог
- Анкетен лист за воспитувачи
- Анкетен лист за негуватели
- Анкетен лист за родители

Анкетните листови содржат прашања од затворен и отворен тип. Истите иако имаат неколку заеднички прашања сепак, главно, се работи за различни инструменти по својата содржина. Со цел да добиеме поискрени одговори од страна на испитуваните субјекти, анкетирањето беше анонимно.

- ***Интервју***

Техниката интервју беше применета главно со педагозите во детската градинка во случај кога добиените податоци од анкетниот лист, и од анализата на годишната програма за работа на педагогот во градинката, имаше потреба да се појаснат и дополнат. При тоа беше применета *техниката на нестандардизирано интервју,* како начин за добивање на пошироки информации за темите од прашалникот .

**Основни теми околу кои ќе се води дискусија во неструктурираното интервју:**

1. Планирање и реализирање на работата на педагогот;
2. Услови за работа на педагогот во градинката и потешкотиите со кои се среќаваат во работата;
3. Соработка на педагогот со субјектите во воспитно-образовниот процес;
4. Стручната оспособеност на педагогот во функција на квалитетно остварување на работните задачи.

## 8.ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За потребите на нашето истражување беа опфатени повеќе видови примероци: *Примерок на детски градинки, примерок на педагози, примерок на воспитувачи, примерок на негуватели и примерок на родители.*

Структурата на наведените примероци ја презентираме во неколку табели.

### *Примерокот на детски градинки*

Истражувањето се одвиваше во шест детски градинки, избрани по случаен избор од пет градови во Република Македонија

**Табела бр.5:** Структура на примерокот по градови.

| Детска градинка | Град |
|---|---|
| „Кочо Рацин“ | Скопје |
| „Срничка“ | Скопје |
| „Ангел Шајче“ | Куманово |
| „Астибо“ | Штип |
| „Димче Мирчев“ | Велес |
| „Младост“ | Тетово |

### *Примерокот на воспитувачи и негуватели*

- Примерокот за анкетирање на воспитувачи *го сочинуваат 101 воспитувач* , кои се вработени во шест детски градинки прикажани во табелата подолу. Од нив како што може да се види од табеларниот приказ на податоците најголем процент од примерокот се од детските градинки „Кочо Рацин“ и „Ангел Шајче“ со 17,82%, потоа 16.83% од примерокот е од градинките „Младост“, „Радост“ и „Астибо“, малку помал примерок се забележува во детската градинка „Срничка“со 13,86%.

- Примерокот за анкетирање на негуватели го сочинуваат 103 негуватели од кои: од детските градинки „Кочо Рацин", „Ангел Шајче" и „Астибо"се опфатени 17,48% од анкетираните негуватели, потоа со 16,50% од примерокот следуваат негувателите од детските градинки „Срничка" и „Радост", и 14,56% од примерокот е од детската градинка „Младост".

**Табела бр.6:**Структура на примерокот на воспитувачи и негуватели од детските градинки.

| Детска градинка | Место | Воспитувачи | | Негуватели | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % |
| „Срничка" | Скопје | 14 | 13.86 | 17 | 16,50 |
| „Кочо Рацин" | Скопје | 18 | 17,82 | 18 | 17,48 |
| „Ангел Шајче" | Куманово | 18 | 17,82 | 18 | 17,48 |
| „Младост" | Тетово | 17 | 16,83 | 15 | 14,56 |
| „Радост" | Гостивар | 17 | 16.83 | 17 | 16,50 |
| „Астибо" | Штип | 17 | 16,83 | 18 | 17,48 |
| Вкупно | 6 | 101 | 99,99 | 103 | 100,00 |

**Табела бр.7:** Структура на примерокот на воспитувачи и негуватели според местото на нивното вработување.

| Место | Воспитувачи | | Негуватели | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| Од Скопје | 49 | 48,51 | 48 | 46,60 |
| Од внатрешноста | 52 | 51,49 | 55 | 53,40 |
| Вкупно | 101 | 100,00 | 103 | 100.00 |




**Графикон бр.1:** Структура на примерокот на воспитувачи според местото на нивното вработување.




**Графикон бр.2:** Структура на примерокот на негуватели според местото на нивното вработување.

Поголем процент од испитаниците-воспитувачи, се застапени од градовите од внатрешноста на Република Македонија, поточно 51,49%, а 48,51% од испитаниците се од градот Скопје. Слична е состојбата и во однос на примерокот на негувателите, 53,40% од примерокот е од градовите од внатрешноста на Републиката, а 46,60% од примерокот е од градот Скопје.

**Табела бр.8:** Структура на примерокот на воспитувачи и негуватели според степенот на образованиe.

| Степен на образование | Воспитувачи | | Негуватели | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| Средно | 0 | 0,00 | 82 | 81,19 |
| Вишо | 27 | 26,73 | 4 | 3,96 |
| Високо | 70 | 69,31 | 15 | 14,85 |
| Магистратура | 4 | 3,96 | 0 | 0,00 |
| Вкупно | 101 | 100,00 | 101 | 100,00 |

*Забелешка: двајца негуватели не дале одговор на поставеното прашање.




**Графикон бр.3:** Структура на примерокот на воспитувачи и негуватели според степенот на образование.

Податоците во табелата број 8 ја прикажуваат структурата на примерокот на воспитувачите и негувателите според степенот на завршено образование. Според добиените податоци од истражувањето, може да се заклучи дека најголем дел од испитаниците- воспитувачи, а тоа се 69,31% се со високо образование, помал дел од нив, односно 26,73% се со вишо образование, а најмал процент од воспитувачите 3,96% се со

завршени магистерски студии. Состојбата кај негувателите е нешто поинаква, најголем процент од негувателите 81,19% се со завршено средно образование, што секако се должи на законската регулатива во Република Македонија, според која негувател во детска градинка може да биде лице со завршено средно образование и да има лиценца за негувател, помал дел од нив, односно 14,85% имаат завршено високо образование, а најмал процент, или 3,96% го сочинуваа негувателите со завршено вишо образование. На поставеното прашање двајца негуватели немаат дадено одговор.

**Табела бр.9:**Структура на примерокот на воспитувачи според видот на завршено образование

| **Вид на образование** | **Воспитувачи** | |
|---|---|---|
| | f | % |
| Филозофски факултет | 20 | 20,00 |
| Педагошки факултет | 65 | 65,00 |
| Друго | 15 | 15,00 |
| Вкупно: | 100 | 100,00 |

*Забелешка: еден испитаник не дал одговор на поставеното прашање.




**Графикон бр.4:** Структура на примерокот на воспитувачи според видот на завршено образование

За потребите на нашето истражување, ја испитавме и структурата на примерокот на воспитувачи во однос на видот на завршено образование. Според прикажаните податоци може да се забележи дека најголем дел од испитаниците, а тоа се 65,00% своето образование го завршиле на Педагошкиот факултет, 20,00% од нив своето иницијално образование го завршиле на Филозофскиот факултет, а 15,00% се изјасниле дека своето образование го завршиле во друга високо-образовна институција. Еден од испитаниците не одговорил на поставеното прашање.

**Табела бр.10:** Структура на примерокот на воспитувачи и негуватели според работното искуство во просветна струка

| Работно искуство | Воспитувачи | | Негуватели | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| Од 0 до 10 години | 38 | 37.62 | 50 | 48.54 |
| Од 10 до 20 години | 17 | 16.83 | 19 | 18,45 |
| Од 20 до 30 години | 28 | 27,72 | 19 | 18,45 |
| Над 30 години | 18 | 17,82 | 15 | 14,56 |
| Вкупно | 101 | 99,99 | 103 | 100,00 |




**Графикон бр.5:** Структура на примерокот на воспитувачи и негуватели според работно искуство во просветна струка

Во текот на истражувањето, најголем дел од испитаниците-воспитувачи, поточно 37,62% се со работно искуство од 0 до 10 години, 27,72% се со работно искуство од 20 до 30 години, а 17,82% имаат работно искуство над 30 години. Помал процент е забележан кај 16,83 од воспитувачите кои имаат работно искуство од 10 до 20 години. Кај испитуваниот примерок на негувателите, исто така, се забележува разлика во однос на работното искуство. Имено, 48,54% од нив имаат работно искуство од 0 до 10 години, потоа следуваат негувателите со работно искуство од 10 до 20 години, и оние со искуство од 20 до 30 години се 18,45%. Најмал процент е забележан кај 14,56% од негувателите кои имаат работно искуство над 30 години.

***Примерокот на родители*** го сочинуваат 143 родители, избрани по случаен избор, чии деца се згрижени во претходно наведените детски градинки.

**Табела бр.11:** Структура на примерокот на родители по детски градинки.

| Детска градинка | Место | Родители | |
|---|---|---|---|
| | | f | % |
| „Срничка“ | Скопје | 12 | 8,39 |
| „Кочо Рацин“ | Скопје | 24 | 16,78 |
| „Ангел Шајче“ | Куманово | 35 | 24,47 |
| „Младост“ | Тетово | 17 | 11,89 |
| „Радост“ | Гостивар | 30 | 20,98 |
| „Астибо“ | Штип | 25 | 17,48 |
| Вкупно | 6 | 143 | 99,99 |

Истражувањето беше спроведено на вкупен примерок од 143 родители. Од нив најголем процент од примерокот се од детската градинка „Ангел Шајче“ со 24,47%. Потоа 20,98% од примерокот доаѓа од детската градинка „Радост“,од детската градинка

„Астибо" има 17,48% од испитаниците, 16,78% има од градинката „Кочо Рацин", а 11,89% од испитаниците доаѓа од градинката „Младост". Најмал процент се забележува кај испитаниците од Скопје, од детската градинка „Срничка", со 8,39%.

***Примерокот на педагози*** го сочинуваат *25 педагози,* што претставува вкупен број на педагози вработени во детските градинки во Република Македонија

**Табела бр.12:** Структура на примерокот на педагози според местото на нивното вработување.

| Место | Педагози | |
|---|---|---|
| | f | % |
| од Скопје | 10 | 40,00 |
| од внатрешноста на Републиката | 15 | 60,00 |
| Вкупно: | 25 | 100,00 |

Поголем процент од испитаниците-педагози, се застапени од градовите од внатрешноста на Република Македонија, додека, пак, помал процент од нив се од градот Скопје.

**Табела бр.13:** Структура на примерокот на педагози според работното искуство во просветна струка.

| **Работно искуство** | **Педагози** | |
|---|---|---|
| | **f** | **%** |
| Од 0 до 10 години | 4 | 17,39 |
| Од 10 до 20 години | 5 | 21,74 |
| Од 20 до 30 години | 8 | 34,78 |
| Над 30 години | 6 | 26,09 |
| Вкупно: | 23 | 100,00 |

*Забелешка: на ова прашање не одговориле два испитаника.




**Графикон бр.6:** Структура на примерокот на педагози според работното искуство во просветна струка и работното искуство само како педагог.

## 9. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Тргнувајќи од карактерот на истражувањето, карактеристиките на примерокот и предвидените истражувачки техники и инструменти, во ова истражување беше применета квалитативната и квантитативната обработка на добиените податоци.

*Квалитативно,* главно се толкуваа податоците добиени од анализата на педагошката документација и од спроведеното интервју.

Исто така, квалитативната анализа се користеше и кај дел од податоците добиени со анкетирањето на педагозите, воспитувачите, негувателите, родителите, како и кај податоците добиени со интервјуирање на педагозите во детската градинка.

*Квантитативно*, се обработени податоците добиени со примената на техниката на анкетирање кај педагозите, воспитувачите, негувателите и родителите.

***За анализа на добиените резултати се користеа следниве статистички постапки:*** *Определување дистрибуција на фреквенција (f), процент( %)*. Добиените фреквентни вредности во дистрибуциите, заради нивна поголема прегледност се прикажни и процентуално во табели и графикони, кои ги користевме за интерпретација на добиените резултати.

*Хипотезите беа тестирани со помош на Хи–квадрат тестот,* со цел да се определи значајноста на разликата меѓу одделните варијабли опфатени со истражувањето и изведување на соодветен заклучок.

## 10. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето е реализирано во периодот од септември 2012 до декември 2013 година по следниов тек:

- Анализа на програмските подрачја на работата на педагогот во *„Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст“;*
- Анализа на стручна литература, компатибилна на истражувачкиот проблем;
- Теоретска елаборација на истражувачкиот проблем;
- Подготовка на истражувачки инструменти;
- Барање на согласност од Филозофски факултет - Институт за педагогија за реализирање на истражувањето;
- Информирање на детските градинки за истражувањето и барање согласност за негово спроведување;
- Реализирање на теренско истражување во пет градови во Република Македонија;
- Квалитативна и квантитативна обработка на добиените податоци;
- Анализа и интерпретација на добиените резултати од истражувањето;
- Заклучни сознанија.

# Трет дел
# Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во овој дел од трудот посебно внимание ќе посветиме на анализата и интерпретацијата на резултатите добиени од емпириското истражување. Во интерпретацијата на резултатите ќе се осврнеме кон давање на одговор на предходно зададените задачи и поставените хипотези на истражувањето.

## 1. ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Стручниот работник – педагог кој е вработен во јавна установа за деца има законска обврска да изготви Годишна програма за сопствената работа која претставува составен дел на Годишната програма за работа на градинката. Во согласност со членот 168 од Законот за заштита на децата, како и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата „Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15, Годишната програма за работа на градинката се донесува најдоцна до 30 септември во тековната година за наредната година.

Во тој контекст беше и проверувана хипотезата на истражувањето дека, педагозите редовно изготвуваат планови и програми за реализација на својата работа во детската градинка.

Со намера да согледаме како педагозите ја планираат својата работа во детската градинка, на педагозите им беше поставено прашање на кое беа понудени неколку алтернативни одговори. Добиените одговори на ова прашање ги даваме во следнава табела.

**Табела бр. 14:** Планирање на работата на педагогот во детската градинка.

| Категорија на одговори | Ретко | | Понекогаш | | Секогаш | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| годишно | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 25 | 100,00 |
| месечно | 1 | 4,35 | 4 | 17,39 | 18 | 78,26 |
| неделно | 8 | 47,06 | 5 | 29,41 | 4 | 23,53 |
| дневно | 5 | 26,31 | 5 | 26,31 | 9 | 47,37 |




**Графикон бр.7:** Планирање на работата на педагогот во градинката.

Тргнувајќи од фактот дека изработката на Годишната програма за работа на педагогот е законски регулирано, воопшто не не изненадува фактот што сите испитаници се изјасниле дека изработуваат Годишна програма за сопствената работа. Месечно планирање секогаш прават повеќе од 3/4 од испитаниците, понекогаш тоа го прават 1/5 од нив. На ова прашање само еден од анкетираните педагози одговорил ретко.

Неделен план за својата работа секогаш подготвуваат приближно 1/4 од педагозите, повеќе од 1/4 од нив го прават тоа понекогаш, а речиси половина од испитаниците, одговориле дека ретко прават неделен план за својата работа.

Значително голем број на педагози, или речиси половината од нив се изјасниле дека секогаш имаат дневно планирање на сопствента работа, повеќе од 1/4 од педагозите тоа го прават понекогаш, а исто толку или околу 1/4 ретко прават дневно планирање за сопствената работа.

Во табелите што следат е прикажано како педагозите во градинките ги имаат рангирано наведените документи според тоа колку секој од нив доминира при планирањето и програмирањето на нивната стручна работа во градинката.

**Табела бр.15:** Одговори на педагозите во врска со документите коишто ги користат при планирање на Годишната програма за работа на педагогот.

| **Одговори на педагозите во врска со документите кои што ги користат при планирање на Годишната програма за работа на педагогот** | | | |
|---|---|---|---|
| Категорија на одговори | f | % | Ранг |
| Направената самоевалуација за изминатата година | 17 | 68,00 | 3 |
| Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст | 23 | 92,00 | 1 |
| Основи на програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки | 20 | 80,00 | 2 |
| Работните задачи на педагогот, пропишани во Правилникот за систематизација и организација на работните места | 15 | 60,00 | 4 |
| Закон за заштита на децата | 13 | 52,00 | 5 |




**Графикон бр. 8:** Одговори на педагозите во врска со документите коишто ги користат при планирање на Годишната програма за работа на педагогот.

Според добиените податоци најголем број од испитаниците се изјасниле дека појдовна основа за изработка на нивната годишна програма е документ „*Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување воспитание и образование на децата од предучилишна возраст*", нешто помал број се изјасниле дека тоа за нив е документот „*Основи на програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки*". Потоа следуваат одговорите на педагозите кои тргнуваат од направената *самоевалуација за изминатата година* и *Работните задачи на педагогот, пропишани во Правилникот за систематизација и организација на работните места,* а најмал број од педагозите се изјасниле дека појдовна основа при планирање и програмирање на нивната стручната работа е *Законот за заштита на децата.*

Во функција на докажување на првата хипотеза од нашето истражување во понатамошниот дел од трудот ќе бидат анализирани и интерпретирани податоците кои се добиени врз основа на доставените годишни глобални и месечни оперативни планови за работа на педагогот во градинката.

## 1.1. АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТОТ - ГОДИШНА ГЛОБАЛНА ПРОГРАМА И МЕСЕЧНИ ОПЕРАТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ ВО ГРАДИНКАТА

За потребите на оваа истражување анализирани се 15-годишни глобални програми за работа на педагозите, изработени за 2012/2013 година, и исто толку месечни оперативни програми за работа, изработени од педагозите во градинките од Скопје и внатрешноста на Република Македонија.

Од приложените Годишни програми за работа на педагозите во градинките, кои ги анализиравме од аспект на нивната структура и содржина, може да се забележи дека истите не се разликуваат во однос на структурата и, главно, во нив се сретнуваат следниве структурни елементи:

- Вовед;
- Цел и задачи на работата на педагогот;
- Основни подрачја на работа на педагогот со приоритетни цели и задачи во текот на годината;
- Организација и услови за работа на педагогот.

**Вовед-** Од вкупно 15 анализирани годишни глобални програми за работа на педагогот во градинката, во 6 од нив е содржан воведот како посебен структурен елемент кој има идентична содржина и тоа :

Годишната програма за работа на педагогот во градинката за 2012-2013 година, е изработена врз основа на:

- Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст;
- Законот за заштита на децата;
- Основи на програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки;
- Правилник за систематизација и организација на работните места;
- Годишната програма за работа на градинката за 2012-2013 година;
- Годишниот извештај за работа на градинката од минатата година;
- Годишниот извештај за работа на педагогот од минатата година;
- Условите, потребите и можностите за работа на градинката.

Во делот **Цел и задачи на работата на педагогот** кој го сретнуваме како посебен структурен елемент во анализираните глобални годишни програми, целта и задачите на работата педагогот се определени на овој начин:

Педагогот како стручен работник во Градинката претставува насочувач и координатор на целокупната воспитно-образовна дејност, кој ќе настојува да даде придонес во остварувањето на програмските цели и задачи на градинката, ќе пружа стручна помош на децата, родителите, воспитувачите, негувателите, по прашања кои се од значење за образованието и воспитанието на децата во раните години од животот.

Целта на работата на педагогот во градинката е да обавува активности кои ќе бидат превентивни, аналитичко-истражувачки и инструктивно-советодавни. За таа цел педагогот во градинката треба да поттикнува, организира, креира, вреднува, планира, соработува и посредува во проблемски ситуации.

Во структурниот елемент - **Основни подрачја за работа на педагогот,** еден дел од педагозите ги имаат набројано единаесетте подрачја на стручната работа на педагогот со определени приоритетни задачи кои ќе ги реализираат во соодветното подрачје во текот на годината. А поголем дел од педагозите ги имаат набројано само приоритетните задачи во текот на годината, без притоа да го наведат и подрачјето на кое се однесуваат, како што е прикажано во следниот пример:

Програмските цели и задачи на педагогот во градинката ќе бидат насочени кон:

- Учество во креирањето на годишната програма и извештајот за работа на градинката;
- Водење документација која опфаќа: евиденција за работата на децата по воспитни групи, изготвување на месечен и годишен извештај за сопствената работа;
- Унапредување на воспитно-образовната дејност и стручно усовршување на воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар;
- Водејќи се од стручно-научните сознанија и конкретните услови, педагогот го определува начинот и степенот на иновирање на воспитно-образовната дејност во градинката;
- Постојана комуникација со кадарот и децата во неа и следење и вреднување на нивните достигнувања;
- Утврдување на состојбата на детските развојни и индивидуални достигнувања, нивните контакти со околината и реакциите во дадени моменти, и на тој начин ги открива позитивните или негативните отстапувања во развојот на децата и соодветните мерки по однос на нив;
- Учество и давање помош на воспитувачите во планирање и реализирање на програмските задачи за воспитно-образовната работа со децата;

- Давање помош за правилна организација и реализација на детските активности во установата;
- Насочување на воспитувачите во правилен избор на постапки, содржини, методи, форми, задачи за воспитно-образовна работа според возраста и индивидуалните способности на децата;
- Организација на Советот на воспитувачи и Советот на негуватели на кој се разгледуваат прашања од секојдневната практика, се договараат заеднички активности на ниво на објект и сл;
- Избирање и диференцирање на средствата за опремување на установата и воспитните групи со потребен дидактички материјал, играчки за воспитно-образовната работа со децата;
- Проучување на одделни воспитно-образовни проблеми во установата и воспитните групи и преземање соодветни педагошки и дидактичко-методски мерки;
- Навремена и правилна реализација на плановите, програмите во градинката, следење и вреднување на нивниот развој, а резултатите од вреднувањето се презентираат пред вработените и стручните тела во градинката;
- Изработка на инструменти за евалуација на активностите по воспитни групи;
- Следење на сите новини и иновации од современата теорија и практика и нивна понуда на воспитно-образовниот кадар;
- Предлагање и вклучување на воспитувачите во разновидни форми за стручно усовршување;
- Изработка на годишни активности за работа на децата во јаслените групи;
- Позитивна интеракција меѓу сите структури во градинката;
- Развивање комуникација на релацијата градинка - семејство;
- Организирање разни форми на соработка со родителите и тоа: консултации, индивидуални разговори, отворени денови за соработка и др.
- Соработка со стручно-научни, културно-образовни и други институции кои можат да дадат свој придонес кон успешна реализација и подигање на нивото на стручната компетентност на стручниот тим, воспитувачите и негувателите во градинката;

- Консултации со стручни служби од други градинки во врска со заеднички активности и задачи во градинката и надвор од неа, а особено соработка со градинки кои гравитираат на територијата на Општина Центар;
- Теоретски предавања од областа на предучилишното воспитание и образование за воспитно-згрижувачкиот кадар на градинката;
- Учествува во работата на Советот на родители и дава информации поврзани со воспитно-образовната работа на градинката;
- Следење на резултатите во групите и испраќање на децата во училиште.

Гледано од аспект на приоритетните задачи кои педагозите планирале да ги реализираат во градинката во која работат за 2012-2013 година, а врз основа на направената анализа може да се констатира дека постојат разлики во годишните програми за работа на педагозите во градинките во однос на планираните приоритетни задачи. Врз основа, пак, на податоците добиени со интервјуирање на педагозите, може да се заклучи дека во определувањето и планирањето на приоритетните задачи кои ќе ги реализираат во градинката, педагозите тргнуваат од моменталните потреби на градинката, условите за работа како и од можностите за нивна реализација.

Во рамките на следната структурна компонента - **организација и услови за работа,** се наведувани, главно, условите за работа кои ги има педагогот во градинката. Еден дел од педагозите го имаат дадено и распоредот за својата работа по објекти во текот на воспитно-образовната година.

Според направената анализа на годишните програми за работа на педагогот, може да се заклучи дека појдовна основа при структурирањето на оваа програма претставуваат рамковните подрачја и содржини на стручната работа на педагогот во градинката, дадени во Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст, така што, главно, нивните програми ја имаат истата структура, со разлики во однос на операционализација на содржинити при што доминираат програми со површна операционализација на содржините. Вкупно тројца педагози приложија годишна програма каде што содржините беа детално операционализирани.

Од направената анализа на месечните оперативни програми за работата на педагогот, генерално може да се забележи дека во сите изработени месечни оперативни програми се наведувани подрачјата на работа, задачите кои соодветствуваат со подрачјето на работа, како и времето предвидено за нивна реализација, притоа некаде е наведен денот на реализација, а некаде неделата од месецот кога е планирана реализација на дадената задача. Вкупно тројца педагози, во своите месечни програми имаат наведено форми, методи и средства за работа за секоја планирана содржина за месецот. Оваа анализа, исто така, укажува дека досега за потребите на глобалното годишно и месечно оперативно планирање на работата на педагогот во градинката, во педагошката литература изработени се готови модели на формулари, главно за училишните педагози и истите не се применуваат во практиката од страна на педагозите вработени во градинките во Република Македонија, каде секој педагог користи сопствен модел на формулар. Со цел да се надмине ваквата состојба во градинките во Република Македонија, за потребите на годишното глобално и месечното оперативно планирање на работата на педагогот во градинката, според примерите наведени во стручната педагошка литетатура изработивме готови модели на формулари, кои ги даваме во прилог на трудот[42].

Кога зборуваме за остварување на стручната работа на педагогот во градинката, не можеме а да не го поставиме прашањето во врска со тоа дали тој води педагошка евиденција и документација за сопствената работа со оглед на можностите кои што таа ги нуди во однос на целосно документирање на неговата воспитно-образовна работа во градинката, самовреднување на сопствената работа, размена на искуства и добри практики со педагозите од другите градинки, детални податоци кои ќе ги користи во подготовката на Годишниот извештај за работата на педагогот и Годишниот извештај за работата на градинката. Во членот 195 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23 од 14 февруари 2013 година), став 1 стои „Во установа за деца се води евиденција и документација", во став 3 од истиот член стои дека „Начинот на водење на евиденцијата и документацијата, како и содржината и формата на евиденцијата и документацијата ги пропишува министерот". Нашата анализа на Правилникот за

[42] Прилог број 10 и 11

начинот, формата и содржината на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија" бр.154/2013 година), покажа дека во истиот правилник не е пропишан начинот на водење на евиденцијата и документацијата, како и содржината и формата на евиденцијата и документацијата која би се однесувала на стручната работа на педагогот во градинката.

За таа цел во прашалникот за педагозите го поставивме следново прашање: Дали водите каков било вид педагошка евиденција и документација за Вашата работа во градинката? Ве молиме наведете каква и приложите по еден примерок. Добиените податоци ги прикажуваме во наредните табели.

**Табела бр. 16:** Одговори на педагозите во врска со тоа дали водат педагошка евиденција и документација за сопствената работа.

| Водење на педагошка евиденција и документација за сопствената работа | | |
|---|---|---|
| Категорија на одговори | f | % |
| Не | 1 | 4,00 |
| Да | 24 | 96,00 |
| Вкупно | 25 | 100,00 |

Врз основа на добиените податоци може да се заклучи дека скоро сите од анкетираните педагозите водат педагошка евиденција за својата работа. Според добиените одговори најчесто станува збор за дневна евиденција на активностите на педагогот, која педагозите ја водат во посебна евиденциска тетратка, со цел истата да им помогне во целосно документирање на работата на педагогот во градинката, која понатаму ја користат за различни потреби (самовреднување на сопствената работа, размена на искуства со колегите, пишување на извештаи за различни потреби на установата и сл).

Како што веќе претходно наведовме за потребите на евидентирање и документирање на работата на педагогот во градинката не постојат готови формулари нуту, пак, постои

правилник во кој е пропишана формата и содржината на водење на педагошката документација и евиденција на педагогот во детска градинка. Гледано од тој аспект, добро би било во иднина да се посвети малку повеќе внимание и на ова прашање.

**Табела бр.17:** Одговори на педагозите дали водат педагошка евиденција за сопствента работа во однос на работното искуство кое го имаат во просвета.

| Водење на педагошка евиденција за сопствената работа во однос на работното искуство кое го имаат во просвета | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија на одговори | **0-10** | | **10-20** | | **20-30** | | **Над 30** | | **Вкупно** | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Не | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 4,35 | 0 | 0,00 | 1 | 4,35 |
| Да | 4 | 17,39 | 5 | 21,74 | 7 | 30,43 | 6 | 26,09 | 22 | 95,65 |
| Вкупно | 4 | 17,39 | 5 | 21,74 | 8 | 34,78 | 6 | 26,09 | 23 | 100,00 |

*Забелешка:Двајца испитаника не одговориле на поставеното прашање.

Од добиените податоци, претставени во табелата, се воочува дека скоро сите испитани педагози водат педагошка евиденција за својата работа, независно од нивното работно искуство.

Врз основа на добиените податоци може да се констатира дека, се потврдува хипотезата на нашето истражување според која, ***педагозите редовно изготвуваат планови и програми за реализација на својата работа во градинката***. Притоа, документот „*Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст*“, претставува основен водич во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа на педагогот во градинката.

Токму затоа во понатамошниот дел од трудот, ќе посветиме посебно внимание на овој документ.

## 2. МИСЛЕЊЕ НА ПЕДАГОЗИТЕ ЗА ПОДРАЧЈАТА И РАМКОВНИТЕ СОДРЖИНИ НА СТРУЧНАТА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ ВО ГРАДИНКАТА

Во овој дел ќе ги изнесеме податоците кои се однесуваат на мислењето на педагозите во врска со подрачјата и рамковните содржини на стручната работа на педагогот во градинката. Ова прашање е особено значајно, ако тргнеме од фактот дека документот *Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст*, во кој се пропишани подрачјата и рамковните содржини на стручната работа на педагогот истовремено според претходно добиените податоци претставува и основен водич во планирањето и програмирањето на стручната работа на педагогот во градинката. Имено, не прецизно и не доволно јасно определени подрачјата на стручната работа на педагогот во градинката, може да претставува и една од причините која влијае на ефикасното и квалитетното планирање и програмирање на работата на педагогот во градинката.

Во врска со втората хипотеза на нашето истражување која гласи: *Педагозите сметаат дека дадените подрачја и рамковни содржини за работа во „Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст" не се прецизно и јасно определени и разграничени*, добиени се следниве податоци.

**Табела бр.18:** Мислење на педагозите во врска со подрачјата и рамковните содржини на нивната стручна работа.

| Мислење на педагозите во врска со подрачјата и рамковните содржини на нивната стручна работа | f | % |
|---|---|---|
| Се прецизно и јасно определени и разграничени | 11 | 45,83 |
| Не се прецизно и јасно определени и разграничени | 6 | 25,00 |
| Не се опфатени сите подрачја и содржини на стручната работа на педагогот во детската градинка | 7 | 29,17 |
| Вкупно | 24 | 100,00 |

*Забелешка: Еден испитаник не одговорил на поставеното прашање.




**Графикон бр.9:** Мислење на педагозите во врска со подрачјата и рамковните содржини на нивната стручна работа.

Анализата на наведените податоци покажува дека речиси половина од педагозите се изјасниле дека дадените подрачја и рамковни содржини на стручната работа на педагогот во детската градинка во документот - Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст се прецизно и јасно определени, 1/4 од нив сметаат дека се непрецизно и нејасно разграничени и определени, а приближно 1/3 од нив смета дека не се опфатени сите подрачја и содржини на стручната работа на педагогот во градинката. Еден испитаник не одговорил по однос на ова прашање.

Ова прашање го разгледавме и од аспект на одговорите кои ги дале педагозите од Скопје и педагозите од внатрешноста на Републиката, при што добиени се следниве податоци.

**Табела бр.19:** Мислење на педагозите од Скопје и оние од внатрешноста на Републиката во врска со подрачјата и рамковните содржини на нивната стручна работа.

| Мислење за подрачјата и рамковните содржини на стручната работа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Категорија на одговори** | **Место** | | **f** | **%** |
| | Скопје | Од внатрешноста на Републиката | | |
| Се прецизно и јасно определени и разграничени | 2 | 9 | 11 | 45,83 |
| Не се прецизно и јасно определени и разграничени | 4 | 2 | 6 | 25,00 |
| Не се опфатени сите подрачја и содржини на стручната работа на педагогот во детската градинка | 4 | 3 | 7 | 29,17 |
| Вкупно | 10 | 14 | 24 | 100,00 |

*Забелешка: Еден испитаник не одговорил на поставеното прашање.




**Графикон бр.10:** Мислење на педагозите од Скопје и оние од внатрешноста на Републиката во врска со подрачјата и рамковните содржини на нивната стручна работа.

Според добиените податоци јасно се гледа дека постои разлика меѓу педагозите од Скопје и внатрешноста на Републиката во врска со подрачјата и рамковните содржини на нивната стручна работа, предвидени со документот.

Анализата на наведените податоци покажува дека, најголем процент од педагозите во Скопје или речиси половина од нив се изјасниле дека наведените подрачја и рамковни содржини не се прецизно и јасно определени и разграничени и дека не се опфатени сите подрачја и содржини на стручната работа на педагогот во детската градинка.

Спротивно на ова, педагозите од другите градови во Република Македонија во најголем број, поточно 2/3 се изјасниле дека подрачјата и рамковните содржини се прецизно и јасно определени и разграничени. Сето ова оди во прилог на поставената хипотеза која гласи:„ *Педагозите сметаат дека дадените подрачја и рамковни содржини за работа во „Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст" не се прецизно и јасно определени и разграничени."*

## 3. АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТОТ ОСНОВИ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ ВО РО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

Анализата на документот е правена со цел да се добијат податоци во врска со докажување на третата хипотеза која гласи, постои потреба од ревидирање на содржините во програмските основи за работа на педагогот во функција на подобрување на стручната работа на педагогот и унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.

Документот „Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст", е донесен од страна на тогашниот Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, во 1989 година и денес преставува официјален документ според кој педагогот ја планира својата стручна работа во градинката. Во него се поставени: цел и задачи на работата на педагогот, основни подрачја на работата на педагогот, соджини за секое од подрачјата, упатство за остварување на основите на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование, организација и услови за работа.

Дадените категории имаат за цел да му помогнат на педагогот во планирање, програмирање и реализирање на неговата стручна работа, со цел унапредување на воспитно-образовната работа во градинката.

Анализата на целта и задачите покажува дека тие се засновани врз основа на членот 119 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", бр.19/83). Во документот „Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст", се вели дека „една од најважните задачи на стручниот работник се состои во давање стручна помош на воспитувачите и педагошко-медицинските сестри во толкувањето, натамошната разработка, творечка примена и процена на воспитно-образовните ефекти на програмата".

Во истиот документ стои дека тој е усогласен со концепцијата и барањата на Програмата за воспитно-образовната дејност во предучилишното воспитание и образование. Оваа програма во детските градинки во Република Македонија се применувала во периодот од 1983 до 2007 година и се заснова на претходниот идеен и вредносен општествен систем, базиран на самоуправниот социјализам. Ова особено се согледува од задачата „педагогот да придонесува за создавање на поволни услови за оптимален и сестран развој на децата (на поединци и групи) да го поттикнува и следи развојот на децата". Гледано од тој аспект, документот „Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст", е застарен и постои потреба од негово неминовно ревидирање.

Во документот поставени се и содржини кои се однесуваат на следните подрачја за работа на педагогот:

- учество во програмирањето и планирањето на воспитно-образовната работа во предучилишната организација;
- следење на реализација на планот и програмата за воспитно-образовната работа со децата во различни облици на опфатот;
- педагошко-инструктивна работа и соработка со воспитувачите и педагошко-медицинските сестри, со цел да се унапредува воспитно-образовната работа;
- воведување на современата образовна технологија;
- следење на развојот и непосредната работа со децата;
- соработка и советодавна работа со родителите;
- аналитичко-истражувачка работа,
- учество во работата на стручните органи и стручното усовршување на воспитните кадри;
- соработка со стручните институции и општествената средина;
- индивидуално стручно усовршување, и
- подготовка и водење на документацијата за работа.

Резултатите добиени преку квалитативно проучување на дадените подрачја и рамковни содржини, со цел да се испита колку тие соодветствуваат со новонастанатите општествени состојби и тенденции во современото предучилишно воспитание и образование во Република Македонија, покажуваат дека во секое програмско подрачје се поставени содржини кои треба да му послужат на педагогот како водич во планирање и реализација на неговата стручна работа, со цел унапредување на воспитно-образовната работа во градинката. Она што може да се забележи од анализата е тоа дека документот „Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст", е усогласен со концепцијата и барањата на програмата која во детските градинки се применувала од 1983 до 2007 година и во однос на користената терминологија и двата документа го застапуваат стариот идеен и вредносен систем.

Во овој дел ќе ги изнесеме и податоците кои се однесуваат на мислењето на педагозите во врска со тоа во кои подрачја и рамковни содржини на стручната работа на педагогот во градинката треба да се направат промени.

На респодентите во анкетните листови им беа понудени повеќе одговори кои се однесуваат на потребата од ревидирање на програмските подрачја за работата на педагогот и тие имаа можност да заокружат повеќе од еден од понудените одговори.

Податоците прикажани во табелата број 20 ја покажаа потребата од ревидирање на содржините во програмските подрачја за работа во функција на подобрување на стручната работа на педагогот и унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.

Ова прашање добива особена важност, ако се знае дека овој документ претставува основен водич за планирање и програмирање на воспитно-образовната работа на педагогот во градинката. Што веќе и го потврдивме со одговорите и анализата на прашањата кои беа изнесени понапред.

**Табела бр.20:** Мислење на педагозите во врска со подрачјата во кои треба да се направат промени.

| Подрачја во кои треба да се направат промени | | |
|---|---|---|
| Категорија на одговори | f | **ранг** |
| Учество во планирање и програмирање на ВОР во детската градинка | 2 | 9,5 |
| Следење и реализација на план и програма за ВОР со децата во различни облици на опфатот | 3 | 7 |
| Педагошко-инструктивна работа и соработка со воспитувачите и негувателите, со цел да се унапредува ВОР | 3 | 7 |
| Воведување на современа образовна технологија , иноворање и модернизација на ВОР | 11 | 1 |
| Следење на развојот и непосредна работа со децата | 1 | 11 |
| Соработка и советодавна работа со родители | 2 | 9,5 |
| Аналитичко-истражувачка работа во градинката | 7 | 2 |
| Учество во работата на стручните органи и стручното усовршување на воспитните кадри | 3 | 7 |
| Соработка со стручни институции и општествената средина | 6 | 3,5 |
| Индивидуално стручно усовршување | 6 | 3,5 |
| Подготовка и водење на документацијата за работа | 4 | 5 |
| Друго | 0 | 12 |

Ранг-листата што ја добивме врз основа на мислењето на испитаниците покажува дека на прво место или најфреквентно подрачје (f=11) во кое треба да се направат промени е *Воведување на современа образовна технологија, иновирање и модернизирање на воспитно образовната работа*, а веднаш по него следуваат подрачјата *Аналитичко-истражувачка работа*, *Соработка со стручни институции* и *Индивидуално стручно усовршување*. Со најмала фреквентност се јавува *Следењето на развојот и непосредната работа со децата* (f=1). Добиените податоци кои се однесуваат на ова прашање се прикажани и графички во следниот графикон:




**Графикон бр.11:** Мислење на педагозите во врска со подрачјата во кои треба да се направат промени.

Според добиените одговори и направената анализа може да се заклучи дека се потврдува потребата од ревидирање на содржините во програмските подрачја за работа на педагогот. На тоа укажуваат добиените податоци од квалитативното и квантитативното

проучување на дадените подрачја и рамковни содржини, во кои во најголем дел користента терминологија произлегуваа од застарениот идеен и вредносен системи и истата несоодвествува на новонастанатите општествени состојби и тенденции во современото предучилишно воспитание и образование во Република Македонија.

Притоа како клучни подрачја во работата на педагогот во кои треба да се направат измени тие ги наведуваат следните: *Воведување на современа образовна технологија, иновирање и модернизација на воспитно-образовната работа*; *Аналитичко истражувачка работа во градинката*; *Индивидуално стручно усовршување* и *Соработка со стручни институции и општествената средина.*

Врз основа на веќе изнесените добиени податоци и нивната анализа, се констатира дека педагозите во детската градинка ја истакнуваат потребата од промени со што се докажува ***хипотезата бр.3 дека Постои потреба од ревидирање на содржинте во програмските основи за работата на педагогот во функција на подобрување на стручната работа на педагогот и унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.***

# 4. СТАВОВИ И МИСЛЕЊЕ НА ПЕДАГОЗИТЕ ВО ВРСКА СО УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ГРАДИНКА

За да може педагогот непречено да ја планира и реализира работата во рамките на сите подрачја од делокругот на неговата работа во градинката, неопходно е да му се обезбедат соодветни материјални услови за работа, под што подразбираме: простор, мебел,опрема, инструменти за работа и временски распоред за работа на педагогот во објектите на градинката.

За таа цел со овој анкетен лист, посебен предмет на интерес беше и добивањето на податоци за материјалните услови за работа на педагогот, во насока на обезбедување на соодветни услови за да може непречено да ја планира својата работа и да ја реализира соработката со сите субјекти во воспитно-образовниот процес, која понекогаш, во зависност од природата на проблемите ќе биде индивидуално-советодавна, а понекогаш ќе се одвива во помали или поголеми групи од воспитувачи, негуватели, родители.

Просторијата и опремата за работа на педагогот треба да му дозволуваат тој да се бави со студиско-аналитичка, советодавна, инструктивна, истражувачка работа, како и да обавува и други активности тесно поврзани со неговата основна дејност - унапредување на воспитно-образовната работа во градинката.

Во врска со четвртата хипотеза на нашето истражување, дека педагозите од градот Скопје и оние од внатрешноста на Републиката се задоволни од постојните услови за работа во детската градинка, добиените резултати, со цел нивна поголема прегледност, ги прикажавме табеларно и графички.

**Табела бр.21:** Одговори на педагозите во врска со тоа дали имаат свој простор за работа.

| Сопствен простор за работа | | |
|---|---|---|
| Категорија на одговори | f | % |
| Да | 24 | 96,00 |
| Не | 1 | 4,00 |
| Вкупно | 25 | 100,00 |

Имајќи го предвид значењето на просторните услови за работа на педагогот во детската градинка, добиените резултати се без изненадување. Имено, според добиените податоци скоро сите испитаници се изјасниле дека имаат свој простор за работа, само еден од анкетираните педагози се изјаснил дека нема свој простор за работа во градинката, што може да се смета како една од причините која ја отежнува ефикасната реализација на стручната работа на педагогот во градинката.

**Табела бр.22:** Одговори на педагозите во врска со опременоста на кабинетот за работа на педагогот во градинката.

| **Опременост на кабинетот за работа на педагогот** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија на одговори | **Да** | | **Не** | | **Вкупно** | |
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Компјутер | 21 | 84,00 | 4 | 16,00 | 25 | 100,00 |
| Интернет пристап | 17 | 68,00 | 8 | 32,00 | 25 | 100,00 |
| Печатач | 20 | 80,00 | 5 | 20,00 | 25 | 100,00 |
| Библиотека | 23 | 92,00 | 2 | 8,00 | 25 | 100,00 |
| Друго | 5 | 20,00 | 20 | 80,00 | 25 | 100,00 |




**Графикон бр.12:** Одговори на педагозите во врска со опременоста на кабинетот за работа на педагогот во градинката.

Како што може да се забележи од податоците од табелата број 22, која се однесува на опременоста на кабинетот за работа на педагогот, скоро сите испитаници одговориле дека во својот кабинет имаат библиотека, компјутер и печатач. Мал процент од нив, одговориле дека во својот кабинет за работа имаат и друга опрема (дигитален апарат, графоскоп, камера).

Една од основните задачи на стручната работа на педагогот е тој да придонесува кон унапредување, осовременување и рационализација на воспитно-образовната работа во градинката. Оттаму предмет на интерес на нашето истражување беше и согледувањето на фактичката состојба во градинките во Република Македонија, од аспект на расположливоста на стручна литература и стручни списанија во градинките, како еден од изворите за добивање на стручни информации и запознавање на педагогот со најновите достигнувања во педагошко-психолошката наука, значајни за нивно имплементирање во воспитно-образовната практика во градинката, со цел нејзино унапредување.

Следува презентација и интерпретација на добиените резултати во врска со наведеното прашање.

**Табела бр.23:** Одговори на педагозите во врска со достапноста на современа стручна литература и стручни списанија во градинката и колку истите му помагаат во секојдневната работа.

| Достапност до современа стручна литература и стручни списанија во градинката | | |
|---|---|---|
| Категорија на одговори | f | % |
| Да | 6 | 24,00 |
| Не | 19 | 76,00 |
| Вкупно | 25 | 100,00 |




**Графикон бр.13:** Одговори на педагозите во врска со достапноста на современа стручна литература и стручни списанија во градинката и колку истите му помагаат во секојдневната работа.

**Табела бр.24:** Одговори на педагозите од подрачјето на градот Скопје и од внатрешноста на Републиката во врска со достапност на современа стручна литература и стручни списанија во градинката, кои му помагаат во секојдневната работа.

| Стручна литература и списанија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Место | Да | | Не | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % |
| Скопје | 2 | 33,33 | 8 | 42,11 | 10 | 40,00 |
| Од внатрешноста на Републиката | 4 | 66,67 | 11 | 57,89 | 15 | 60,00 |
| Вкупно | 6 | 100,00 | 19 | 100,00 | 25 | 100,00 |

Во однос на ова прашање, 3/4 од педагозите сметаат дека градинката не располага со современа стручна литература и списанија кои му помагаат на педагогот во секојдневната работа. Значително помал дел од анкетираните педагози, или 1/4 од нив, сметаат дека градинката располага со современа стручна литература и списанија кои би му помогнале на педагогот во секојдневната работа. Од прикажаните податоци, на ова исто прашање не постои разлика ниту во одговорите на педагозите од градот Скопје и оние од внатрешноста на Републиката, на што укажуваат добиените податоци. Сепак, со оглед на тоа дека повеќе од 3/4 од педагозите се изјасниле дека градинката во која работат не располага со современа стручна литература и списанија, може да се констатира дека тоа е една од причините која ја отежнува работата на педагогот со цел - унапредување на воспитно-образовната работа во градинката.

На прашањето - колку сте задоволни од условите за работа на педагогот во градинката, добиени се следните одговори.

**Табела бр.25:** Одговори на педагозите во врска со тоа колку се задоволни од условите за работа во градинката.

| Услови за работа во градинката | | |
|---|---|---|
| Категорија на одговори | f | % |
| Воопшто не сум задоволен/а | 0 | 0,00 |
| Делумно сум задоволен/а | 8 | 33,33 |
| Целосно сум задоволен/а | 16 | 66,67 |
| Вкупно | 24 | 100,00 |

*Забелешка:Еден испитаник не одговорил на поставеното прашање




**Графикон бр.14:** Одговори на педагозите во врска со тоа колку се задоволни од условите за работа во градинката.

Во однос на прашањето „задоволен од условите за работа во градинката ", според прикажаните податоците во табелата број 25, повеќе од половина од испитаниците (2/3) се изјасниле дека целосно се задоволни од условите за работа, а 1/3 од нив одговориле дека делумно се задоволни од условите за работа во градинката.

Гледано од аспект на одговорите кои ги дале на оваа прашање педагозите од Скопје и педагозите од внатрешноста на Републиката, добиени се следниве податоци:

**Табела бр.26:** Одговори на педагозите од Скопје и оние од внатрешноста на Републиката во врска со тоа колку се задоволни од условите за работа во градинката

| Одговори на педагозите од Скопје и од внатрешноста на Републиката во врска со тоа колку се задоволни од условите за работа во градинката | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Место | Воопшто не сум задоволен/а | | Делумно сум задоволен/а | | Целосно сум задоволен/а | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Скопје | 0 | 0,00 | 1 | 4,16 | 9 | 37,50 | 10 | 41,66 |
| Од внатрешноста на Републиката | 0 | 0,00 | 7 | 29,17 | 7 | 29,17 | 14 | 58,34 |
| Вкупно | 0 | 0,00 | 8 | 33,33 | 16 | 66,67 | 24 | 100,00 |

*Забелешка:Еден испитаник не одговорил на поставеното прашање

Во дадените одговори на ова прашање, евидентно е дека поголем процент од анкетираните педагози, одговориле дека целосно се задоволни од условите за работа. Но ако се анализираат нивните одговори од аспект на тоа како се изјасниле педагозите од Скопје и педагозите од внатрешноста на Републиката, во тој случај се забележува разлика во искажаното мислење. Така, спротивно од одговорите на педагозите од Скопје кои во висок процент се изјасниле дека се задоволни од условите за работа на педагогот во градинката, педагозите од внатрешноста на Републиката имаат поделено мислење по однос на ова прашање. Така, половина од нив се изјасниле дека целосно се задоволни од условите за работа, и исто толку одговориле дека делумно се задоволни од условите за работа на педагогот во градинката.Еден испитаник не одговорил на поставеното прашање.

Споредувањето на одговорите кои се дадени на ова прашање од педагозите од градот Скопје и педагозите од внатрешноста на Републиката, покажуваат дека меѓу нив постојат разлики во искажаното мислење.

Со тоа **делумно се потврдува четвртата хипотеза на нашето истражување, а тоа е дека, педагозите од градот Скопје и оние од внатрешноста на Републиката, се задоволни од постојните услови за работа во детската градинка.**

# 5.СТАВОВИ И МИСЛЕЊЕ ВО ВРСКА СО ПРИМЕНАТА НА ИКТ ВО РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ

Имајќи го предвид фактот дека квалитетот на воспитно-образовниот процес директно зависи од примената на информатичко-комуникациските технологии во него, денес развојот на информатичкото општество претставува една од приоритетните задачи на сите земји во светот. Во таа насока Собранието на Република Македонија, во јули 2002 година, ќе ја усвои декларацијата-Препораки за забрзан развој на информатичкото општество и дигиталната економија во Република Македонија. Врз основа на тоа се повеќе се наметнува потребата од донесување на стандарди и компетенции за користење на средствата за ИКТ во работата на педагогот во градинката.

Теоретските основи во предучилишната педагогија се повеќе укажуваат на можноста и потребите од воведување на средствата на ИКТ уште во рамките на предучилишното воспитание и образование и тоа не само како средство за технолошка поддршка, но и како предмет на проучување на начинот на нивното функционирање.

Токму затоа, предмет на интерес на овој труд беше и да се согледа:

- дали и колку често педагозите користат ИКТ во реализирањето на работните задачи во градинката;
- каква е нивната оспособеност за работа на компјутер;
- дали сите педагози на своето работно место се поврзани со интернет мрежа.

**Табела бр.27:** Одговори на педагозите во врска со тоа дали умеат да работат на компјутер.

| Работат на компјутер | | |
|---|---|---|
| Категорија на одговори | f | % |
| Да | 22 | 88,00 |
| Не | 3 | 12,00 |
| Вкупно | 25 | 100,00 |




**Графикон бр.15:** Одговори на педагозите во врска со тоа дали умеат да работат на компјутер.

Како што може да се забележи од добиените одговори на ова прашање, над 4/5 од педагозите се изјасниле дека умеат да работа на компјутер, а мал дел, или околу 1/5 од нив, се изјасниле дека не поседуваат никакви вештини за работа на компјутер. Овој податок јасно укажува на потребата од обуки за елементарно информатичко описменување на педагозите во детските градинки или на потребата за усовршување на нивните компетенции во ова поле. Добиените податоци во врска со компјутерските вештини на педагозите ги прикажуваме на следниот графикон.




**Графикон бр.16:** Одговори на педагозите во врска со тоа кои компјутерски алатки умеат да ги користат.

Во однос на прашањето кои компјутерски алатки умеат да ги користат во работата, според добиените резултати прикажани во графиконот број 16, може да се констатира дека, педагозите имаат различно ниво на познавање на вештини за примена на

компјутерски алатки (Word, Excel, Интернет, Power point) во сопствената работа, со што уште еднаш се потврдува постоењето на потреба за обуки на педагозите, со цел нивно запознавање со можностите кои ги нуди современата образовна технологија во насока на унапредување на воспитно-образовната работа во градинката.

**Табела бр. 28:** Одговори на педагозите во врска со достапноста до интернет- пристапот

| Одговори на педагозите во врска со достапноста до -Интернет пристапот | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија на одговори | Дома | | Во градинка | | Не ми е достпана, ниту дома, ниту во градинката | |
| | f | % | f | % | f | % |
| Да | 18 | 72,00 | 19 | 76,00 | 0 | 0,00 |
| Не | 7 | 28,00 | 6 | 24,00 | 0 | 0,00 |
| Вкупно | 25 | 100,00 | 25 | 100,00 | 0 | 0,00 |




**Графикон бр.17:** Одговори на педагозите во врска со достапноста до интернет-пристапот.

Според добиените податоци, околу 3/4 од анкетираните педагози имаат интернет-пристап и дома и во градинка. Сепак, не можеме да го занемариме фактот дека 1/4 од нив, во градинката во којашто работат нема интернет- пристап, што секако, се одразува врз квалитетот на извршувањето на работните задачи на педагогот. Проблемот на поврзаноста со интернет-мрежата, тие го наведуваат и како една од причините кои ја отежнуваат работата на педагогот во градинката.




**Графикон бр.18:** Мислење на педагозите искажани во фреквенции во врска со придонесот на Интернетот за реализација на стручната работа на педагогот во градинката.

Како што може да се забележи од добиените податоци, во врска со придонесот на Интернетот за првата категорија *„Соработка со родителите на децата“* повеќе од една

четвртина од респондентите се изјасниле дека ретко го користат Интернетот во соработка со родителите, 1/5 од нив тоа го прават многу често. Исто толку испитаници се изјасниле дека често го користат Интернетот во соработката со родителите, само 1/12 од нив се изјасниле дека многу ретко го користат или дека никогаш не го користат Интернетот за остварување на соработка со родителите.

Во однос на категоријата „*Интернетот придонесува за олеснување на комуникацијата на педагогот со пошироката средина- надворешни институции*", под 1/3 од нив одговориле често, 1/4 одговориле ретко, 1/5 одговориле многу често, незначително мал дел од анкетираните педагози одговориле многу ретко или никогаш. На ова прашање не одговориле 1/12 од испитаниците.

Според добиените податоци кои се однесуваат на категоријата „*Промоција на работата на педагогот преку испраќање на трудови во весници, стручни списанија, научни трудови*", 1/3 од испитаниците-педагози се изјасниле дека ретко го користат Интернетот за оваа цел, малку помалку од 1/3 одговориле дека често го користат Интернетот за промоција на работата преку испраќање на трудови во весници, стручни списанија и научни трудови. Само 1/8 од испитаниците многу ретко го користат Интернетот за горенаведената цел и исто толку, одговориле дека никогаш не го користат Интернетот за промоција на сопствената работата. На ова прашање не одговорил 1 испитаник.

Во однос на категоријата „*Интернетот придонесува за размена на стручни материјали и искуства со други педагози*", 1/3 од педагозите се изјасниле дека за ова цел, често го користат Интернетот, над 1/4 одговориле ретко, 1/5 дале одговор - многу често, по еден од анкетираните педагози одговориле дека многу ретко и дека никогаш не го користат Интернетот за размена на стручни материјали и искуства со другите колеги. На ова прашање не одговорил 1 испитаник.

Во однос на последната категорија „*Интернетот придонесува за стекнување на нови стручни знаења од областа на педагогијата*", помалку од 1/2 од испитаниците одговориле често, помалку од 1/4 одговориле ретко, а помалку од 1/5 од нив одговориле

дека Интернетот многу често придонесува за стекнување на нови стручни знаења. На ова прашање само еден испитаник одговорил никогаш. Исто така на поставеното прашање не одговорил еден испитаник.

**Табела бр.29:** Одговори на педагозите во врска со тоа колку често користат компјутер и Интернет за стручни прашања.

| Колку често се користи компјутер и Интернет за стручни прашања | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија на одговори | **Место** | | | | **Вкупно** | |
| | **од Скопје** | | **од внатрешноста на Републиката** | | | |
| | f | % | f | % | f | % |
| Никогаш | 0 | 0,00 | 1 | 7,14 | 1 | 4,17 |
| Многу ретко | 0 | 0,00 | 2 | 14,29 | 2 | 8,33 |
| Ретко | 0 | 0,00 | 3 | 21,43 | 3 | 12,50 |
| Често | 6 | 60,00 | 3 | 21,43 | 9 | 37,50 |
| Многу често | 4 | 40,00 | 5 | 35,71 | 9 | 37,50 |
| Вкупно | 10 | 100,00 | 14 | 100,00 | 24 | 100,00 |

*Забелешка: На ова прашање не одговорил еден испитаник




**Графикон бр.19:** Одговори на педагозите во врска со тоа колку често користат компјутер и Интернет за стручни прашања.

Во однос на прашањето „колку често користат компјутер и Интернет за решавање на стручни прашања и проблеми во работата", 3/8 од испитаниците се изјасниле дека многу често го користат Интернетот; исто толку испитаници, т.е 3/8 од нив се изјасниле дека често го користат; 1/8 ретко го користат; 1/12 многу ретко, незначителен дел од нив, одговориле дека никогаш не ги користат компјутерот и Интернетот за решавање на стручни прашања. Во дадените одговори на ова прашање се забележува постоење на разлика меѓу одговорите кои на ова прашање ги дале педагозите од градот Скопје и меѓу одговорите на педагозите од внатрешноста на Републиката.

Според тоа, врз основа на добиените и интепретираните резултати во ова истражување се **отфрла петтата хипотеза од нашето истражување дека, педагозите ретко користат ИКТ во функција на реализирање на работните задачи.**

# 6. МИСЛЕЊЕ НА ПЕДАГОЗИТЕ ВО ВРСКА СО НИВНАТА СОРАБОТКА СО ВОСПИТУВАЧИТЕ, НЕГУВАТЕЛИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ

Денес во современата литература се повеќе се говори дека рефлексивната практика не претставува само начин на индивидуално размислување за сопственото искуство, туку истата претставува социјален чин кој бара размена и соработка. Имено, ако сакаме да ја разбереме и развиваме сопствената практика и сопствениот професионален идентитет, значајно е да дознаеме како другите гледаат на нас, а за педагогот во градинката особено е значајно да знае како воспитувачите и негувателите за кои е врзано неговото професионално дејствување гледаат на неговата стручна работа која тој ја обавува во градинката. Токму затоа во нашето истражување одлучивме да видиме како од перспектива на воспитувач и негувател изгледа нивната меѓусебна соработка, како тие ја перцепираат оваа соработка со педагогот, како истата се реализира во практиката и кои се нивните очекувања од работата на педагогот во градинката, односно дали активностите кои педагогот ги реализира во детската градинка се во функција на унапредување на воспитно-образовниот процес. Добиените податоци ќе ги интерпретираме во понатамошниот дел од трудот.

## 6.1 ИНСТРУМЕНТИ КОИ СЕ ПРИМЕНУВААТ ВО ФУНКЦИЈА НА КООПЕРАТИВНА АКТИВНОСТ МЕЃУ ПЕДАГОГОТ И ВОСПИТУВАЧИТЕ, НЕГУВАТЕЛИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ

Кога се зборува за унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа во градинката, потребно е да имаме конкретни показатели за добрите и слабите страни во работењето на сите стручни лица во градинката во текот на воспитно-образовната година, како и за нивните потреби во насока на добро организирање, планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес. Сето ова ја наметнува потребата педагогот во текот на својата работа да користи соодветни инструменти во функција на прибирање или евидентирање на потребните податоци од воспитно-образовната работа на воспитувачите, негувателите и другите стручни работници и соработници во градинката, како и податоци

од родителите, а се со цел да може да осмисли нови содржини и методи на работа во насока на унапредување на воспитно-образовната работа.

Токму поради тоа интересот беше насочен да откриеме дали педагозите користат определени инструменти и кои инструменти ги користат во својата работа во функција на унапредување на воспитно-образовната работа во градинката, како и да одговориме на прашањето за потребите на педагозите во нивната секојдневна практика во врска со примената на инструментите за истражување.

Во врска со ова прашање формулирана е шестата хипотеза од нашето истражување која гласи: педагозите во нивната секојдневна практика имаат потреба од готови модели на инструменти за истражување кои ќе послужат како квалитетна основа во прибирање на податоци од воспитувачите, негувателите и родителите во функција на унапредување на воспитно-образовната практика во детската градинка.

Со цел да добиеме одговор на поставената хипотеза, на педагозите им беше поставено прашање од отворен тип, со задача да направат попис на сите инструменти за истражување коишто ги користеле во нивната работа како педагози, и да ја наведат целта за која тие биле користени и истовремено ги замоливме, доколку се во можност да ни достават во прилог, по еден примерок од користените инструменти.

Од направената квалитативна анализа, добиените податоци се загрижувачки. Од нив може да се констатира дека меѓу педагозите во градинката има многу големи разлики во однос на примената на инструментите за истражување. Сепак, и оние педагози кои навеле дека користат инструменти во својата работа, приложиле мал број на инструметни и истите ги користат за различна намена. Поголем е бројот на оние педагози кои навеле дека користат еден до два инструмента, но не и нивната намена, а доминира бројката на педагози кои воопшто не одговориле на поставеното прашање.

Со цел да дознаеме нешто повеќе за примената на инструментите за истражување во секојдневната работа на педагогот, во текот на нашето истражување ја применуваме и техниката на неструктурирано интервју.

Податоците од интервјуто покажуваат, дека педагозите имаат потешкотии при користење на различни инструменти во својата работа во функција на прибирање на податоци за работа на воспитувачот и негувателот во текот на годината, кои ќе му

овозможат на педагогот во градинката континуирано да ја следи нивната воспитно-образовна работа и врз основа на тоа полесно и пообјективно да ја вреднува и да дава свој придонес кон унапредување на воспитно-образовната практика. Како причини за тоа педагозите го наведуваат недостатокот на готови модели на инструменти во педагошката литература, како и нивната недоволна стручна оспособеност за изработка на инструментите и статистичка анализа на добиените податоци, односно сето ова го поврзуваат со недоволно развиени вештини за работа на компјутер и неинформираност за можностите кои ги нудат статистичките програми при обработка и интерпретација на собраните податоци. Во продолжение на текстот даваме листа на одделните инструменти, кои педагозите навеле дека ги користат за различна намена:

- Протокол на непосредно следење и евидентирање на воспитно-образовните активности;
- Евиденциски лист за следење на методи и техники кои ги применува воспитувачот во непосредната работа со децата;
- Евиденциски лист за следење на факултативните активности на децата во градинката;
- Анкетен лист за потребите од набавка на соодветна стручна литература;
- Анкетен лист за потребата од набавка на играчки и дидактички средства и материјали за потребите на воспитно-образовниот процес;
- Анкетен лист за родители - колку и на кој начин родителот може да се вклучи во планирањето на воспитно-образовниот процес во градинката;
- Евиденциски лист за стручно усовршување на воспитувачите, негувателите и останатите стручни работници и соработници во градинката;
- Анкетен лист во врска со причините за масовно отсуство на децата од градинката (појава на заразна болест, епидемија и сл);
- Евиденциски лист за остварена соработка со родителите.

Од наведениот преглед на користени инструменти може да се забележи дека истите се користени и во функција на кооперативна активност со воспитувачите, негувателите и родителите.

Врз основа на добиените резултати, може да се согледа дека е даден јасен сигнал од страна на педагозите во градинката, дека во секојдневната практика имаат потреба од готови модели на инструменти за истражување, кои ќе послужат како квалитетна основа за прибирање на податоците од воспитувачите, негувателите и родителите во функција на унапредување на воспитно-образовната практика во детската градинка. Истовремено, добиените податоци јасно упатуваа на фактот дека постои свесност кај педагозите за постоење на реална потреба од следење на дополнителни обуки за развивање и подобрување на нивните компетенции во насока на изработка и примена на инструменти за истражување на реалните состојби во градинката, како и потреба од следење на соодветна обука за обработка и интерпретација на добиените резултати, во согласност со најновите достигнувања во областа на методологијата и статистиката на педагошките истражувања. Со тоа би се постигнало зајакнување на компетенциите на педагогот воопшто за истражување на реалната практика во градинката, како една од неговите приоритетни работни задачи, со цел унапредување на воспитно-образовната работа.

Во функција на унапредување на целокупната воспитно-образовна работа во градинката се јавува потребата да се евидентираат и да се анализираат резултатите кои се добивани со одделни инструменти, како и многу други сознанија и податоци во врска со работата на воспитувачите и негувателите. Токму затоа не интересираше да дознаеме дали педагогот во градинката води каков било вид педагошка евиденција и документација за воспитувачите и доколку водат да наведат каква.

**Табела бр.30:** Одговори на педагозите во врска со тоа дали водат педагошка евиденција и документација на планирани и реализирани кооперативни активности со негувателите и воспитувачите во градинката.

| Водење евиденција | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Категорија на одговори | **Воспитувачи** | | **Негуватели** | |
| | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Да | 15 | 60,00 | 6 | 28,57 |
| Не | 10 | 40,00 | 15 | 71,43 |
| Вкупно | 25 | 100,00 | 21 | 100,00 |

*Забелешка: Четири испитаника не дале одговор на поставеното прашање, во врска со тоа дали водат педагошка евиденција за негувателите.




**Графикон бр.20:** Одговори на педагозите во врска со тоа дали водат педагошка евиденција и документација на планирани и реализирани кооперативни активности со негувателите и воспитувачите во градинката.

Од добиените податоци впечатливо е дека поголем број од педагозите од градинките водат евиденција и документација за воспитувачите од нивната градинка. Но, на истото прашање на кое се бараше да дадат одговор дали водат педагошка евиденција и за негувателите, постои разлика во однос на добиените податоци. Имено, најголем дел или околу 3/4 од педагозите се изјасниле дека воопшто не водат евиденција и документација за негувателите од нивната градинка.

На прашањето, пак, каков вид евиденција и документација водат за воспитувачите и негувателите во градинката, одговориле вкупно 15 или 2/3 од педагозите. Од нив сите се изјасниле дека водат евидениски дневник или евидениски тетратки во кои ги бележат сите позначајни податоци во врска со остварена соработка со воспитувачот или негувателот. Вкупно 1/5 од оние педагози кои дале одговор на ова прашање, се изјасниле дека покрај дневникот за соработка со воспитувачите и негувателите воделе и портфолио за секој воспитувач и негувател во градинката, во кои ги приложувале сите позначајни изработки од воспитувачите и негувателите во текот на годината (сценарија за приредби, докази за остварени разни форми на соработа со родителите - родителски состаноци,

работилници со родителите, фотографии како докази за изработки во врска со естетско уредување на занималната и останатите простории во градинката, лични изработки на дидактички средства кои ги користеле во воспитно-образовната работа со децата, добиени сертификати од некое стручно предавање, користење на стручна литература во текот на годината и др.).

Ваквиот начин на прибирање на податоци за работата на воспитувачот и негувателот во текот на годината му овозможува на педагогот во градинката континуирано да ја следи нивната воспитно-образовна работа и врз основа на тоа полесно и пообјективно да ја вреднува. Во овој случај педагогот има јасна слика за целокупниот воспитно-образовен ангажман на воспитувачот и негувателот во текот на целата година, па така вреднувањето на нивната работа не се темели само врз инцидентни посети на воспитно-образовни активности во група, еднаш или двапати во текот на годината.

Гледано од аспект на воспитувач/негувател, портфолиото има посебно значење за самоевалуација од аспект на нивниот ангажман во текот на годината во градинката, споделување на информации, размена на искуство и добра практика со колегите во градинката и сл.

Врз основа на претходно наведените податоци **се потврдува хипотезата на истражувањето дека, педагозите во нивната секојдневна практика, имаат потреба од готови модели на инструменти за истражување кои ќе послужат како квалитетна основа во прибирање на податоци од воспитувачите, негувателите и родителите во функција на унапредување на воспитно-образовната практика во детската градинка.**

## 7. МИСЛЕЊЕ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ И НЕГУВАТЕЛИТЕ ВО ВРСКА СО ОБЛИЦИТЕ НА СОРАБОТКА РЕАЛИЗИРАНИ ОД СТРАНА НА ПЕДАГОГОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Во текот на годината педагогот реализира повеќе форми на кооперативна активност со воспитувачите и негувателите од градинката. Оттука во нашето истражување имавме поставено задача да согледаме кој облик на соработка реализиран од страна на педагогот со воспитувачите и негувателите е најефикасен или има најголем придонес за унапредување на воспитно-образовната работа во градинката, притоа поставената задача беше преточена како седма хипотеза во нашето истражување дека, постои разлика во

мислењето на воспитувачите и негувателите во врска со тоа кој облик на соработка реализиран од страна на педагогот е најефикасен за подобрување на воспитно-образовната работа во градинката.

Со цел да провериме какви облици на соработка практикуваат педагозите со воспитувачите и негувателите, потребните податоци, главно, ги добивме од направениот увид во годишните и месечните програми за работа на педагогот во градинката, од направеното интервју со некои од педагозите како и од анкетните прашалници за педагози, воспитувачи и негуватели.

Најпрво ќе ги презентираме и анализираме добиените одговори на прашањето од прашалникот за педагози со кое се бараше од нив да се произнесат како соработуваат или колку фреквентно соработуваат со воспитувачите и негувателите во градинката.

Добиените податоци ги претставуваме во следните табели.

**Табела бр.31:** Одговори на педагозите од Скопје и од внатрешноста на Републиката во врска со тоа како соработуваат со воспитувачите во градинката.

| Категории на одговори | Скопје | | Од внатрешноста | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Секојдневно | 10 | 41,67 | 10 | 41,67 | 20 | 83,34 |
| Често | 0 | 0,00 | 4 | 16,66 | 4 | 16,66 |
| Понекогаш | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| Ретко | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| Никогаш | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| Вкупно | 10 | 41,67 | 14 | 58,33 | 24 | 100,00 |

* Забелешка: На ова прашање не одговорил еден испитаник.

**Табела бр.32:** Одговори на педагозите од Скопје и од внатрешноста на Републиката во врска со тоа како соработуваат со негувателите во градинката.

| Категорија на одговори | Скопје | | Од внатрешноста на Републиката | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Секојдневно | 8 | 33,33 | 7 | 29,17 | 15 | 62,50 |
| Често | 4 | 16,67 | 2 | 8,33 | 6 | 25,00 |
| Понекогаш | 2 | 8,33 | 1 | 4,17 | 3 | 12,50 |
| Ретко | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| Никогаш | 0 | 0.00 | 0 | 0,00 | 0 | 0.00 |
| Вкупно | 14 | 58.33 | 10 | 41.67 | 24 | 100,00 |

* Забелешка:еден испитаник не дал одговор на поставеното прашање.




**Графикон бр.21:** Одговори на педагозите од Скопје и од внатрешноста на Републиката во врска со тоа како соработуваат со воспитувачите во градинката.

**Табела бр.33:** Одговори на педагозите во врска со тоа кој профил на кадар во градинката пројавува поголема потреба за соработка со педагогот.

| Категорија на одговори | Педагози | |
|---|---|---|
| | f | % |
| Воспитувачи | 12 | 48,00 |
| Негуватели | 0 | 0,00 |
| Еднакво и воспитувачите и негувателите | 13 | 52,00 |
| Вкупно | 25 | 100,00 |

Врз основа на добиените податоци, може да се констатира дека, според добиените вредности, очигледна е секојдневната соработка на педагогот со воспитувачите и негувателите во градинката. Тоа го покажува и распределбата на вредностите на варијаблата која не е гаусова и тежи да се концентрира точно во еден одговор, на едниот крај од кривата.

Во врска со прашањето кој профил на кадар во градинката пројавува поголема потреба за соработка со педагогот во градинката, добиените податоци покажуваат дека педагозите имаат поделено мислење по однос на ова прашање. Имено, според 1/2 од педагозите, воспитувачите пројавуваат поголема потреба за соработка со педагогот во градинката, додека, пак, спротивно од нив другата половина од анкетираните педагози, одговориле дека и воспитувачите и негувателите пројавуваат подеднаква потреба за соработка со педагогот во градинката.

Врз основа на направениот увид во годишните и месечните програми за работа на педагогот, може да се забележи дека од вкупно 15 анализирани програми за работа на педагогот во градинката, само 3 педагози во своите месечни програми го наведуваат обликот на соработка со воспитувачите и негувателите во градинката кои тие планираат да го применат во текот на годината при реализација на конкретните содржини. Притоа во анализираните програми за работа на педагозите, може да се забележи дека се наведувани индивидуалниот и групниот облик на соработка со воспитувачите и негувателите.

Така, на пример, следниве содржини педагозите планирале да ги реализираат само преку групна работа со воспитувачите и негувателите:

- Запознавање на воспитувачите и негувателите со теоретските основи и начини на користење на утврдените принципи, методи, облици и средства на воспитно-образовна работа со децата.
- Реализирање на нагледни активности со примена на активни методи на учење.
- Информирање на воспитувачите и негувателите за резултатите од своите испитувања кои можат да ги користат за унапредување на целокупната воспитно-образовна работа.

- Соработување со воспитувачите и негувателите во однос на применување на позитивни сознанија и внесување иновации од современата педагошка теорија и практика.
- Водење на инструктивно-консултативни разговори со група на воспитувачи и негуватели, како реализатори на воспитно-образовната програма.
- Демонстрирање на успешни педагошки решенија.
- Укажување помош и насочување на воспитувачите во врска со организацијата на прошетките, посетите, излетите, следење на театарските и филмските претстави, подготовка на прославите и приредбите со децата.
- Работа со активот на воспитувачи во градинката.
- Инструктивна работа со воспитувачите и негувателите во врска со водење на педагошката евиденција во градинката.

Содржините кои планирале да ги реализираат само преку индивидуален облик на соработка се:

- Соработка со воспитувачите во идентификацијата, конкретизацијата и операционализација на целите и задачите кои треба да се реализираат во воспитно-образовната работа.
- Соработка со воспитувачите во одбирањето и примената на ефикасни облици, методи и средства за работа, при индивидуализација на воспитно-образовната работа според способностите, мотивацијата, интересите, предзнаењата и темпото на работа на одделни деца.
- Работа со воспитувач/негувател приправник.
- Посета на воспитно-образовна група, со цел следење на реализација на воспитно-образовните активности.
- Проучување на одделни воспитно-образовни проблеми во организацијата и воспитните групи и преземање на соодветни педагошки и дидактичко-методски мерки.
- Давање на инструкции на воспитувачите за реализирање на нагледни активности.

- Поединечни разговори со воспитувачи и негуватели во чија воспитна група има дете со пречки во развојот.
- Организирање на индивидуален образовен план за работа со децата кои имаат извесни потешкотии во процесот на воспитно-образовната работа и животот во градинката.
- Консултативни разговори со воспитувачи и негуватели, поединечно во врска со децата кои потешко се адаптираат во градинката, во насока на давање сугестии за надминување на таа состојба.
- Давање на стручна помош на воспитувачите и негувателите во правилното и целосно следење на развојот на децата во групата.

Со цел да се добијат пообјективни податоци, во прилог на докажување на поставената хипотеза ја применивме и техниката на интервјуирање.

Од податоците кои ги добивме од направеното интервју со педагозите може да се констатира дека тие речиси секојдневно во својата работа ги користат и индивидуалната и групната форма на соработка, дури за реализација на одредени содржини практиката покажува дека најпогодно е да се применуваат и едната и другата форма на соработка, во вид на нивно меѓусебно преплетување, односно надоврзување една на друга.

Во врска со реализираните форми на кооперативни активности на педагогот во градинката, сакавме да дознаеме и за тоа кои облици на соработка со воспитувачите и негувателите, педагозите сметаат дека се најефикасни за унапредување на воспитно-образовната работа. Во следната табела и графикон е прикажано мислењето на респодентите во однос на ефикасноста на облиците за соработка со воспитувачите и негувателите.

**Табела бр.34:** Мислење на педагозите за тоа кој облик за соработка реализиран со воспитувачите и негувателите го сметаат за најефикасен за подобрување на воспитно-образовната работа во градинката

| Најефикасен облик на соработка со воспитувачите и негувателите | Категорија на одговори | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Стручни предавања на актуелни теми од областа на воспитанието и образованието | | Индивидуално советување и давање инструкции | | Присуство и непосредна работа на педагогот во воспитно-образовната група | | Континуирано следење и вреднување на работата на воспитувачот/негувателот од страна на педагогот | | Заедничко планирање, реализирање, следење и вреднување на работата на педагогот и воспитувачот/негувателот | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **воспитувачи** | 4 | 16,67 | 1 | 4,16 | 0 | 0,00 | 4 | 16,67 | 15 | 62,50 | 24 | 100,00 |
| **негуватели** | 4 | 16,67 | 5 | 20,83 | 1 | 4,16 | 3 | 12,50 | 11 | 45,83 | 24 | 99,99 |

* Забелешка: Еден испитаник не одговорил на поставеното прашање.




**Графикон бр.22:** Мислење на педагозите за тоа кој облик реализиран во соработка со воспитувачите и негувателите го сметаат за најефикасен за подобрување на воспитно-образовната работа во градинката

Прашањето во врска со тоа кој облик на соработка реализиран од страна на педагогогот е најефикасен за подобрување на воспитно-образовната работа во градинката, во функција на докажување на поставената хипотеза го разгледавме и од аспект на одговорите кои ги дале воспитувачите и негувателите.

Добиените податоци се прикажани табеларно и графички.

**Табела бр.35:**Мислење на воспитувачите и негувателите за тоа кој облик на соработка реализиран од страна на педагогот го сметаат за најефикасен за подобрување на воспитно-образовната работа во градинката

| вкупноКатегорија на одговори | Воспитувачи | | Негуватели | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Стручни предавање на актуелни теми од обласга на воспитанието и образованието | 14 | 14,00 | 7 | 6,87 | 21 | 10,40 |
| Индивидуално советување и давање исинтрукции | 3 | 3,00 | 16 | 15,68 | 19 | 9,41 |
| Присуство и непосредна работа на педагогот во воспитната група | 8 | 8,00 | 12 | 11,76 | 20 | 9,90 |
| Континуирано следење и вреднување на работата на воспитувачот/негувателот | 4 | 4,00 | 7 | 6,87 | 11 | 5,44 |
| Заедничко планирање, следење и вреднување на воспитно-образовната работа | 71 | 71,00 | 60 | 58,82 | 131 | 54,85 |
| Вкупно | 100 | 100,00 | 102 | 100,00 | 202 | 100,00 |

*Забелешка: Еден воспитувач и еден негувател не одговориле на поставеното прашање.

$x^2=13,761$ df=4 $p < 0,001$




**Графикон бр.23:** Мислење на воспитувачите за тоа кој облик за соработка со педагогот го сметаат за најефикасен за подобрување на воспитно-образовната работа во градинката




**Графикон бр.24:** Мислење на негувателите за тоа кој облик за соработка со педагогот го сметаат за најефикасен за подобрување на воспитно-образовната работа во градинката

Наведените резултати и сознанија до кои дојдовме во текот на нашето истражување, ни овозможуваат да констатираме дека педагогот секојдневно соработува со воспитувачите и негувателите во градинката, притоа според мислењето на повеќе од ½ од анкетираните педагози и двата профила на кадри во градинката, пројавуваат подеднаква потреба за соработка со педагогот на градинката. Тие исто така, користат различни облици на соработка (индивидуална и групна), чиј избор е тесно поврзан од специфичноста на поставените цели и задачи како и од околностите што ја овозможувале нивната примена. Но како станува збор за тоа кој облик на соработка реализиран од страна на педагогот е најефикасен за подобрување на воспитно-образовната работа во градинката, тогаш според добиените податоци и направената статистичка обработка на истите може да се констатира дека педагозите, воспитувачите и негувателите имаат истоветно мислење по однос на ова прашање и се определиле дека најефикасен облик на соработка, реализиран од страна на педагогот кој придонесува за подобрување на воспитно-образовната работа е заедничко планирање, реализирање, следење и вреднување на работата на педагогот, воспитувачите и негувателите.

Врз основа на презентираните податоци, може да се констатира дека се потврдува седмата хипотеза од нашето истражување која гласи: постои разлика во мислењето на воспитувачите и негувателите во врска со тоа кој облик на соработка реализиран од страна на педагогот е најефикасен за подобрување на воспитно-образовната работа во градинката. Меѓу нив постои разлика во искажаното мислење по ова прашање, но евидентно е од податоците дека најголем процент од воспитувачите и од негувателите се искажале дека за нив најефикасен облик за соработка реализиран од страна на педагогот претставува заедничкото планирање, следење и вреднување на воспитно-образовната работа.

## 8. РЕАЛИЗИРАНИ СОДРЖИНИ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ И НЕГУВАТЕЛИТЕ ВО СОРАБОТКА СО ПЕДАГОГОТ

Од аспект на поставената хипотеза која гласи: воспитувачите и негувателите сметаат дека во нивната меѓусебна соработка со педагогот најчесто реализираат содржини од програмското подрачје *Учество во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа,* во функција на докажување на истата, нашиот интерес ќе го насочиме кон анализа на добиените податоци од анкетните листови за педагози, воспитувачи и негуватели.




**Графикон бр.25:** Одговори на педагозите во врска со реализираните содржини во соработка со воспитувачите во градинката

Врз основа на добиените податоци, може да се согледа дека, најчесто реализирана соработка помеѓу педагогот и воспитувачот е забележана во врска со следните содржини и активности: Инструктивно-консултативна работа при планирање на воспитно-образовната работа, Стручно усовршување на воспитувачите и Соработка со воспитувачите во изборот и примената на ефикасни форми, методи, средства и постапки во воспитно-образовната работа, а најмала соработка била остварена во рамките на Учество во програмирањето и организацијата на педагошкото образование на родителите, Учество во откривање на причините кои доведуваат до промени во однесувањето на децата и Следење и вреднување на реализираните активности и педагошко-инструктивна работа.

Ова прашање го разгледавме и од аспект на одговорите кои што ги дале воспитувачите во градинката. При тоа во прашалникот за воспитувачите се бараше да ги заокружат содржините кои најчесто ги реализираат во соработка со педагогот во градинката, а потоа истите да ги рангираат според обемот на нивната реализација.

Во следната ранг листа е прикажано како воспитувачите ги имаат рангирано содржините кои ги реализирале во соработка со педагогот на градинката, според обемот на нивната реализација.

Имено, врз основа на добиените резултати, може да се констатира дека воспитувачите во најголем обем, ги реализирале следните содржини во соработка со педагогот на градинката: Инструктивно-консултативна работа со воспитувачите при планирањето и подготовката за воспитно-образовна работа; Соработка со педагогот во изборот на ефикасни форми, методи, средства и постапки за воспитно-образовната работа и Стручна помош при организирање на активности во врска со некои проекти. Спротивно на ова, во меѓусебната соработка на воспитувачот со педагогот во градинката, следниве содржини биле реализирани во најмал обем: Инструкции во работа со деца со посебни потреби, Учество во откривање на причините кои доведуваат до промени во однесувањето на децата и Учество во советодавна работа со родители, чии деца имаат проблеми во однесувањето, како и оние кои имаат пречки во развојот.

**Табела бр.36:**Одговори на воспитувачите во врска со реализирани содржини во соработка со педагогот

| **Одговори на воспитувачите во врска со реализирани содржини во соработка со педагогот** | | | |
|---|---|---|---|
| Категорија на одговори | f | % | Ранг |
| Инструктивно-консултативна работа со воспитувачите при планирањето и подготовката за воспитно-образовна работа | 98 | 97,00 | 1 |
| Соработка со воспитувачите во изборот и примената на ефикасни форми, методи, средства, постапки во воспитно-образовната работа.- | 91 | 90,09 | 2 |
| Следење и вреднување на реализираните активности и педагошко инструктивна работа (учество во организирање и демонстрирање на практични модели на воспитно-образовна работа) | 79 | 78,21 | 6 |
| Консултативна работа со воспитувачите при водење и вреднување на децата во досието на детето | 77 | 76,23 | 8 |
| Учество во откривање на причините кои доведуваат до промени во однесувањето на децата | 68 | 67,32 | 11 |
| Инструкции во работа со деца со посебни потреби | 57 | 56,43 | 12 |
| Учество во програмирањето и организацијата на педагошкото образование на родителите | 73 | 72,27 | 9 |
| Внесување иновации во воспитно образовниот процес | 79 | 78,21 | 6 |
| Стручна помош при организирање на активности во врска со некои проекти | 89 | 88,11 | 3 |
| Стручно усовршување на воспитувачите | 88 | 87,12 | 4 |
| Учество во советодавна работа со родители чии деца имаат проблем во однесувањето, како и оние кои имаат пречки во развојот | 71 | 70,29 | 10 |
| Соработка и поврзување со општествената средина | 82 | 81,11 | 5 |
| Друго | 47 | 46,53 | 13 |

Во врска со поставента хипотеза, ќе ги разгледаме и одговорите на педагозите во врска со содржините кои ги реализираат во соработка со негувателите во градинката во текот на годината.




**Графикон бр.26:** Одговори на педагозите во врска со реализираните содржини во соработка со негувателите во градинката.

Во однос на тоа кои содржини најчесто се предмет на соработка помеѓу педагогот и негувателот, врз основа на добиените податоци, може да се забележи дека ова соработка најчесто се реализира низ следниве содржини: Стручно усовршување на негувателите, Учество во советодавна работа со родителите чии деца имаат проблеми во однесувањето, Учество во откривање на причините кои доведуваат до промени во однесувањето на децата и Инструкции во работа со деца со посебни потреби, а најмала била соработката во однос на реализација на следниве содржини: Стручна помош при организирање на активности за проекти, Учество во програмирањето и организацијата на педагошкото образование на родителите и Следење и вреднување на реализираните активности и педагошко инструктивна работа.

Гледано од аспект како негувателите одговориле на ова прашање во прашалникот за негуватели, добиени се следниве податоци:

Инструктивно-консултативна работа со негувателите при планирањето и подготовката за воспитно-образовната работа со деца до 2 години, Учество во советодавна работа со родители чии деца имаат проблем во однесувањето, како и оние кои имаат пречки во развојот, Соработка со негувателите во изборот и примената на ефикасни форми, методи, средства и постапки во воспитно-образовната работа со децата до 2 години , Консултативна работа со негувателите при водење и вреднување на децата во досието на детето, се содржини со најголем обем на реализација во меѓусебната соработка на негувателот со педагогот во градинката. Спротивно на оваа, во најмал обем биле реализирани следниве содржини:Соработка и поврзување со општествената средина, Учество во програмирањето и организацијата на педагошкото образование на родителите и Стручно усовршување на негувателите.

**Табела бр.37:** Одговори на негувателите во врска со реалзирани содржини во соработка со педагогот

| **Одговори на негувателите во врска со реализирани содржини во соработка со педагогот** | | | |
|---|---|---|---|
| Категорија на одговори | f | % | Ранг |
| Инструктивно-консултативна работа со негувателите при планирањето и подготовката за воспитно-образовна работа за деца на возраст од 8 м. до 2 години | 83 | 80,58 | 1 |
| Соработка со негувателите во изборот и примената на ефикасни форми, методи, средства, постапки во воспитно-образовната работа со децата од 8 м. до 2 години | 69 | 66,99 | 3 |
| Следење и вреднување на реализираните активности и педагошко инструктивна работа | 55 | 53,39 | 6 |
| Консултативна работа со негувателите при водење и вреднување на децата во досието на детето | 68 | 66,01 | 4 |
| Учество во откривање на причините кои доведуваат до промени во однесувањето на децата | 67 | 65,04 | 5 |
| Инструкции во работа со деца со посебни потреби | 45 | 43,68 | 9 |
| Учество во програмирањето и организацијата на педагошкото образование на родителите | 41 | 39,80 | 11 |
| Внесување иновации во воспитно образовниот процес | 55 | 53,39 | 6 |
| Стручна помош при организирање на активности во врска со некои проекти | 50 | 48,54 | 8 |
| Стручно усовршување на негувателите | 42 | 40,77 | 10 |
| Учество во советодавна работа со родители чии деца имаат проблем во однесувањето, како и оние кои имаат пречки во развојот | 74 | 71,84 | 2 |
| Соработка и поврзување со општествената средина | 39 | 37,86 | 12 |
| Друго | 23 | 22,33 | 13 |

Врз основа на добиените податоци и направената анализа на добиените одговори на прашањата од прашалникот за педагози, воспитувачи и негуватели, како и врз основа на добиените податоци преку неформалната комуникација со воспитувачите и негувателите, може да се забележи дека, во текот на годината воспитувачите и негувателите во нивната меѓусебна соработка со педагогот, реализираат разновидни содржини и активности, кои се дел од Годишната програма за работа на педагогот, изготвена врз основа на програмските подрачја за работа дефинирани во документот „Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст". Во однос на тоа пак, кои содржини и активности воспитувачите и негувателите во градинката најчесто ги реализираат во соработка со педагогот, од добиените податоци евидентно е дека најчесто реализираат содржини во врска со планирање и подготовка за воспитно-образовната работа, односно најчесто реализираат содржини од програмското подрачје *Учество во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа во детската градинка*, со што **се потврдува осмата хипотеза на нашето истражување, која гласи,** воспитувачите и негувателите во нивната меѓусебна соработка со педагогот најчесто реализираат содржини од програмското подрачје *Учество во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа.*

## 9. МИСЛЕЊЕ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ И НЕГУВАТЕЛИТЕ ВО ОДНОС НА ПОТРЕБАТА ОД СОРАБОТКА СО ПЕДАГОГОТ ВО ГРАДИНКАТА

Во овој дел од трудот ќе бидат анализирани и интерпретирани податоците кои се однесуваат на деветата хипотеза од нашето истражување, со неа сакавме да дознаеме дали постојат разлики во ставовите и мислењата меѓу воспитувачите и негувателите во детските градинки во Скопје и внатрешноста на Републиката во врска со потребата за соработка со педагогот во детската градинка. Добиените резултати ги прикажуваме во делот кој следи.

**Табела бр.38:** Мислење на воспитувачите од Скопје и од внатрешноста на Републиката во однос на потребата од соработка со педагогот во градинката.

| Каква е потребата за соработка со педагогот | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категории на одговори | Место | | | | | |
| | Од Скопје | | Од внатрешноста на Републиката | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % |
| Не е потребна бидејќи педагогот и воспитувачот имаат одвоени области на дејствување во детската градинка. | 0 | 0 | 0 | 0.00 | 0 | 0,00 |
| Соработката е пожелна и корисна, но само кога на воспитувачот му е потребна помош во решавањето на некој проблем. | 0 | 0,00 | 1 | 1,92 | 1 | 0,99 |
| Соработката е пожелна и корисна, но само кога на педагогот му е потребна помош од воспитувачот и на воспитувачот му е потребна помош од педагогот. | 1 | 2,04 | 2 | 3,85 | 3 | 2,97 |
| Соработката е предуслов за успешна работа, бидејќи сите активности во детската градинка мора да бидат резултат на заедничка работа. | 48 | 97,96 | 49 | 94,23 | 97 | 96,04 |
| Вкупно | 49 | 100,00 | 52 | 100,00 | 101 | 100,00 |

Од табеларниот приказ се гледа дека во најголем дел воспитувачите (96,04%) како главни носители на воспитно-образовната работа во градинката, правилно ја сфаќаат суштината на соработката со педагогот, која навистина е предуслов за успешна реализација на воспитно-образовната работа во градинката. Истата се реализира преку најразновидни активности во детската градинка кои се резултат на зедничката работа на педагогот со воспитувачите.

Оваа констатација може да се изведе врз основа на добиените податоци кои покажуваат дека најголем процент од воспитувачите од Скопје и најголем процент на воспитувачите од внатрешноста на Републиката искажале истоветно мислење дека соработката е предуслов за успешна работа бидејќи сите активности во детската градинка мора да бидат резултат на заедничка работа.

Истото прашање е разгледувано и од аспект на одговорите кои ги дале негувателите од Скопје и од внатрешноста на Републиката.

**Табела бр.39:** Мислење на негувателите од Скопје и од внатрешноста на Републиката во однос на потребата од соработка со педагогот во градинката.

| Каква е потребата за соработка со педагогот | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категории на одговори | Место | | | | | |
| | Од Скопје | | Од внатрешноста на Републиката | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % |
| Не е потребна бидејќи педагогот и негувателот имаат одвоени области на дејствување во детската градинка. | 0 | 0,00 | 1 | 1,82 | 1 | 0,97 |
| Соработката е пожелна и корисна, но само кога на негувателот му е потребна помош во решавањето на некој проблем. | 2 | 4,17 | 6 | 10,91 | 8 | 7,77 |
| Соработката е пожелна и корисна, но само кога на педагогот му е потребна помош од негувателот и на негувателот му е потребна помош од педагогот. | 3 | 6,25 | 2 | 3,63 | 5 | 4,85 |
| Соработката е предуслов за успешна работа, бидејќи сите активности во детската градинка мора да бидат резултат на заедничка работа. | 43 | 89,58 | 46 | 83,64 | 89 | 86,41 |
| Вкупно | 48 | 100,00 | 55 | 100,00 | 103 | 100,00 |

Од изнесените податоци, се констатира дека не постои разлика помеѓу **негувателите** од Скопје и од внатрешноста на Републиката во однос на нивното мислење за потребата од соработка со педагогот во детската градинка. Имено, 86,41 % од анкетираните негуватели се изјасниле дека ова соработка е предуслов за успешна работа, бидејќи сите активности во градинката мора да бидат резултат на заедничка работа, 7,77% од нив одговориле дека соработката е пожелна и корисна, но само кога на негувателот му е потребна помош во решавањето на некој проблем, според 4,85% од испитаниците, соработката е пожелна и корисна, но само кога на педагогот му е потребна помош од негувателот и на негувателот му е потребна помош од педагогот, а само 0,97% од анкетираните негуватели одговориле дека, оваа соработка не е потребна бидејќи педагогот и негувателот имаат одвоени области на дејствување во детската градинка.

Врз основа на погоре изнесените податоци можеме да констатираме дека **се отфрла деветата хипотеза на нашето истражување, во која се вели дека воспитувачите и негувателите од подрачјето на градот Скопје и оние од внатрешноста на Републиката се разликуваат во нивното мислење во однос на потребата од соработка со педагогот во детската градинка.**

## 10. СТАВОВИ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ И НЕГУВАТЕЛИТЕ ВО ВРСКА СО ПРИДОНЕСОТ НА ПЕДАГОГОТ ВО УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА ГРАДИНКАТА

За да се добие поцелосен увид за придонесот кој го има педагогот во унапредувањето на воспитно-образовната работа во градинката, со истражувањето покрај воспитувачите беа опфатени и негувателите во градинката.

Добиените податоци на ова прашање, во согласност со поставената хипотеза, ги разгледуваме од два аспекта: од аспект на одговорите што ги дале воспитувачите, како и од аспект на одговорите што ги дале негувателите. Преку следната табела и прикажаниот графикон ќе ги презентираме и анализираме добиените одговори кои даваат можност да се согледаат мислењата на воспитувачите за придонесот кој го има педагогот во унапредувањето на воспитно-образовната работа, како и мислењето на негувателите за

придонесот кој го има педагогот во унапредувањето на воспитно-образовната работа во градинката.

**Табела бр.40:** Мислење на воспитувачите и негувателите во врска со придонесот кој го има педагогот во унапредувањето на воспитно-образовната работа во градинката.

| Придонес на педагогот во воспитно-образовната работа | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија на одговори | Каков придонес има педагогот за унапредување на воспитно - образовната работа во детската градинка? | | | | | | | |
| | Нема посебен придонес | | Има одреден придонес | | Има голем придонес | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | F | % | f | % |
| Воспитувачи | 2 | 1,02 | 33 | 16,84 | 64 | 32,65 | 99 | 50,51 |
| Негуватели | 3 | 1,53 | 33 | 16,84 | 61 | 31,12 | 97 | 49,49 |
| Вкупно | 5 | 2,55 | 66 | 33,68 | 125 | 63,77 | 196 | 100,00 |

*Забелешка: Двајца воспитувачи и шест негуватели не дале одговор на поставеното прашање

$x^2$=0,252 df=2 p>0,05




**Графикон бр.27:** Мислење на воспитувачите и негувателите во врска со придонесот кој го има педагогот во унапредувањето на воспитно-образовната работа во градинката.

Очигледно е дека во најголем дел од вкупно испитаните воспитувачи, повеќе од половината од нив се изјасниле дека педагогот има голем придонес во унапредување на воспитно-образовната работа во градинката, 16,84% од нив сметатат дека педагогот има одреден придонес во унапредувањето на воспитно-образовната работа во детската градинка, а само 1,02% од испитаните воспитувачи се изјасниле дека педагогот нема посебен придонес во унапредување на воспитно-образовната работа во градинката. Двајца воспитувачи не дале одговор на поставеното прашање.

Од приложените податоци може да се забележи дека, исто така, во најголем дел од анкетираните негуватели (31,12%) сметаат дека педагогот има голем придонес во унапредувањето на воспитно-образовната работа во градинката, односно над 1/3 од нив, 16,84 % смета дека има одреден придонес, а 1,53 % од анкетираните негуватели се изјасниле дека педагогот нема посебен придонес во унапредувањето на воспитно-образовната работа во градинката. Шест негуватели не дале одговор на поставеното прашање.

Според добиените податоци не постои статистички значајна разлика ($x^2$=0,256 df=2 p>0,05) во ставовите на воспитувачите и негувателите во врска со придонесот на педагогот за унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.

Со тоа **се отфрла хипотезата од нашето истражување која гласи**, постои разлика во ставовите на воспитувачите и негувателите во врска со придонесот на педагогот за унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.

## 11. МИСЛЕЊЕ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ И НЕГУВАТЕЛИТЕ ВО ВРСКА СО РАБОТНОТО ИСКУСТВО НА ПЕДАГОГОТ ЗА УСПЕШНО ОСТВАРУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА

Со намера да согледаме дали педагогот со претходно работно искуство како воспитувач повеќе е прифатен за соработка од страна на воспитувачите и негувателите е формулирана единаесетата хипотеза на нашето истражување, која гласи: педагозите со претходно работно искуство како воспитувачи, повеќе се прифатени за соработка од страна на воспитувачите и негувателите отколку оние педагози кои се без такво работно искуство.

Потребните податоци за оваа хипотеза се добиени со одговорите на неколку прашања во прашалникот за педагози, во прашалникот за воспитувачи и во прашалникот за негуватели.

**Табела бр. 41:** Мислење на педагозите од подрачјето на градот Скопје и од внатрешноста на Републиката за тоа, дали е потребно педагогот да има претходно работно искуство како воспитувач за да може поуспешно да ја остварува соработката.

| Дали е потребно претходно работно искуство на педагогот како воспитувач за да биде повеќе прифатен за соработка | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија на одговори | Скопје | | Од внатрешноста на Републиката | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % |
| Да | 8 | 33,33 | 7 | 29,17 | 15 | 62,50 |
| Не | 2 | 8,33 | 7 | 29,17 | 9 | 37,50 |
| Вкупно | 10 | 41,66 | 14 | 58,34 | 24 | 100,00 |

*Забелешка:Еден испитаник не одговорил на поставеното прашање.

Од добиените податоци произлегува дека кај испитаниците постојат различни ставови во однос на прашањето, односно постои разлика помеѓу мислењето на педагозите од Скопје и од внатрешноста на Републиката во однос на потребата од претходно работно искуство на педагогот како воспитувач, со цел негова подобра прифатеност, на што укажуваат добиените вредности во табеларниот приказ. Како што се гледа од наведените податоци за педагозите од Скопје, карактеристично е мислењето дека е потребно педагогот да има претходно работно искуство како воспитувач за поуспешно остварување на соработката со воспитувачите и негувателите. Педагозите од Скопје, односно 4/5 од

нив се изјасниле дека таквото искуство е потребно, за разлика од педагозите од внатрешноста на Републиката имаат поделено мислење во врска со таквото искуство на педагогот за успешно остварување на соработката со воспитувачите и негувателите.

На прашањето – дали е потребно педагогот да има предходно работно искуство како воспитувач, за да може поуспешно да ја оствраува работата на педагогот во градинката, добиени се следниве податоци.

**Табела бр.42:** Одговори на педагозите во врска со тоа, дали на педагогот му е потребно претходно работно искуство како воспитувач за поуспешно извршување на работата.

| **Дали е потребно претходно работно искуство на педагогот како воспитувач за поуспешно извршување на работата** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија на одговори | Скопје | | Од внатрешноста на Републиката | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | f% |
| Не, никакво | 1 | 4,17 | 4 | 16,66 | 5 | 20,83 |
| Да, најмалку 1 година | 1 | 4,17 | 4 | 16,66 | 5 | 20,83 |
| Да, повеќегодишно | 8 | 33,33 | 6 | 25,00 | 14 | 58,33 |
| Вкупно | 10 | 41,67 | 14 | 58,32 | 24 | 99,99 |

*Забелешка:Еден испитаник не одговорил на поставеното прашање.

Од дадените одговори на ова прашање може да се констатира дека постои разлика во мислењето на педагозите од градот Скопје и оние од внатрешноста на Републиката, во однос на потребата од претходно работно искуство на педагогот како воспитувач, со цел поуспешно извршување на работата. Поголем дел, односно 4/5 од педагозите од градот Скопје се изјасниле дека е потребно педагогот да има повеќегодишно работно искуство како воспитувач. Но, ако се анализираат одговорите од аспект на тоа како се изјасниле педагозите од внатрешноста на Републиката, во тој случај се забележува дека постои значајна разлика во искажаното мислење. Така, педагозите од внатрешноста на Републиката, речиси половината од нив се изјасниле дека е потребно педагогот да има повеќегодишно работно искуство како воспитувач за да може поуспешно да ја извршува својата работа во градинката, но не е за занемарување и мислењето на ¼ од педагозите од

внатрешноста на Републиката кои се изјасниле дека на педагогот не му е потребно таквото искуство за да може успешно да ја извршува својата стручна работа во градинката.

Во понатамошниот дел од трудот ќе ги презентираме добиените податоци во однос на тоа - дали педагозите со претходно работно искуство како воспитувач подобро се прифатени за соработка од страна на воспитувачите и негувателите, отколку оние без такво работно искуство, според мислењето на воспитувачите и негувателите.

Добиените податоци во врска со ова, ги претставуваме во наредните табели.

**Табела бр.43:** Мислење на воспитувачите и негувателите за прифатеноста на педагогот за соработка.

| Категорија на одговори | Дали е потребно претходно работно искуство на педагогот како воспитувач | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Не, никакво | | Да, најмалку 1 година | | Да, повеќегодишно | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Воспитувач | 8 | 4,08 | 39 | 19,90 | 52 | 26,53 | 99 | 50,51 |
| Негувател | 6 | 3,06 | 28 | 14,29 | 63 | 32,14 | 97 | 49,49 |
| Вкупно | 14 | 7,14 | 67 | 34,19 | 115 | 58,67 | 196 | 100,00 |

*Забелешка:На поставеното прашање не одговориле двајца воспитувачи и шест негуватели.

Како што може да се забележи од добиените податоци, очигледно е дека, меѓу воспитувачите и негувателите не постои разлика во дадените одговори на ова прашање. За најголем број од нив карактеристично е мислењето дека за поуспешно остварување на соработката со воспитувачите и негувателите во градинката потребно е педагогот да има претходно работно искуство како воспитувач.

Според тоа, со резултатите од нашето истражување **се потврдува единаесетта хипотеза според која, педагозите со претходно работно искуство како воспитувачи, повеќе се прифатени за соработка од страна на воспитувачите и негувателите отколку оние педагози кои се без такво работно искуство.**

## 12.МИСЛЕЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ОД СКОПЈЕ И ОД ВНАТРЕШНОСТА НА РЕПУБЛИКАТА ВО ОДНОС НА ПОТРЕБАТА И СОДРЖИНИТЕ НА КООПЕРАТИВНА АКТИВНОСТ СО ПЕДАГОГОТ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

За да се согледа потребата и содржините на кооперативна активност меѓу педагогот и родителите, со истражувањето беа опфатени и родителите на децата од градинките, кои го сочинуваат примерокот на нашето истражување. Во врска со ова ја формулиравме хипотезата која гласи: родителите од подрачјето на градот Скопје, како и оние од внатрешноста на Републиката, се разликуваат во нивното мислење во однос на потребата и содржините на кооперативна активност со педагогот во детската градинка.

Со цел да се согледа мислењето на родителите во врска со поставената хипотеза, во прашалникот за родители, тие одговорија на определени прашања. Така, на прашањето, дали имате потреба од соработка со педагогот, добиени се следниве одговори кои се прикажани во следната табела.

**Табела бр. 44:** Одговори на родителите во врска со тоа, дали имаат потреба од соработка со педагогот во градинката.

| Дали имате потреба од соработка со педагогот | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија на одговори | Место | | | | Вкупно | |
| | Скопје | | Од внатрешноста на Републиката | | | |
| | f | % | f | % | f | % |
| Често | 5 | 3,52 | 15 | 10,56 | 20 | 14,08 |
| Ретко | 18 | 12,68 | 68 | 47,89 | 86 | 60,57 |
| Никогаш | 13 | 9,15 | 23 | 16,20 | 36 | 25,35 |
| Вкупно | 36 | 25,35 | 106 | 74,65 | 142 | 100,00 |

Забелешка: На поставеното прашање еден испитаник не дал одговор.

$\chi^2 = 3{,}092$  df=2  $p > 0{,}05$

Наведените податоци покажуваат дека најмал процент од испитаните родители, поточно 14,08%, се изјасниле дека често имаат потреба да соработуваат со педагогот, најголем процент, или 60,57% се изјасниле дека ретко имаат таква потреба, а 25,35% од

нив се изјасниле дека никогаш немале потреба да соработуваат со педагогот во градинката.

Разлики во дадените одговори на оваа прашање од страна на родителите од Скопје и од внатрешноста на Републиката не постојат, бидејќи добиената вредност на Хи квадрат тестот не е статистички значајна.

Подобар увид во тоа како се искажале родителите, за фреквентноста на соработката со педагоготот, може да се добие од наредната табела и графикон.

**Табела бр. 45:** Мислење на родителите за фреквентноста на соработката со педагогот.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Секојдневно | 4 | 2,82 |
| Често | 22 | 15,49 |
| Понекогаш | 45 | 31,69 |
| Ретко | 40 | 28,17 |
| Никогаш | 31 | 21,83 |
| Вкупно | 142 | 100,00 |

*Забелешка:На поставеното прашање не одговорил еден испитаник.




**Графикон бр.28:** Мислење на родителите за фреквентноста на соработката со педагогот.

Од добиените податоци произлегува дека 1/3 од вкупно испитаните родители се изјасниле дека понекогаш соработуваат со педагогот, повеќе од 1/4 дека соработуваат

ретко, 21,83% се изјасниле дека никогаш не соработуваат со педагогот, 15,49% дека често соработуваат, а само 2,82% од родителите секојдневно соработуваат со педагогот.

**Табела бр.46:** Одговори на родителите за функцијата на соработката меѓу педагогот и родителот.

| **Категорија на одговори** | f | % |
|---|---|---|
| Соработката не е потребна | 6 | 4,20 |
| Соработката е пожелна и корисна, но само кога на родителот му е потребна помош од педагогот во решавањето на некој проблем. | 21 | 14,68 |
| Соработката е пожелна и корисна, но само кога на педагогот му е потребна помош од родителот во решавањето на некој проблем. | 4 | 2,80 |
| Соработката е пожелна и корисна, кога на педагогот му е потребна помош од родителот и на родителот му е потребна помош од педагогот. | 52 | 36,36 |
| Соработката е предуслов, за правилно напредување и развој на детето. | 60 | 41,96 |
| Вкупно | 143 | 100,00 |




**Графикон бр.29:** Одговори на родителите за функцијата на соработката меѓу педагогот и родителот.

Претходната табела и графикон, ни го претставуваат мислењето што го имаат родителите во врска со функцијата на соработката меѓу педагогот и родителот. Како што може да се забележи од добиените податоци, најголем дел од родителите правилно ја сфаќаат функцијата на соработката со педагогот во градинката, така според 41,96% од анкетираните родители, соработката со педагогот во градинката е предуслов за правилно напредување и развој на детето. Соработката е пожелна и корисна, кога на педагогот му е потребна помош од родителот и кога на родителот му е потребна помош од педагогот според 36,36% од родителите, 14,68% од нив се изјасниле дека, соработката е пожелна и корисна, но само кога на родителот му е потребна помош од педагогот во решавањето на некој проблем, 4,20% одговориле дека соработката не е потребна, а 2,80% од анкетираните родители сметаат дека, соработката е пожелна и корисна, но само кога на педагогот му е потребна помош од родителот во решавањето на некој проблем.

Во врска со прашањето кои содржини и активности најчесто треба да бидат предмет на соработка на педагогот со родителите, добиени се следниве податоци.

**Табела бр.47:** Одговори на родителите во врска со потребните содржини и активности на кооперативна активност на педагогот со родителите.

| Категорија на одговори | Не е важно | | Важно | | Многу важно | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Инструктивно-советодавна работа со родителите при адаптацијата на децата во детската градинка | 16 | 11,85 | 67 | 49,63 | 52 | 38,52 | 135 | 100,00 |
| Учество во советодавна работа со родителите чии деца имаат проблеми во развојот и напредувањето, како и оние кои напредуваат побрзо. | 15 | 11,36 | 40 | 30,30 | 77 | 58,33 | 132 | 99,99 |
| Стручна помош на родителите во откривањето на причините и надминувањето на проблемите кои доведуваат до промени на однесувањето на децата | 13 | 9,70 | 57 | 42,54 | 64 | 47,76 | 134 | 100,00 |
| Мотивирање на родителите за вклучување во планирање и реализација на поедини сегменти од воспитно-образовната работа во детската градинка | 35 | 26,92 | 76 | 58,46 | 19 | 14,62 | 130 | 100,00 |
| Организирање на стручни предавања на актуелни теми за родители. | 32 | 24,43 | 71 | 54,20 | 28 | 21,37 | 131 | 100,00 |
| Присуство на педагогот во воспитно-образовната група, непосредна работа со децата и информирање на родителите. | 22 | 16,92 | 55 | 42,31 | 53 | 40,77 | 130 | 100,00 |
| Информирање на родителите за степенот на подготвеност на детето за поаѓање на училиште. | 16 | 12,21 | 51 | 38,93 | 64 | 48,85 | 131 | 99,99 |

Од добиената одговори, на најважните содржини и активности кои педагогот треба да ги реализира во соработка со родителите, може да се заклучи дека на врвот на оваа листа се наоѓаат содржините поврзани со советодавната работа на педагогот со децата кои манифестираат одредени проблеми во однесувањето, како и содржини поврзани со советодавната работата на педагогот со надарени деца, потоа следуваат содржини кои се однесуваат на пружање на соодветна стручна помош на родителите поради откривање на причините и надминувањето на проблемите кои доведуваат до промени на однесување на децата, како и активностите на педагогот во градинката, со цел, информирање на родителите за степенот на подготвеност на детето за поаѓање на училиште. Најдолу на оваа листа се наоѓаат содржините и активностите на педагогот, поврзани со организирање на стручни предавања на актуелни теми за родители и мотивирањето на родителите за вклучување во планирање и реализација на поедини сегменти од воспитно-образовната работа во детската градинка.

**Табела бр.48:** Одговори на родителите од Скопје и внатрешноста на Републиката, во врска со потребните содржини и активности на кооперативна активност на педагогот со родителите. Содржини и активности на кооперативна активност на педагогот со родителите.

| Содржини и активности кои најчесто се предмет на соработка | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Категорија на одговори** | Место | | | | | | | | | | | |
| | Од Скопје | | | | | | Од внатрешноста на Републиката | | | | | |
| | Не е важно | | Важно | | Многу важно | | Не е важно | | Важно | | Многу важно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Инструктивно-советодавна работа со родителите при адаптацијата на децата во детската градинка | 4 | 25,00 | 20 | 16,53 | 11 | 10,19 | 12 | 9,02 | 47 | 15,88 | 41 | 16,47 |
| Учество во советодавна работа со родителите чии деца имаат проблеми во развојот и напредувањето, како и оние кои напредуваат побрзо. | 0 | 0,00 | 9 | 7,44 | 26 | 24,07 | 15 | 11,28 | 31 | 10,47 | 51 | 20,48 |
| Стручна помош на родителите во откривањето на причините и надминувањето на проблемите кои доведуваат до промени на однесување на децата | 0 | 0,00 | 14 | 11,57 | 21 | 19,44 | 13 | 9,77 | 43 | 14,53 | 43 | 17,27 |
| Мотивирање на родителите за вклучување во планирање и реализација на поедини сегменти од воспитно-образовната работа во детската градинка. | 6 | 37,50 | 27 | 22,31 | 2 | 1,85 | 29 | 21,80 | 49 | 16,55 | 17 | 6,83 |
| Организирање на стручни предавања на актуелни теми за родители . | 5 | 31,25 | 22 | 18,18 | 8 | 7,41 | 27 | 20,30 | 49 | 16,55 | 20 | 8,03 |
| Присуство на педагогот во воспитно-образовната група, непосредна работа со децата и информирање на родителите. | 1 | 6,25 | 16 | 13,22 | 18 | 16,67 | 21 | 15,79 | 39 | 13,18 | 35 | 14,06 |
| Информирање на родителите за степенот на подготвеност на детето за поаѓање на училиште | 0 | 0,00 | 13 | 10,74 | 22 | 20,37 | 16 | 12,03 | 38 | 12,84 | 42 | 16,86 |
| **Вкупно** | 16 | 100,00 | 121 | 99,99 | 108 | 100,00 | 133 | 99,99 | 296 | 100,00 | 249 | 100,00 |

Ако се споредат и анализираат добиените податоци во врска со тоа кои содржини педагозите најчесто би требало да ги реализираат во кооперативна активност со родителите, од добиените податоци може да се забележи дека не постојат различни ставови во мислењето на родителите од подрачјето на градот Скопје, како и оние од внатрешноста на Републиката, во однос на тоа како кои содржини и активности педагогот би требало да ги реализира во соработка со родителите. Според добиените искази на испитаниците можеме да забележиме дека родителите сметаат дека соработката со педагозите има значајна улога во правилниот развој на децата.

Во следната табела се прикажани активности кои според мислењето на родителите се запоставени во работа на педагогот во градинката. На врвот на оваа листа се наоѓаат активностите на педагогот во врска со: планирање, програмирање и реализирање на активности со надарени деца и деца со пречки во развојот, потоа следуваат активности во врска со инструктивно-советодавна работа на педагогот со родителите при адаптацијата на децата во детската градинка и пружање на стручна помош на родителите во откривањето на причините и надминувањето на проблемите кои доведуваат до промени на однесување на децата. Следни на ранг-листата родителите ги посочиле: организирањето на стручни предавања на актуелни теми за родители, присуството на педагогот и непосредна работа со децата и родителите и индивидуални разговори. Учеството во советодавна работа со родителите на надарени деца и деца со пречки во развојот според мислењето на родителите е недоволно застапено. Обезбедувањето на контакт на родителите со други релевантни стручни лица е незастапено, поради недостаток на стручни тимови во градинките, а на истото место на ранг-листата се наоѓа и вклучувањето на родителите во планирање и реализација на поедини сегменти од воспитно-образовната работа во детската градинка.

Родителите се соочуваат со недостаток на информации за подготвеноста на детето за поаѓање на училиште, поради што овој исказ е рангиран на десетото место на листата. Како претпоследен рангиран исказ се посочени разговорите во помали групи, а на крајот од листата се наоѓаат истражувањата кои треба да ги реализира педагогот, со цел да се зајакнат и интензивираат поквалитетни интерперсонални односи во групата.

**Табела бр.49:** Одговори на родителите за активности кои сметаат дека се запоставени во досегашната работа на педагогот со родителите во детската градинка.

| **Категорија на одговори** | **Одговори** | | **РАНГ** |
|---|---|---|---|
| | f | % | |
| **Инструктивно-советодавна работа со родителите при адаптацијата на децата во детската градинка** | 48 | 14,55 | 2 |
| **Планирање, програмирање и реализирање на активности со надарени деца и деца со пречки во развојот** | 65 | 19,70 | 1 |
| **Учество во советодавна работа со родителите на надарени деца и деца со пречки во развојот** | 19 | 5,76 | 7 |
| **Стручна помош на родителите во откривањето на причините и надминувањето на проблемите кои доведуваат до промени на однесување на децата** | 46 | 13,94 | 3 |
| **Обезбедување на контакт на родителите со други релевантни стручни лица** | 16 | 4,85 | 9 |
| **Мотивирање на родителите за вклучување во планирање и реализација на одделни сегменти од воспитно-образовната работа во детската градинка** | 18 | 5,45 | 8 |
| **Организирање стручни предавања на актуелни теми за родители** | 23 | 6,97 | 5,5 |
| **Присуство на педагогот во воспитно –образовната група, непосредна работа со децата и информирање на родителите** | 24 | 7,27 | 4 |
| **Индивидуални разговори со родители** | 23 | 6,97 | 5,5 |
| **Разговори во помали групи** | 10 | 3,03 | 11 |
| **Интернет - комуникација со родители** | 20 | 6,06 | 6 |
| **Истражувања, со цел поквалитетни интерперсонални односи во групата** | 6 | 1,82 | 12 |
| **Информирање на родителите за подготвеноста на детето за поаѓање на училиште** | 12 | 3,63 | 10 |
| | 330 | 100 | |

Следува ранг-листата на најефикасните облици на соработка на педагогот со родителите, каде водечко место имаат индивидуалните разговори и родителските состаноци, наспроти посетата во родителскиот дом или теориските предавања и

телефонската комуникација, кои се на крајот на ранг-листата според мислењето на родителите.

**Табела бр.50:** Мислење на родителите во врска со тоа, кој е најефикасен облик на соработка со педагогот.

| **Најефикасен облик на соработка со родители** | | | |
|---|---|---|---|
| | Одговори | | Ранг |
| | f | % | |
| **Родителски состаноци** | 72 | 26,86 | 2 |
| **Теоретски предавања** | 8 | 2,99 | 7 |
| **Практични предавања** | 36 | 13,43 | 3 |
| **Индивидуални разговори** | 84 | 31,34 | 1 |
| **Разговори во помали групи** | 28 | 10,45 | 4 |
| **Писмено обраќање** | 0 | 0,00 | 10 |
| **Интернет-комуникација** | 20 | 7,46 | 5 |
| **Телефонска комуникација** | 8 | 2,99 | 7 |
| **Посета во родителскиот дом** | 4 | 1,49 | 9 |
| **Други форми на соработка** | 8 | 2,99 | 7 |
| **Вкупно** | 268 | 100,00 | |




**Графикон бр.30:** Мислење на родителите во врска со тоа, кој е најефикасен облик на соработка со педагогот.

**Табела бр. 51:** Одговори на родителите во врска со тоа, колку се задоволни од работата на педагогот во градинката.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Не сум задоволен/а | 3 | 2,17 |
| Делумно сум задоволен/а | 51 | 36,96 |
| Целосно сум задоволен/а | 84 | 60,87 |
| Вкупно | 138 | 100,00 |

*Забелешка: На ова прашање 5 испитаници не дале одговор.




**Графикон бр.31:** Одговори на родителите во врска со тоа, колку се задоволни од работата на педагогот во градинката.

Добиените податоци во врска со тоа колку родителите се задоволни од остварената соработка со педагогот во градинката, покажуваат дека 60,87% од нив се целосно задоволни, 36,96% одговориле дека се делумно задоволни од соработката со педагогот, а само 2,17%од родителите се изјасниле дека не се задоволни од остварената соработка со педагогот.

Според горенаведените податоци може да се заклучи дека родителите од подрачјето на градот Скопје, како и оние од внатрешноста на Републиката, не се разликуваат во нивното мислење во однос на потребата и содржините од кооперативна активност со педагогот во детската градинка и во најголем дел се задоволни од соработката со педагогот во градинката. Од тука може да се заклучи дека **се отфрла хипотезата на нашето истражување која гласи: родителите од подрачјето на градот Скопје, како и оние од внатрешноста на Републиката, се разликуваат во нивното мислење во однос на потребата и содржините на кооперативна активност со педагогот во детската градинка.**

## 13. СТАВОВИ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ, НЕГУВАТЕЛИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ВО ВРСКА СО КОМПЕТЕНТНОСТА НА ПЕДАГОГОТ ВО ГРАДИНКАТА ВО ОДНОС НА СТРУЧНАТА ПОМОШ ШТО НИМ ИМ ЈА ПРУЖА

Една од позначајните задачи на стручната работа на педагогот во градинката, е и неговата соработка со воспитувачите, негувателите и родителите на децата, од аспект на давање стручна помош на истите. Токму затоа не интересираше да ги дознаеме нивните ставови и мислење во врска со тоа, колку тие сметаат дека педагогот е компетентен во однос на стручната помош која ним им ја пружа.

Во врска со ова прашање формулирана е хипотеза на истражувањето, која гласи: **постои разлика во ставовите на воспитувачите, негувателите и родителите за компетентноста на педагогот во однос на стручната помош што ним им ја пружа.**

Добиените податоци ги прикажуваме табеларно и графички.

**Табела бр. 52:** Одговори на воспитувачите, во врска со компетенциите на педагогот да им пружи стручна помош.

| Дали педагогот е компетентен да му помогне на воспитувачот во работата | f | % |
|---|---|---|
| Да | 95 | 96,94 |
| Не | 3 | 3,06 |
| Вкупно | 98 | 100,00 |

*Забелешка: На ова прашање не одговориле вкупно 3 испитаници.




**Графикон бр.32:** Одговори на воспитувачите, во врска со компетенциите на педагогот да им пружи стручна помош.

**Табела бр.53:** Одговори на негувателите, во врска со компетенциите на педагогот да им пружи стручна помош.

| Дали педагогот е компетентен да му помогне на негувателот во работата | f | % |
|---|---|---|
| Да | 96 | 96,97 |
| Не | 3 | 3,03 |
| Вкупно | 99 | 100,00 |

*Забелешка: На ова прашање не одговориле 4 испитаници.




**Графикон бр.33:** Одговори на негувателите, во врска со компетенциите на педагогот да им пружи стручна помош.

**Табела бр.54:** Одговори на родителите, во врска со компетенциите на педагогот да им пружи стручна помош.

| Дали педагогот е компетентен да му помогне на родителот | f | % |
|---|---|---|
| Да | 125 | 93,28 |
| Не | 9 | 6,72 |
| Вкупно | 134 | 100,00 |

Забелешка: На ова прашање не одговориле вкупно 9 испитаници.




**Графикон бр.34:** Одговори на родителите, во врска со компетенциите на педагогот да им пружи стручна помош.

Како што покажуваат добиените податоци, евидентно е дека воспитувачите, негувателите и родителите имаат речиси истоветно мислење за компетенциите на педагогот во однос на стручната помош што им ја пружа ним. Мошне висок процент од нив се изјасниле дека педагогот е компетентен да им помогне на воспитувачите и негувателите во работата. Само 3.06 % од воспитувачите и 3,03% од негувателите навеле дека педагогот не е компетентен да им помогне во работата. На ова прашање не одговориле вкупно тројца воспитувачите и четири негуватели.

Од добиените одговори на ова прашање, може да се констатира дека и кај родителите доминира мислењето дека педагогот е компетентен да им пружа стручна помош на родителите. Такво мислење имаат вкупно 93,28 % од анкетираните родители, наспроти 6,72 % од нив, кои сметаат дека педагогот не е компетентен да им пружа стручна помош на родителите. На ова прашање не одговориле 9 од анкентираните родители.

Овие податоци се суштествени во однос на остварување на соработката на педагогот со воспитувачите, негувателите и родителите, бидејќи истите не се сомневаат во компетентноста на педагогот во однос на стручна помош што ним им ја пружа и поради тоа не постои причина да не се соработува со педагогот на градинката.

Според тоа, врз основа на добиените резултати во ова истражување **се отфрла хипотезата дека, постои разлика во ставовите на воспитувачите, негувателите и родителите за компетентноста на педагогот во однос на стручната помош што ним им ја пружа.**

# 14. МИСЛЕЊЕ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ, НЕГУВАТЕЛИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ВО ВРСКА СО ПРИЧИНИТЕ КОИ ЈА ОНЕВОЗМОЖУВААТ ИЛИ ЈА ОТЕЖНУВААТ НИВНАТА КООПЕРАТИВНА АКТИВНОСТ

Во овој дел ќе бидат анализирани и интерпретирани податоците во врска со хипотезата на нашето истражување која гласи, постои разлика во мислењето на воспитувачите, негувателите и родителите за причините кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат нивната соработка со педагогот во градинката.

Со цел да се согледа мислењето на воспитувачите, негувателите и родителите во врска со поставената хипотеза на истражување, со анкетирањето од нив се бараше да одговорат на определени прашања.

Добиените податоци ги прикажуваме во следните табели.

**Табела бр.55:** Мислење на воспитувачите за причините кои ја отежнуваат или оневозможуваат соработката со педагогот.

| **Кои причини ја отежнуваат или оневозможуваат соработката со педагогот** | f | % |
|---|---|---|
| Недоволно познавање на работните задачи на педагогот во детската градинка | 11 | 11,70 |
| Презафатеност на педагогот со административна работа | 59 | 62,77 |
| Индиферентен однос на педагогот кон соработката со воспитувачите | 6 | 6,38 |
| Неадекватни услови за работа на педагогот | 18 | 19,15 |
| Вкупно | 94 | 100,00 |

*Забелешка: На ова прашање не одговориле вкупно 7 испитаници.




**Графикон бр.35:** Мислење на воспитувачите за причините кои ја отежнуваат или оневозможуваат соработката со педагогот.

**Табела бр.56:** Мислење на воспитувачите од Скопје и внатрешноста на Републиката во однос на причините кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат соработката со педагозите.

| **Кои причини ја отежнуваат или оневозможуваат соработката со педагогот** | Скопје | | Од внатрешноста на Републиката | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Недоволно познавање на работните задачи на педагогот во детската градинка | 2 | 2,13 | 9 | 9,57 | 11 | 11,70 |
| Презафатеност на педагогот со административна работа | 32 | 34,04 | 27 | 28,72 | 59 | 62,76 |
| Индиферентен однос на педагогот кон соработката со воспитувачите | 3 | 3,19 | 3 | 3,19 | 6 | 6,38 |
| Несоодветни услови за работа на педагогот | 7 | 7,45 | 11 | 11,70 | 18 | 19,15 |
| Вкупно | 44 | 46,81 | 50 | 53,18 | 94 | 99,99 |

$\chi^2 = 5,406$ df=3 $p>0,05$

**Табела бр.57:** Мислење на воспитувачите според степенот на завршено образование во однос на причините кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат соработката со педагогот.

| **Кои причини ја отежнуваат или оневозможуваат соработката со педагогот** | Степен на завршено образование | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вишо | | Високо | | Магистратура | | Докторат | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Недоволно познавање на работните задачи на педагогот во детската градинка | 6 | 6,38 | 3 | 3,19 | 2 | 2,13 | 0 | 0,00 | 11 | 11,70 |
| Презафатеност на педагогот со административна работа | 13 | 13,83 | 44 | 46,81 | 2 | 2,13 | 0 | 0,00 | 59 | 62,77 |
| Индиферентен однос на педагогот кон соработката со воспитувачите | 1 | 1,06 | 5 | 5,32 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 6 | 6,38 |
| Несоодветни услови за работа на педагогот | 3 | 3,19 | 15 | 15,96 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 18 | 19,15 |
| Вкупно | 23 | 24,46 | 67 | 71,28 | 4 | 4,26 | 0 | 0,00 | 94 | 100,00 |

Од дадените податоци во претходните табели може да се забележи дека, според мислењето на воспитувачите, постојат повеќе причини кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат нивната соработка со педагогот во градинката. Притоа, поголем процент од воспитувачите ги посочуваат следниве причини: презафатеност на педагогот со административна работа, несоодветни услови за работа на педагогот и недоволно познавање на работните задачи на педагогот во детската градинка.

Во поглед на изнесеното мислење по ова прашање, евидентно е дека не постојат разлики и меѓу одговорите на воспитувачите од Скопје и оние од внатрешноста на Републиката, како и меѓу воспитувачите со различен степен на образование.

**Табела бр.58:** Одговори на воспитувачите во врска со тоа, дали се запознаени со програмата за работа на педагогот.

| Категорија на одговори | f | % |
|---|---|---|
| Целосно, покрај увидот на Годишната програма за работа на педагогот, педагогот усно ги информира воспитувачите за сите планирани активности | 62 | 61,39 |
| Да, врз основа на увид на Годишната програма за работа на градинката | 21 | 20,79 |
| Делумно,само со активностите на педагогот кои се во врска со воспитно-образовниот процес | 17 | 16,83 |
| Не, не сум запознаен/а | 1 | 0,99 |
| Вкупно | 101 | 100,00 |




**Графикон бр.36:** Одговори на воспитувачите во врска со тоа, дали се запознаени со програмата за работа на педагогот.

Како што се забележува од добиените податоци, релативно голем е процентот на воспитувачи кои се изјасниле дека, главно, се запознаени (20,79%) или дека делумно се запознаени (16,83%) со програмата за работа на педагогот. Оваа недоволна информираност на воспитувачите со програмата за работа на педагогот, тие ја наведуваат како една од причините кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат нивната меѓусебна соработка.

**Табела бр.59:** Мислење на негувателите за причините кои ја отежнуваат или оневозможуваат соработката со педагогот.

| **Кои причини ја отежнуваат или оневозможуваат соработката со педагогот** | f | % |
|---|---|---|
| Недоволно познавање на работните задачи на педагогот во детската градинка | 8 | 8,16 |
| Презафатеност на педагогот со административна работа | 57 | 58,16 |
| Индиферентен однос на педагогот кон соработката со негувателите | 14 | 14,29 |
| Несоодветни услови за работа на педагогот | 19 | 19,39 |
| Вкупно | 98 | 100,00 |

*Забелешка: На ова прашање не одговориле 5 испитаници.

Во поглед на дадените одговори на ова прашање од страна на негувателите за тоа, кои причини ја отежнуваат нивната соработка со педагогот во градинката, добиените податоци покажуваат дека поголем процент од негувателите ги посочуваат следниве причини: презафатеност на педагогот со административна работа за што се изјасниле 58,16% од анкетираните негуватели, потоа несоодветни услови за работа на педагогот (19,39%) и индиферентен однос на педагогот кон соработката со негувателите, за што се изјасниле 14,29% од анкетираните негуватели.

Во следната табела се презентирани добиените одговори на прашањето за негуватели, дали се запознаени со програмата за работа на педагогот во градинката.

**Табела бр.60:** Одговори на негувателите во врска со тоа, дали се запознаени со програмата за работа на педагогот.

| Запознаен со програмата за работа на педагогот | f | % |
|---|---|---|
| Целосно покрај увидот на Годишната програма за работа на педагогот, педагогот усно ги информира негувателите за сите планирани активности | 33 | 32,35 |
| Да, запознаен/а сум врз основа на увид на Годишната програма за работа на градинката | 21 | 20,59 |
| Делумно сум запознаен/а само со активностите на педагогот кои се во врска со воспитно-образовниот процес | 39 | 38,24 |
| Не, не сум запознаен/а | 9 | 8,82 |
| Вкупно | 102 | 100,00 |

*Забелешка: Еден испитаник не дал одговор на поставеното прашање.




**Графикон бр.37:** Одговори на негувателите во врска со тоа, дали се запознаени со програмата за работа на педагогот.

Наведените резултати покажуваат дека најголем процент од негувателите (38,24) се изјасниле дека делумно се запознаени само со активностите на педагогот кои се во врска со воспитно-образовниот процес во градинката. 32,35% од нив се изјасниле, дека целосно се запознаени со работата на педагогот, преку увидот кој го имаат во Годишната програма за работа на педагогот, но, исто така, педагогот усно ги информира негувателите за сите

планирани активности. 20,59% се изјасниле дека се запознаени со активностите на педагогот, врз основа на увид на Годишната програма за работа на градинката. При тоа не смее да се занемари фактот дека, 8,82% од анкетираните негуватели се изјасниле дека не се запознаени со програмата за работа на педагогот во градинката, бидејќи истиот е индикативен и укажува на недоволно познавање на работните задачи на педагогот во градинката од страна на негувателите, која тие ја наведуваат како една од причините кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат нивната меѓусебна соработка.

**Табела бр.61:** Мислење на родителите за причините кои ја отежнуваат или ја оневозможуваат соработката со педагогот.

| Кои причини ја отежнуваат или ја оневозможуваат соработката со педагогот | | |
|---|---|---|
| Категорија на одговори | f | % |
| Недоволно познавање на работните задачи на педагогот во детската градинка | 26 | 18,57 |
| Презафатеност на педагогот со административна работа | 16 | 11,43 |
| Индиферентен однос на педагогот кон соработката со родителите | 2 | 1,43 |
| Неадекватни услови за работа на педагогот | 10 | 7,14 |
| Немање потреба за соработка со педагогот | 35 | 25,00 |
| Недостаток на време | 19 | 13,57 |
| Недоволно информации како да се пристапи до педагогот | 17 | 12,14 |
| Друго | 15 | 10,71 |
| Вкупно | 140 | 99.99 |

*Забелешка: Тројца испитаници не одговориле на прашањето.




**Графикон бр.38:** Мислење на родителите за причините кои ја отежнуваат или ја оневозможуваат соработката со педагогот,

Од дадените податоци во претходната табела и графикон, очигледно е дека соработката педагог–родител ја отежнуваат повеќе причини. Имено, анкетираните родители велат дека немаат индиферентен однос кон соработката со педагогот во градинката, но истовремено чувствуваат дека немаат потреба од таква соработка, недоволно се запознаени со работните задачи на педагогот во градинката, а како причина ги наведуваат и недостатокот на време од страна на родителот да оствари соработка со педагогот, како и презафатеноста на педагогот со административна работа.

**Табела бр.62:** Одговори на родителите во врска со тоа, дали се запознаени со активностите на педагогот во детската градинка.

| Запознаен со активностите на педагогот | f | % |
|---|---|---|
| Не, не сум доволно запознаен/а | 30 | 21,28 |
| Делумно, само со некои обврски кои треба да ги реализира во градинката | 54 | 38,30 |
| Да, со сите обврски кои треба да ги реализира во градинката | 57 | 40,42 |
| Вкупно | 141 | 100,00 |

*Забелешка: Двајца испитаници не одговориле на прашањето.




**Графикон бр.39:** Одговори на родителите во врска со тоа, дали се запознаени со активностите на педагогот во детската градинка.

Во однос на одговорите кои ги дале родителите во прашалникот за родители, во однос на тоа дали се запознени со активностите на педагогот во градинката, добиени се следниве податоци. 40,42% од анкетираните родители се изјасниле дека  се запознаени со сите обврски кои треба да ги реализира педагогот во градинката, 38,30% од нив одговориле дека делумно се запознаени  само со некои обврски кои треба да ги реализира педагогот во градинката, а мошне висок процент, или 21,28% од родителите се изјасниле дека не се доволно запознаени со активностите на педагогот во градинката, што секако може да биде една од причините која ја оневозможува или ја  отежнува соработката на релација родител-педагог.

Од сите претходно наведени резултати произлегува дека тие **ја потврдуваат хипотезата, дека постои разлика во мислењето на воспитувачите, негувателите и родителите за причините кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат нивната меѓусебна соработка.**

## 15.СТАВОВИ НА ПЕДАГОЗИТЕ ЗА НИВНИТЕ ЗНАЕЊА И ПРАКТИЧНИ ИСКУСТВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ ВО ГРАДИНКАТА СТЕКНАТИ ВО ТЕКОТ НА БАЗИЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

За да може успешно да ја извршува стручната работа во градинката, педагогот, а особено педагогот почетник, неопходно е уште во текот на базичното образование да се стекне со доволно знаење и практично искуство кои ќе му го овозможат истото. Токму поради тоа не интересираше да ги дознаеме ставовите и мислењето на педагозите за тоа, колку тие во текот на базичното образование се оспособуваат за извршување на нивната стручна работа во градинката. Поставената хипотеза гласи, педагозите имаат позитивен став во врска со знаењата и практичните искуства што ги стекнуваат во иницијалното образование за извршување на стручната дејност во градинката.

Потребните податоци за ова хипотеза ги добивме преку одговорите кои ги дадоа анкетираните педагози на определени прашања содржани во анкетниот лист. Добиените податоци поради поголема прегледност на истите ги прикажуваме табеларно и графички.

**Табела бр.63:** Мислење на педагозите во градинката за тоа дали во текот на базичното образование се стекнале со доволно знаење и потребно искуство за да можат успешно да ја извршуваат својата стручна дејност во градинката.

| Стекнати теориски и практични знаења од базичното образование | | |
|---|---|---|
| **Категории на одговори** | f | % |
| **Се стекнав со доволно теоретски знаења и доволно практично искуство.** | 5 | 20,00 |
| **Се стекнав со делумно теоретски знаења, и делумно практично искуство** | 3 | 12,00 |
| **Се стекнав со доволно теоретски знаења, но со недоволно практично искуство.** | 16 | 64,00 |
| **Се стекнав со недоволно теоретски знаења, но со доволно практично искуство** | 1 | 4,00 |
| **Не се стекнав со доволно теоретско и доволно практично искуство** | 0 | 0,00 |
| **Вкупно** | 25 | 100,00 |




**Графикон бр.40:** Мислење на педагозите во градинката за тоа дали во текот на базичното образование се стекнале со доволно знаење и потребно искуство за да можат успешно да ја извршуваат својата стручна дејност во градинката.

Добиените податоци укажуваат на тоа дека во најголем дел од анкетираните педагозите се изјасниле дека во текот на нивното базично образование се стекнале со доволно теоретски знаења, но со недоволно практично искуство. Овој податок е суштински и истиот покажува дека стекнатите знаења за време на студиите се доволни за успешно извршување на стручната работа на педагогот во градинката, но дека практичното искуство кое, исто така, е значајно не е доволно стекнато за време на студиите.

Истото прашање го разгледавме и од аспект на одговорите што ги дале педагозите со различно работно искуство како педагог.

**Табела бр.64:** Мислење на педагозите во градинката со различно работно искуство како педагог, за тоа дали во текот на базичното образование се стекнале со доволно знаење и потребно искуство за да можат успешно да ја извршуваат својата стручна дејност во градинката.

| Категорија на одговори | Работно искуство како педагог | | | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Од 0 до 10 години | | Од 10 до 20 години | | Од 20 до 30 години | | Повеќе од 30 години | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Се стекнав со доволно теоретски знаења и доволно практично искуство | 1 | 4,35 | 1 | 4,35 | 3 | 13,04 | 0 | 0 | 5 | 21,73 |
| Се стекнав со делумно теоретски знаења, и делумно практично искуство | 1 | 4,35 | 1 | 4,35 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 2 | 8,70 |
| Се стекнав со доволно теоретски знаења, но со недоволно практично искуство | 5 | 21,73 | 4 | 17,39 | 4 | 17,39 | 1 | 4,35 | 14 | 60,87 |
| Се стекнав со недоволни теоретски знаења, но со доволно практично искусво | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 0 | 0,00 |
| Не се стекнав со доволно теоретско и доволно практично искуство | 2 | 8,70 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0 | 2 | 8,70 |
| Вкупно | 9 | 39,13 | 6 | 26,09 | 7 | 30,43 | 1 | 4,35 | 23 | 100,00 |




**Графикон бр.41:** Мислење на педагозите со различно работно искуство во градинката за тоа дали во текот на базичното образование се стекнале со доволно знаење и потребно искуство за да можат успешно да ја извршуваат својата стручна дејност во градинката.

Споредувањето на наведените податоци дозволува да се констатира дека работното искуство на педагогот не влијае врз неговото мислење во однос на стекнатите знаења и потребното практично искуство за успешно извршување на стручната работа во градинката. Тоа може да се тврди бидејќи од прикажаните податоци на графиконот, евидентно е дека големината на вкупното работно искуство на педагогот во градинката нема влијание врз одговорот. Имено, според прикажаните податоци, најголем дел од педагозите одговориле дека за време на базичното образование се стекнале со доволно теоретски и недоволно практични искуства. Според тоа, со добиените резултати прикажани во овој дел од трудот **делумно се потврдува хипотезата на нашето истражување, која гласи: педагозите имаат позитивен став во врска со знаењата и практичните искуства што ги стекнуваат во иницијалното образование за** извршување **на стручната работа во градинката.** Имено, по извршената статистичка анализа на добиените податоци може да се заклучи дека педагозите имаат истоветно мислење во врска со знаењата и практичните искуства што ги стекнуваат во иницијалното образование. Според добиените резултати може да се констатира дека кај педагозите доминира мислењето дека за време на иницијалното образование се стекнуваат со доволни теоретски знаења, но со недоволно практично искуство за планирање и реализирање на стручната работа на педагогот во градинката. Се надеваме дека со најновите измени во наставниот план на Институтот за педагогија, чија тенденција е зголемена практична работа на студентите-педагози, во иднина ќе се подобри оваа состојба.

## 16. МИСЛЕЊЕ НА ПЕДАГОЗИТЕ ВО ВРСКА СО ПОТРЕБАТА ЗА НИВНО ПЕРМАНЕНТНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

Со Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" број 23 од 14 февруари 2013 година), со член 146 регулирано е дека „Вработените во установа за деца во текот на својот работен век се должни перманентно стручно да се усовршуваат во согласност со потребите на установата за деца". Оттука произлезе и хипотезата на нашето истражување која гласи дека, педагозите сметаат дека има потреба од нивно стручно усовршување, во функција на унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.

Во врска со оваа хипотеза беа формулирани неколку прашања содржани во прашалникот за педагози чии одговори ќе бидат предмет на разгледување во овој дел од трудот.

Најнапред ќе ги презентираме и анализираме добиените одговори на прашањето од анкетниот лист кое дава можност да се согледа мислењето на педагозите во однос на нивната сегашна оспособеност за успешно извршување на нивната стручна работа во градинката.

**Табела бр.65:** Мислење на педагозите за нивната оспособеност за успешно извршување на стручната работа во градинката.

| Оспособеност на педагогот за извршување на стручната работа во градинката | | |
|---|---|---|
| Категорија на одговори | f | % |
| Солидна | 14 | 56,00 |
| Добра | 11 | 44,00 |
| Недоволна | 0 | 00,00 |
| Вкупно | 25 | 100,00 |




**Графикон бр.42:** Мислење на педагозите за нивната оспособеност за успешно извршувањена стручната работа во градинката.

Од прикажаните податоци може да се констатира дека малку повеќе од 1/2 од анкетираните педагози ја оценуваат нивната сегашна оспособеност како солидна, а нешто помалку од 1/2 од нив ја оценуваат нивната сегашна оспособеност како добра.

Во врска со докажување на поставената хипотеза, на педагозите во градинките им беше поставено и прашање за тоа кои начини на стручно усовршување ги сметате како најзначајни за унапредување на квалитетот на работата на педагогот во детската градинка.

Добиените податоци, во врска со ова прашање ги прикажуваме табеларно и графички.

**Табела бр.66:** Мислење на педагозите за тоа кои начини на стручно усовршување се најзначајни за унапредување на квалитетот на работата на педагогот.

| Најзначајни начини на усовршување за унапредување на квалитетот на работата на педагогот во детската градинка | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да | | не | |
| Категорија на одговори | f | % | f | % |
| Самообразование-самоусовршување | 19 | 16,38 | 6 | 10,17 |
| Учество во истражувачки тимови | 17 | 14,66 | 8 | 13,56 |
| Учество во реализација на проекти од областа на воспитанието и образованието | 9 | 7,76 | 16 | 27,12 |
| Стручни научни собири, симпозиуми и трибини | 16 | 13,79 | 9 | 15,25 |
| Учество на семинари и стручни работилници | 8 | 6,90 | 17 | 28,81 |
| Специјалистички студии | 22 | 18,96 | 3 | 5,08 |
| Друго | 25 | 21,55 | 0 | 0,00 |
| Вкупно | 116 | 100,00 | 59 | 99,99 |




**Графикон бр.43:** Мислење на педагозите за тоа кои начини на стручно усовршување се најзначајни за унапредување на квалитетот на работата на педагогот.

Врз основа на добиените податоци, може да се констатира дека најголем процент од анкетираните педагози сметаат дека најзначајни начини на стручно усовршување се:Учество на разни семинари и стручни работилници, Учество во реализација на проекти од областа на воспитанието и образованието, а пак помалку значајни се: Учество на Стручни научни собири, симпозиуми и трибини, Учество во истражувачки тимови и самоусовршување.

Во прашалникот за педагозите, исто така, беше содржано и прашањето преку кое сакавме да го дознаеме мислењето на анкетираните субјекти за тоа дали имаат потреба од перманентно стручно усовршување со цел поуспешно да ја реализираат работата на педагогот во градинката, на кое беа понудени два алтернативни одговора. Во врска со ова прашање се добиени следниве податоци.

**Табела бр.67:** Мислење на педагозите од градот Скопје и оние од внатрешноста на Републиката за тоа дали имаат потреба од професионално усовршување.

| | Потреба од професионално усовршување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Место** | Не | | Да | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % |
| **Скопје** | 0 | 0 | 10 | 41,67 | 10 | 41,67 |
| **Од внатрешноста на Републиката** | 2 | 8,33 | 12 | 50,00 | 14 | 58,33 |
| **Вкупно** | 2 | 8,33 | 22 | 91,67 | 24 | 100,00 |

*Забелешка: Еден испитаник не дал одговор на поставеното прашање.

Во наведениве податоци се гледа дека најголем процент од анкетираните педагози се изјасниле дека имаат потреба од нивно професионално усовршување во функција на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во градинката. Во дадените одговори на ова прашање нема разлика меѓу одговорите на педагозите од градот Скопје и одговорите на педагозите од внатрешноста на Републиката.

Преку податоците прикажани во следната табела се обидовме да добиеме одговор на прашањето дали има поврзаност помеѓу стекнатите теоретски знаења на педагогот во базичното образование и неговата потреба од професионално усовршување.

**Табела бр.68:** Мислење на педагозите за стекнати теоретски и практични знаења од базичното образование и потреба од професионално усовршување.

| Мислење на педагозите за стекнати теоретски и практични знаења од базичното образование и потреба од професионално усовршување. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Категорија на одговори** | Потреба од професионално усовршување | | | | Вкупно | |
| | Не | | Да | | | |
| | f | % | f | % | f | % |
| **Не се стекнав со доволно теоретско и доволно практично искуство** | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |
| **Се стекнав со недоволни теоретски знаења, но со доволно практично искуство** | 0 | 0,00 | 1 | 4,00 | 1 | 4,00 |
| **Се стекнав со доволно теоретски знаења, но со недоволно практично искуство** | 1 | 4,00 | 15 | 60,00 | 16 | 64,00 |
| **Се стекнав со делумно теоретски знаења, и делумно практично искуство** | 0 | 0,00 | 3 | 12,00 | 3 | 12,00 |
| **Се стекнав со доволно теоретски знаења и доволно практично искуство** | 1 | 4,00 | 4 | 16,00 | 5 | 20,00 |
| **Вкупно** | 2 | 8,00 | 23 | 92,00 | 25 | 100,00 |

Фреквенциите во кодните листи на овие две варијабли, покажуваат една точка на натрупување со 92,00% и 64,00% тежина, соодветно за потреба од професионално усовршување и стекнато доволно теоретско и недоволно практично искуство.

Врз основа на преходно изнесените резултати **се потврдува хипотезата** на нашето истражување дека, **педагозите сметаат дека има потреба од нивно професионално усовршување, во функција на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во детската градинка.**

# Четврти дел

# Заклучни согледувања и препораки

## 1. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Резултатите од ова емпириско истражување, нивната квалитативна и квантитативна анализа упатуваат на одредени заклучни согледувања.

Општ заклучок врз основа на вкупно добиените податоци е дека ***во потполност е потврдена генералната хипотеза на истражувањето,*** или поконкретно дека, *планирањето и реализацијата на работата на педагогот е во функција на унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка, и се остварува во согласност со документот Основи на програмата за работата на педагогот и конкретните услови и потребите на градинката.*

Од анализата и компарирањето на добиените податоци, во врска со посебните хипотези на истражувањето, најзначајни се следните заклучоци:

1. Педагозите, во согласност со членот 168 од Законот за заштита на децата, редовно изготвуваат планови и програми за реализација на својата работа во детската градинка. Притоа документот Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст, претставува основен водич во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа на педагогот во градинката. Со тоа се потврдува првата хипотеза на нашето истражување

2. Се потврдува втората хипотеза, педагозите сметаат дека дадените подрачја и рамковни содржини за работа во „Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст", не се прецизно и јасно определени и разграничени. Со своите искази тоа го потврдија повеќе од ½ од испитаните педагози.

3. Поголемиот дел од содржините во програмските подрачја за работа на педагогот, произлегуваат од стариот идеен и вредносен систем и не соодветствуваат на сегашниот тренд на живеење. Тоа се согледува од анализата на содржината на сите програмски подрачја од работата на педагогот во градинката, како и од резултатите добиени со емпириското истражување. Со тоа во потполност се потврдува хипотезата на нашето истражување дека постои потреба од ревидирање на содржините во програмските основи

за работа на педагогот, во функција на подобрување на стручната работа на педагогот и унапредувањето на воспитно-образовната работа во детската градинка.

4. Во детските градинки во Република Македонија, не се посветува доволно внимание на обезбедување на материјално техничките ресурси (простор, опрема и дидактички сретства), кои се неопходни за да може педагогот поефикасно да ја извршува својата стручна работа во градинката. Ова особено се согледува од анализата на условите за работа на педагогот во градинката, како и од расположливоста на стручната литература и списанија во функција на следење на најновите истражувања за достигнувањата во педагошко-психолошката наука во работата со деца од предучилишна возраст. Врз основа на следењето на нашите и туѓите искуства, педагогот ќе има можност да ја иновира работата во градинката преку имплементирање новини во воспитно-образовната практика, кои се базирани пред се на позитивните искуства и добрите практики кај нас и во светот. Со тоа делумно се потврдува четвртата хипотеза на нашето истражување која гласи, педагозите од градот Скопје и оние од внатрешноста на Републиката, се задоволни од постојните услови за работа во детската градинка.

5. Во однос на прашањето колку често педагозите користат ИКТ во функција на реализирање на работните задачи, според добиените податоци од нашето истражување беше отфрлена петтата хипотеза. Но, иако педагозите често користат ИКТ во функција на реализирање на стручната работа во градинката, сепак на ова поле, тие се изјаснија дека се соочуваат и со одредени потешкотии. Така, на пример, околу 1/5 од испитаниците се изјасниле дека воопшто не поседуваат вештини за работа на компјутер, а останатите имаат различно ниво на познавање на вештини за примена на компјутерски апликации во работата на педагогот. Со што јасно се укажува на потребата од обука за дигитално описменување или за усовршување на компетенциите на педагогот на полето на информатичката технологија и нивно запознавање со можностите кои таа ги нуди во поглед на нејзината примена во извршување на стручната работа на педагогот во градинката. Проблемот на поврзаноста со интернет-мрежа во градинката, исто така, е една од причините за која педагозите сметаат дека ја отежнува нивната работа во градинката.

6. Во врска со инструментите кои ги користат педагозите во функција на кооперативната активност со сите заинтересирани страни (воспитувачи, негуватели, родители), за унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка, од добиените податоци може да се констатира дека меѓу педагозите во градинката има многу големи разлики во однос на примената на инструментите за истражување. Имено и оние педагози кои навеле дека користат инструменти во својата работа во функција на истражување и утврдување на реалната практика во градинката, приложиле мал број на инструменти и истите ги користеле за различна намена, како на пр. Протокол на непосредно следење и евидентирање на воспитно-образовните активности; Евиденциски лист за следење на методи и техники кои ги применува воспитувачот во непосредната работа со децата; Евиденциски лист за следење на факултативните активности на децата во градинката; Анкетен лист за потребите од набавка на соодветна стручна литература; Анкетен лист за потребата од набавка на играчки и дидактички средства и материјали за потребите на воспитно-образовниот процес; Анкетен лист за родители - колку и на кој начин родителот може да се вклучи во планирањето на воспитно-образовниот процес во градинката; Евиденциски лист за стручно усовршување на воспитувачите, негувателите и останатите стручни работници и соработници во градинката; Анкетен лист во врска со причините за масовно отсуство на децата од градинката (појава на заразна болест, епидемија и сл); Евиденциски лист за остварена соработка со родител. Поголем број на педагози навеле дека користат еден до два инструмента, но не и нивната намена,а доминира бројката на педагози кои воопшто не одговориле на поставеното прашање. Податоците од интервјуто покажуваат, дека педагозите имаат потешкотии во користење на различни инструменти во својата работа, а како причина за тоа го наведуваат недостатокот на готови модели на инструменти во педагошката литература. Врз основа на добиените резултати, може да се согледа дека е даден јасен сигнал од страна на педагозите во градинката, дека во секојдневната практика имаат потреба од готови модели на инструменти за истражување, кои ќе послужат како квалитетна основа за прибирање на податоци од воспитувачите, негувателите и родителите во функција на унапредување на воспитно образовната практика во детската градинка. Истовремено, добиените податоци јасно упатуваат на фактот дека постои свесност кај педагозите за постоење на реална потреба од следење на

дополнителни обуки за развивање и подобрување на нивните компетенции за истражување на реалната практика во градинката, како една од приоритетните работни задачи на педагогот, со цел унапредување на воспитно-образовната работа. Со тоа во потполност се потврдува хипотезата на истражувањето, дека педагозите во нивната секојдневна практика, имаат потреба од готови модели на истражување кои ќе послужат како квалитетна основа во прибирање на податоци од воспитувачите, негувателите и родителите во функција на унапредување на воспитно-образовната практика во детската градинка.

7. Добиените резултати и сознанија до кои дојдовме во текот на нашето истражување, ни овозможуваат да констатираме дека педагогот секојдневно соработува со воспитувачите и негувателите во градинката, притоа според мислењето на повеќе од ½ од анкетираните педагози и двата профила на кадри во градинката, пројавуваат подеднаква потреба за соработка со педагогот на градинката. Тие исто така, користат различни облици на соработка (индивидуална и групна), чиј избор е тесно поврзан од специфичноста на поставените цели и задачи како и од околностите што ја овозможувале нивната примена. Но кога станува збор за тоа кој облик на соработка реализиран од страна на педагогот е најефикасен за подобрување на воспитно-образовната работа во градинката, тогаш според добиените податоците и од направената статистичка обработка на истите може да се констатира дека се потврдува седмата хипотеза од нашето истражување која гласи: постои разлика во мислењето на воспитувачите и негувателите во врска со тоа кој облик на соработка реализиран од страна на педагогот е најефикасен за подобрување на воспитно-образовната работа во градинката. Меѓу нив постои разлика во искажаното мислење по ова прашање, но евидентно е од податоците дека најголем процент од воспитувачите и од негувателите се искажале дека за нив најефикасен облик за соработка реализиран од страна на педагогот претставува заедничкото планирање, следење и вреднување на воспитно-образовната работа.

8. Во врска со поставената хипотеза дека, воспитувачите и негувателите во нивната меѓусебна соработка со педагогот најчесто реализираат содржини од програмското подрачје *Учество во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа.*

врз основа на добиените резултати може да се констаира дека во потполност се потврдува поставената хипотеза.

9. Воспитувачите и негувателите од подрачјето на градот Скопје и оние од внатрешноста на Републиката се разликуваат во нивното мислење во однос на потребата од соработка со педагогот во детската градинка. Во врска со оваа хипотеза, според добиените податоци воспитувачите и негувателите во градинките, како главни носители на дејноста, се констатира дека тие имаат истоветно мислење во однос на потребата од соработката со педагогот и правилно ја сфаќаат суштината на оваа соработка која е предуслов за успешна реализација на воспитно-образовната работа во градинката. Со тоа се отфрла деветата хипотеза на нашето истражување.

10. Евидентно е дека во најголем дел, или повеќе од ½ од испитаните воспитувачи и негуватели имаат истоветно мислење и се изјасниле дека педагогот има голем придонес во унапредување на воспитно-образовната работа во градинката. Според добиените податоци не постои статистички значајна разлика ($x^2$=0,252 df=2 p>0,05) во ставовите на воспитувачите и негувателите во врска со придонесот на педагогот за унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка. Со тоа **се отфрла хипотезата од нашето истражување која гласи,** постои разлика во ставовите на воспитувачите и негувателите во врска со придонесот на педагогот за унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.

11. Педагозите со претходно работно искуство како воспитувачи, се повеќе прифатени за соработка од страна на воспитувачите и негувателите отколку оние педагози кои се без такво работно искуство. Од добиените резултати од нашето истражување во врска со ова прашање, може да се забележи дека меѓу воспитувачите и негувателите не постои разлика во дадените одговори на истото. За најголем број од нив карактеристично е мислењето дека за поуспешно остварување на соработката со воспитувачите и негувателите во градинката потребно е педагогот да има претходно работно искуство како воспитувач. Според тоа, се потврдува единаесетата хипотеза според која, педагозите со претходно работно искуство како воспитувачи, повеќе се прифатени за соработка од страна на воспитувачите и негувателите отколку оние педагози кои се без такво работно искуство.

12. Од компарирањето на добиените податоци може да се заклучи дека родителите од подрачјето на градот Скопје, како и оние од внатрешноста на Републиката, не се разликуваат во нивното мислење во однос на потребата од кооперативна активност со педагогот во детската градинка. Тие на оваа соработка гледаат како предуслов за правилно напредување и развој на детето. Во зависност од потребата, понекогаш соработуваат со педагогот на градинката и според 88% од анкетираните родители досега немале никаков проблем во нивната меѓусебна соработка. Исто така, според добиените податоци, тие не се разликуваат во нивното мислење во однос на содржините кои педагогот на градинката би требало да ги реализира во кооперативна активност со родителите. Оттука може да се заклучи дека се отфрла хипотезата на нашето истражување која гласи: родителите од подрачјето на градот Скопје, како и оние од внатрешноста на Републиката, се разликуваат во нивното мислење во однос на потребата и содржините на кооперативна активност со педагогот во детската градинка.

13. Од резултатите добиени со истражувањето се отфрла хипотезата дека постои разлика во ставовите на воспитувачите, негувателите и родителите за компетентноста на педагогот во однос на стручната помош што им ја пружа ним. Овие податоци се суштествени во однос на остварување на соработката со педагогот во градинката, бидејќи воспитувачите, негувателите и родителите не се сомневаат во компетентноста на педагогот во однос на стручната помош што им ја пружа ним.

14. Од добиените вредности може да се заклучи дека се потврдува поставената хипотеза дека, постои разлика во мислењето на воспитувачите, негувателите и родителите за причините кои ја оневозможуваат или ја отежнуваат нивната меѓусебна соработка со педагогот. При тоа според мислењето на воспитувачите, постојат повеќе причини, а како најзначајни, тие, ги посочуваат следниве причини: презафатеност на педагогот со административна работа, несоодветни услови за работа на педагогот и недоволно познавање на работните задачи на педагогот во детската градинка, како и недоволната информираност на воспитувачите за Годишната програма за работа на педагогот. Во поглед на добиените податоци во врска со ова прашање, евидентно е дека не постојат разлики и во дадените одговори на воспитувачите од Скопје и оние од внатрешноста на Републиката, како и во дадените одговори на воспитувачите со различен степен на

образование. Во поглед на дадените одговори на ова прашање од страна на негувателите за тоа, кои причини ја отежнуваат нивната соработка со педагогот во градинката, врз основа на добиените податоци идентификувани се следниве прични: презафатеност на педагогот со административна работа, несоодветни услови за работа на педагогот индиферентен однос на педагогот кон соработката со негувателите и недоволно познавање на работните задачи на педагогот од страна на негувателите. Од добиените податоци во врска со соработката на релација родител-педагог, очигледно е дека истата е отежната од повеќе причини и тоа: родителите се недоволно запознаени со работните задачи на педагогот во градинката, тие имаат недостаток на време да остварат соработка со педагогот, а како причина ја наведуваат и презафатеноста на педагогот со административна работа.

15. За стручното оспособување на студентите по педагогија во текот на иницијалното образование, по извршената статистичка анализа на добиените податоци произлегува дека педагозите имаат истоветно мислење во врска со знаењата и практичните искуства што ги стекнуваат во иницијалното образование. Според добиените резултати може да се констатира дека кај педагозите доминира мислењето дека за време на иницијалното образование се стекнуваат со доволни теоретски знаења, но со недоволно практично искуство за планирање и реализирање на стручната работа на педагогот во градинката. Со тоа се потврдува хипотезата на нашето истражување дека педагозите имаат позитивен став во врска со знаењата и практичните искуства што ги стекнуваат во иницијалното образование за извршување на стручната работа во градинката.

16. Педагозите имаат, главно, исто мислење во однос на потребата од нивно континуирано професионално усовршување. Притоа најголем процент од педагозите сметаат дека за унапредување на квалитетот на нивната работа, најзначајни начини на стручно усовршување се: учество на разни семинари и стручни работилници; учество во реализација на проекти, а, пак, како помалку значајни се: учество на стручни научни собири, симпозиуми и трибини, учество во истражувачки тимови и самоусовршување. Врз основа на добиените резултати се потврдува шеснаесетата хипотеза на нашето истражување според која педагозите сметаат дека има потреба од нивно стручно усовршување, во функција на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во детската градинка.

## 2. ПРЕПОРАКИ И СУГЕСТИИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Резултатите од овој истражувачки проект, како и изнесените теоретски сознанија, наметнуваат одредени предлози и сугестии, во функција на подобрување на работата на педагогот во насока на унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.

Сметаме дека има неколку аспекти кои можат да бидат подложни на промена, тоа се:

1.Ревидирање и осовременување на „ Основи на програмата за работа на педагогот во РО за згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст". Дека постои потреба од потемелно преиспитување на овој документ, укажуваат податоци добиени со емпириското истражување, во кое скоро една половина од испитаниците се изјасниле дека дадените подрачја и рамковни содржини не се прецизно и јасно определени и разграничени. Во насока на подобрување на ваквата состојба, во прилог број 5 од овој труд, даваме предлог модел на Основи на програмата за работа на педагогот во градинката, кој произлезе од теоретските сознанија, емпириските наоди за стручната работа на педагогот во градинката и приложените материјали од страна на педагозите во градинката.

2. Со цел да се унапреди стручната работа на педагогот во градинката, неопходно е уште во иницијалното образование на студентите да им се овозможи да се стекнат со солидни стручни знаења и соодветно практично искуство за да можат успешно да ја реализираат стручната работа во градинката. Во таа насока, согледувајќи ја потребата на практичарите во 2013-2014 година, Институтот за педагогија превзема конкретни чекори при што се направени измени во наставниот план и програмите на Институтот за педагогија во кои се остава поголем простор за педагошка практика на студентите, а наставниот предмет Методика на работа на училишен педагог, се воведува како задолжителен предмет. Во рамките на истиот се изучуваат содржини и се стекнуваат знаења и вештини кои ќе овозможат подобро оспособување на студентите за успешно извршување на улогата на педагогот во градинката. Се надеваме дека со воведување на

овие новини во наредниот период успешно ќе бидат надминати евидентираните недостаци од ова истражување.

3. Изработка на готови модели за планирање и евидентирање на стручната работа на педагогот во градинката, како и донесување на посебен Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошката евиденција и документација на стручниот работник-педагог во градинката.

4. Збогатување на детската градинка со релевантната стручна литература и стручни списанија од областа на педагошко –психолошката наука. Тоа ќе овозможи воведување на иновативни методи за учење и подучување и целосно оживотворување на холистичкиот пристап во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст, базирани на најновите теоретски и практични сознанија.

5. Зајакнување на стручната компетенција на педагогот за истражување на реалната практика, со цел унапредување на воспитно-образовната работа во градинката. Во таа насока значајно е да се преземат конкретни активности за изготвување на соодветни инструменти кои би биле во функција на остварување на стручната работа на педагогот во градинката.Во прилог број 6, број 8 и број 9, понудени се Модел на евиденциски лист за соработка со родител/старател; Модел на евиденциски лист за следење и евалуација на воспитно-образовна активност и Модел на евиденциски лист за самоевалуација на работата на воспитувачот, за кои цениме дека ќе му помогнат на педагаогот за евидентирање на неговата стручна работа во градинката.

6. Воведување на обуки од акредитирани образовни институции за континуиран професионален развој на педагогот во градинката, во чија обука ќе влезе и континуирано информатичко описменување.

7. Воведување на професионално портфолио за стручниот работник педагог во градинката и користење на податоците од него, со цел по завршувањето на студиите и добивање лиценца за стручен работник да му се овозможи на педагогот во градинката да напредува на две нивоа: педагог ментор и педагог советник. За таа цел прилог број 7 нудиме Модел на портфолио за професионален развој на стручниот работник - педагог.

8. Промоција на нов стил на соработка и партнерство со родителите, воспитувачите и негувателите, со доследно почитување на еколошката воспитно-образовна теорија, според која правилниот развој, воспитание и образование на секое дете е процес на заемна соработка помеѓу детето како субјект и родителите, вработените во градинката (воспитувач, негувател, педагог), поширокото семејство на детето и на културната и социјалната средина во која тие заемно дејствуваат.

9. Подготовка на компјутерски софтвер, кој ќе се користи за потребите на педагозите од аспект на планирањето, програмирањето и документирањето на сопствената работа.

10. Зголемување на бројот на вработени педагози во градинките.

Во наредниот период, како одговор на современите потреби и барања, наметнати од светските трендови во предучилишното воспитание и образование треба да очекуваме реафирмација на улогата на педагогот со оглед на неговото значење во унапредување на воспитно-образовната работа во градинката и целосно оживотворување на хуманистичкиот пристап во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст, што воедно е и цел на современото предучилишно воспитание и образование

# Петти дел

# Користена литература



1. **Алексовска, С.** (1994). *Искуства од програмирањето на работата на училишниот педагог.* Скопје: Просветно дело. бр.4
2. **Ангеловски,К.** (1989). *Педагошко-психолошката служба во воспитно-образовните организации и иновациите*. Скопје: Просветно Дело. бр.5-6
3. **Ангеловски, К., Смилевски, Ц.** (1986). *Развој и состојби на педагошко-психолошката служба во организациите за образование и воспитание во СР Македонија.* Скопје:„Просветно дело. бр.3-4
4. **Ангеловски, К. (1987).** *Педагошко-психолошката служба во воспитно-образовните организации и иновациите.* Скопје: Просветно дело. бр.5-6
5. **Ангелоска-Галевска, Н.** (1998). *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието.* Битола: Киро Дандаро.
6. **Ангелоска-Галевска,Н.** (2002). *Педагошки истражувања - видови, карактеристики, можности. Воспитание, списание за теорија и практика.* Штип:Педагошки факултет стр. 32-45.
7. **Ангелоска-Галевска, Н.** (2006). *Современи тенденции во стручното образование и обука на наставниците, Годишен зборник,* книга 59. Скопје: Филозофски факултет стр. 15-28.
8. **Андоновски, Ж.** (1974). *Некои моменти од работата на педагогот во училиштето.* Скопје:Просветно дело. бр.9-10
9. **Arnovljević, J.** (1965). *Mesto, uloga i sadržaj rada školskih pedagoga u osnovnim i srednjim školama.*Pedagogija. Beograd, br.1-2
10. **Arsić, Ž.** (1983). *Teškoće u radu školskog pedagoga-početnika i neki načini njihovih prevladavanja.* Osijek: Život i škola. br.4
11. **Ациган, Љ.** (1983). *Образовање кадрова за педагошко-психолошку службу у функцији преображаја васпитања и образовања са освртом на стање у САП Војводини.* Београд: Настава и васпитање.бр.1-2
12. **Babić, G.** (1975). *Pristup problemu razvoja pedagoško psihološke službe u funkcii racionalizacije vospitno-obrazovnog rada u osnovnoj školi.* Sarajevo: Naša škola. br.7-8/9-10
13. **Barić, N.** (1981). *Stručno-razvojne službe u odgoju i osnovnom obrazovanju.* Osijek:„Život i škola. br.7-8

14. **Barić, N.** (1983). *Uloga prosvijtno-pedagoške službe u permanentnom obrazovanju nastavnika.* Zagreb: Pedagoški rad. br.3-4

15. **Biondić, S.** (1967). *Primjer godišnjeg plana rada školskog pedagoga.* Zagreb: Pogledi i iskustva u reformi školstva. br.2

16. **Blaženčić, A.** (1965). *Problemi službe za unapređivanje odgojno-obrazovnog rada u školama. Naša iskustva.* Zagreb: Zavod za školstvo grada Zagreba.

17. **Bognar, L.** (1972). *Za radikalnije rješavanje uloge pedagoga u osnovnom školstvu.* Zagreb: Pedagoški rad. br.5-6

18. **Божевски, В., Димитрова, Ј.** (1987). *Некои согледувања и предлози за истражувачката работа на педагогот во основното училиште.* Скопје: Просветно дело. бр. 5-6

19. **Бољевић, Д.** (1985). *Развој педагошко-психолошке службе у Црној Гори и њени програмски задаци.* Титоград:Васпитање и образовање бр.2

20. **Будимир-Нинковик, Г.** (2009). *Педагошки практикум.* Јагодина: Педагошки факултет

21. **Vasilev, S.** (1975). *Profil i fizionomija dokumentacije školskog pedagoga-psihologa.* Beograd: Ekonomska škola.

22. **Василев, С.** (1983). *Објективни и субјективни услови за ефикаснији рад школског педагога.* Београд:Настава и васпитања. бр.1-2

23. **Василев, С.,Ракић, Б.** (1998). *Школска педагогија.* Београд:Култура.

24. **Vilotijević, M.** (1992). *Vrednovanje pedagoškog rada škole.* Beograd:Naučna knjiga.

25. **Вилотијевић, С.** *(1983). Рад школског педагога на програмирању рада стручних органа у функцији унапређивања васпитно-образовног рада.* Београд:Настава и васпитање. бр.1-2

26. **Viher, D.** (1965). *Funkcija pedagoga škola* . Split: Školski vijesnik.br. 5-6

27. **Vukanović, R.** (1970). *O sadržaju rada aktiva školskih pedagoga Slavonije i Baranje.* Osijek: „Život i škola". br.9-10

28. **Вукелић, П.** (1981). *Рационалнији облици рада директора школе и школског педагога на организацији колективног и индивидуалног усавршавања наставника.* Београд: Настава и васпитање. бр.2

29. **Вуковиђ, В.** (1987). *Допринос школског педагога у унапређивање и модернизација наставног процеса.* Титоград: Васпитање и образовање. бр.3

30. **Георгиева, Л.** (1992). *Развиток, состојби, проблеми и перспективи на педагошко психолошката служба во основните училишта во Македонија.* Скопје: Просветно дело. бр.5

31. **Giron, M.** (1983). *Školski pedagog i istraživački rad.* Zagreb:Propisi-Praksa. br.2

32. **Giron, M.** (1988). *Školski pedagog i inovacije.* Rijeka: Izdavački centar.

33. **Глигориђ, Н.** (1983). *Задаци педагога у раду на унапређивање ваститно образоног процеса.* Београд: Настава и васпитање. Бр. 1-2

34. **Gliha, D.** (1969). *Mijesto i uloga prosvijetno-pedagoške službe u vrednovanju rezultata rada škola.*Zagreb: Pedagoški rad. br.3-4

35. **Gojanović, Č.** (1968). *Prilog diskusiji o problemima pedagoško-psihološke službe.* Novi Sad:Pedagoška stvarnost. br.7

36. **Gojanović, Č.** (1974)Pedagoško-psihološka služba u funkciji istraživanja relevantnih faktora lićnosti nastavnika. Mostar:Škola danas. br.4

37. **Дамовска, Л.** (2001). *Компактибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование.* Скопје:Круг 92.

38. **Дамовска, Л.** (2012). *Нови практики во детските градинки. Базирани на стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 години.*Скопје:Темпора веритас.

39. **Дамовска, Л.** (1997). *Хуманистичката тенденција-основа за иновирање и трансформирање на подсистемот на предучилишното воспитание и образование.* Скопје: Годишен зборник на филозофски факултет, кн24(50).

40. **Davidov, V.** (1988). *Najbliža budućnost zahteva učitelja novog tipa.* ,Beograd: Pedagogija. br.1

41. **Danilović-Milanović, S.** (1963). *Plan rada pedagoško-psihološke službe.* Novi Sad: Pedagoška stvarnost. br.9

42. **Диметриевски, М. и др.** (2007). *Институционалниот развиток на високото образование во Република Македонија (1919-1949)*Документи. Скопје: Универзитет СВ. Кирил и Методиј

43. **Dimitrov, N.** (1977). *Razvoj i problemi službe školskih pedagoga u SR Makedoniji. Zbornik radova:Dalje usavršavanje metodologije i metodike vaspitno-obrazovnog rada u školama.* Skopje: Jugoslovensko savetovanje školskih pedagoga i psihologa.

44. **Dunjić, Lj.** (1980). *Jedan prilog teorijskom rešavanju funkcijske osnove prosvetnopedagoške službe.* Sarajevo:„Naša škola. br. 9-10

45. **Dunjić, Lj.** (1989). *Školski pedagog u funkciji savremenog unapređivanja vaspitno-obrazovne prakse.* Sarajevo:Naša škola. br. 5-6.

46. **Dunjić, Lj.** (1991). *Pedagoško-instruktivni rad u školi u oviru osnovne profesionalne funkcije školskog pedagoga.* Sarajevo: Naša škola. br.7-8

47. **Ђорђевић, М.** (1983). *Неки задаци школског школског педагога у повећању ефикасности рада наставника и ученика.* Београд:Настава и васпитање. бр.1-2

48. **Ђорђевић, Р.** (1989). *Улога школског педагога у организацију допунског рада.* Београд: Настава и Васпитање. бр.1-2

49. **Ѓорѓиевска, Г.** (1991). *Училишниот педагог во функција на унапредување на воспитно-образовната работа.* Скопје: Просветен работник. бр.2

50. **Ѓорѓиевска, Г.** (1999). *Отпори и ограничувања во работата на училишниот педагог.* Скопје: Просветен работник. бр.868, 869, 870

51. **Đurišić, M.** (1981). *Školski pedagog u funkciji usavršavanja nastavnika.* Beograd: Ekonomika obrazovanja.br. 12 *Enciklopedijski rečnik pedagogije. (1963).* Zagreb: Matica Hrvatska.

52. **Enciklopepedijski recnik pedagogije**(1963). Zagreb:Matica Hrvatska.

53. **Завршен документ од VI конгрес на педагозите на Југославија.** (1986). Скопје: Просветно дело. бр.7-8

54. **Закон за воспитување и образование на децата од предучилишна возраст. (1974).** Скопје: „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", бр.45

55. **Закон за предучилишно и основно воспитание и образование.** (1983). Скопје: „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", бр.19

56. **Закон за заштита на децата.** (2000). Скопје: „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија". бр.98

57. **Закон за заштита на децата.** (2013). Скопје: „Службен весник на Република Македонија", бр.23

58. **Закон за основно образование.** (2004): „Службен весник на Република Македонија", бр.63

59. **Закоска, М.** (1979). *Професионалната ориентација во основните училиште и училишниот педагог.* Скопје:Просветно дело. бр.3-4

60. **Ignjatović, R**. (1969). *Psihološko-pedagoško služba u školama.* Sarajevo: Naša škola. br.9-10

